**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Единаесеттото продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 септември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа по 69-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Лилјана Поповска, Данаил Дончев, Тале Герамитчиоски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Радмила Шекеринска, Никола Рилкоски, Бесим Догани, Нада Станчевска, Благој Зашов, Горан Мисовски, Илија Китановски, Александар Николоски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Фазли Велију, Марјан Додовски и Весна Бендевска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со Предлгот за донесување на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик.

Бидејќи во саботата, најверојатно бил ковентиран вашиот говор колега Блерим Беџети, претпоставувам ќе продолжите со вашиот говор. Повелете, имате збор.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Јас ќе се потрудам да продолжам приближно онаму каде што застанав во саботата, иако постои опасност нешто да повторам, се со цел да се овозможи продолжување на моата дискусија.

Како што наведов, до бојкот на Собранието дојде како резултат на непочитување на начелото на Бадинтеровото начело, односно кога непосредно се наруши процедурата со Измените и дополнувањата на Законот за радио дифузија. По политичкиот мајски договор, чудно, овој закон се најде на усогласената листа. Тоа значи и овој закон да биде вметнат во 46-те закони што ќе се донесат на било каков начин со двојно гласање. Ова беше уште едно здраво образложение и објаснување, почитувани пратеници од мнозинството, затоа што вашиот пристап, паралело со двојното гласање, е многу чуден.

Изборниот законик не е незначаен, имајќи предвид дека, доколку има интервенции надвор од реалноста на Република Македонија, а која реалност постои, постои настојување и опасност да се засегне целиот политички систем. Ова е причината зошто ние интервениравме со 4100 амандмани, за да се сочува суштината на натпреварот во овие избори. Бидејќи предлагачот не не консултирал на ниту еден начин, можеби би било добро и сходно некој да не консултираше дали не е значајно, дали ќе се добие или изгуби, но значајно е да се натпреварува вака и се трудите да вградите една пракса по изборите од 5 јули.

Но, за изненадувањето и чудото да биде уште поголемо, јас, искрено ова не можам да го разберам. Еден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ излегува и кажува, декларира дека оваа политичка генерација одлучила, бидејќи Македонија не е истата, каква што била пред 2001 година, тоа значи дека оваа политичка генерација одлучила да направи вакви измени во Изборниот законик, за да го избегне пристапот за Македонија да биде бинационална држава. Додека другиот, албански партнер во актуелната Влада, велат дека победуваат Албанците со ова. Третиот партнер во актуелнава Влада, исто така имавме можност да слушнеме од претседателот на таа партија, истапува со сосема поинаков пристап.

Би било добро, најнапред, за волја на вашето парламентарно мнозинство, да го повлечето овој изборен законик и меѓусебно да се усогласите како позиција. А не да не ставате во дилема и нас и граѓаните дека, наводно, ќе победат Албанците или вака одлучила оваа политичка генерација на ВМРО-ДПМНЕ за на овој начин да помине ово Изборен законик, за тоа што не сака да дозволи Македонија да биде бинационална држава.

За Македонија да биде бинационална држава или да не биде бинационална држава, ова е сосема друго прашање, иако овие измени и дополнувања на Изборниот законик ги засегаат и овие прашања. Не случајно овие измени и дополнувања на Изборниот законик беа на Комисијата за политички систем и на Законодавно-правна комисија. Но, јас искрено жалам зошто пристапот во однос на парламентарното мнозинство, во однос на изменит и дополнувањата не се во насока да имаме пофер, подемократски избори и попрвилни.

Но, кој ќе победи? Овде јасно се гледа дека некој од партнерите, се извинувам на изразот, лаже. Не може истовремено да победи и политичката генрација на ВМРО-ДПМНЕ која одлучила на овој начин и албанската партија да рече дека Албанците ќе добијат со овие измени и дополнувања на Изборниот законик.

Дека изборите се база, основа на функционирањто на демократските системи во Република Македонија ова го докажува и порано кога сме имале разни бојкоти, од разни партии во Република Македонија. Овде не постои здравата логика на политичкиот пристап за да имаме вакви измени, како што во мојата дискусија во саботата ги нареков преседан од свој вид.

Вие, почитувани господа се трудите да наметнете дека на овој начин ќе се играат правилата на играта. Македонија има една ваква реалност, со која што многумина од колегите не се согласуваат. Уште еднаш ќе нагласам, а сум кажал и порано, Македонија е многуетничка држава, мултиетничка држава, сакале или не

сакале тоа да го признаеме. Тоа е наша реалност. Во согласност со овие работи ние треба да постапуваме во многу закони, со измени и дополнувања на други закони, без да се исклучи базичноста на демократијата, а тоа е Изборниот законик.

Ние излеговме со нашите предлози кажав, пак ќе повторам, дека излеговме најпрво за волја на самите себе си, поради политиката што ја прокламираме на транспарентен начин, бидејќи на тоа не задолжија нашите граѓани, бидејќи ни го дадоа мнозинството на нивните гласови, значи ни ја дадоа легитимноста да го браниме и да ги застапуваме интересите на граѓаните Албанци, но и интересите на другите граѓани на Република Македонија.

Од ова парламентарното мнозинство сме слушале често дека треба да се штеди. Еве, имаме еден предлог привлечен и по основ на елементот заштеда. Тоа ќе значи и економски поефтин за да се оствари, а тоа е Македонија да биде една изборна единица. Но, за да седнеме и разговараме за оваа работа што ја предлагаме, зошто не Македонија да има таков систем, да има дводомен Парламент?

Јас поставив прашање и во саботата, а денеска гледам дека е присутен заменик министерот за правда, а не министерот, се надевам дека во иднина самиот Никола Груевски, кој е идеен творец на овие измени и дополнувања на Изборниот законик ќе даде објаснување пред јавноста, каде се Албанците во Република Македонија.

Овде се труди ВМРО-ДПМНЕ да се покажат како широкогради без да ги консултираат тие кои треба да бидат консултирани за вакви радикални измени. За чудо, колку сум информиран од моите колеги, ВМРО-ДПМНЕ имаше многу добра шанса и порано, идеална, да направи вакви измени, измени од овој тип, од аспект на позиција и опозиција, без да се исклучат и другите партии од ова парламентарно мнозинство. Доколку е ова од голема полза и е неопходно, но и неприкосновено да се одрази мултиетничноста на Македонија, ова можеше да го направи, со вакви предлози и во периодот на минатиот мандат кога имаше измени и дополнувања на Изборниот законик. Ова, според мене е уште еден доказ дека овие измени и дополнувања не се искрени, без да се исклучат етникумите кои се под 20%.

Тука се јавува големата дилема, почитувани присутни, зошто ние се залагаме и за цело време велиме дека не е во ред донесување на било какви закони зо спротивност со духот на Охридскиот договор. Многумина велат дека оваа реченица што ја употребуваме, Охридски дух, не е напишано во Охридскиот договор или не е во Уставот преточено. И, ако е така, на сите ни е јасно што значи зборот “дух на Охридскиот договор”. За да имаме ваков пристап треба Охридскиот договор да се признае како целосен, треба да се почитува и несомнено треба да се манифестира политичка волја било од парламентарното мнозинство, било на опозициските партии, паралелно со Охридскиот договор.

Ние, како парламентарна група не сакаме да дојдеме до ситуација да ние или опозициските партии да бидат заштитници на Охридскиот рамковен договор. Во демократските логики, парламентарните мнозинства подразбираат дека треба да им претходат на играта наречена Охридски договор бидејќи тоа е обврска на Република Македонија. Со вакви логики дека една политичка генерација одлучила да не дозволи поинаку, како што Албанците да бидат втор народ во Република Македонија, но доколку и Албанците одлучиле поинаку, било и од порано да одлучиле дека нема да дозволат некој друг да одлучува за институционалните текови, политичките и демократските во оваа држава, тогаш каде е иднинат на оваа држава? Каде е перспективата на Република Македонија?

Во тој случај, колку што јас знам овие работи не одат со еднострани одлуки. Бидејќи во физиката има едно правило дека секоја реакција предизвикува контрареакција, затоа би ве замолил да бидете повнимателни и да има еден пореален пристап.

Имаме можност еднаш да седнеме и да констатираме дали имаме потреба од изменување и дополнувања на Изборниот законик. За да се случи ова, неопходно е да се повлече овој Изборен законик. Најпрво да седнеме да разговараме дали имаме потреба во Република Македонија да се измени и дополни Изборниот законик без да се исклучат и политичките партии од етникумите под 20% во Република Македонија. Понатаму, да отпочнеме со широка јавна расправа на вонпарламентарните партии, со парламентарните партии, итн, со невладините здруженија, односно со граѓанскиот сектор за да расправаме и дебатираме  кој треба да биде пристапот во однос на измените и дополнувањата на Изборниот законик. Дури потоа да дојдеме овде, со еден политички консензус од висок степен да се донесат измните и дополнувањата. Бидејќи, во спротивно секогаш ќе го имате одговорот што го имавте, што ве принуди, за што сум убеден, дека ова не го направивте случајно.

Ова дојде, законот да оди во две фази, како резултат на нашите поднесени 4100 амандмани. Зошто да комуницираме на овој начин, кога имаме подобри начини на комуникација? Искрено, ниту јас, ниту нашата парламентарна група не можеме да го разбереме вашиот пристап. Сте понудиле 10 гарантирани места, сте понудиле три места за дијаспората, без да разговарате со нас за ова прашање, како да ние не сме значајни во политичката арена на Република Македонија. Колку пати треба да ви повториме дека позади нашата парламентарна група стојат мнозинството албанци гласачи во Република Македонија. Како што вие се повикувате дека сте ги добиле изборите на

паралментарните избори 206 година. Тогаш доколку вие мислите да одите со оваа тврдоглавост би било добро, ќе ве потсетам, да додадете уште една реченица, да најдете простот, дека не е значајно кој ќе победи, туку е значајно да се натпреварува на парламентарни избор што ќе се одржат во иднина во Република Македонија.

За волја на реалноста, мислам дека во саботата не беа присутни сите претставници на етникумите под 20%, односно понудата што им се нуди за гарантирани места и прокламирање на мнозинството, најпрво преку нивниот портпарол Ивица Боцевски дека наводно ние сме биле против ова помалите етнички заедници да имаат 10 грантирани места. Мислам дека од моите колеги ова се зачна, а јас ќе повторам.

Попусто ви е да создадете електризирање и поделби. Албанците во Република Македонија се докажале и порано дека немаат ниту еден проблем, ниту можат да бидат против заедниците под 20%. Јас сум длабоко убеден дека ниту политичките пртеставници на заедниците под 20% не можат да бидат за некој изборен законик, за кој изборен законик сметаме дека е на штета на Албанците.

Сте понудиле можност да додат три партеници од дијаспората. За жал, Република Македонија, се уште ја нема комплетирано мрежата на дипломатско конзуларни претставништа. Има многу да се расправа во однос на ова, многу нешта, многу работи за овие измени и дополнувања, за оваа понуда, но верувајте ми не можам да си дозволам и во неколку други точки што се предложени,кога треба да се имаат предвид овие два заначајни елементи што не засегаат и нас. Кога ќе се пречекорат овие начела, лесно е да се договорат и политичките партии и пратениците во однос на изменит и дополнувањата.

Значајно е еднаш да разговараме. Лично, не слушнав од никого како ќе се организираат изборите во Африка. Може и таму има граѓани на Република Македонија. Како ќе се организриаат во Азија, како во  Австралија, како во Европа, како во Канада, како во Америка. Нели е доста со овој популистички пристап дека ќе правиме ова, ќе правиме ова и други работи. Немаме намера како парламентарна група да станеме гласачка машинерија на ВМРО-ДПМНЕ, се што ветила таа, ние да ги исполниме нивните ветувања. А, во овој случај, имајќи предвид дека ова е на штета на политичките процеси за албанската заедница во Република Македонија.

Во што е логиката да се предложи три мандати да имаат? Можеби треба повеќе места. Вие не сте седнале па да разговарате. Кога ќе седмеме да разговараме, кога ќе аргументирате дека еве, јасм мислам треба да има повеќе мандати од дијаспората.

Вие сами сте констатирале и сакате сами да ги донесете овие измени,  кои ни ги предложивте. Ви велам дека грешите.

Вашата цел, почитувани пристунти од парламентарното мноизнство е провидна. Никој не расправаше и дебатираше, освен господинот Петковски за Македонија една изборна единица. Еве да ги дадеме аргументите дека со Македонија една изборна единица дали ќе се постигне целта на политичката застапеност на заедниците кои се под 20%. Дали треба да има праг или не треба да има праг, ова е прашање за кое треба да расправаме.

Сакам јавно да ви кажам на сите тие  кои сакаат, тежината на начелото на Бадинтер да не падне, без да се исклучат и петставниците на заедниците кои по број се под 20% и да се постигне правична и соодветна застапенсот на немнозинската заедница, како што сака некој тоа само вака да го искаже, ова е само до колку останеме во духот на Оридскиот рамковен договор. И, реални можности од ова природа се, ние така мислиме Македонија да биде една изборна единица. Зошто го поставив прашањето, не дека не ми е јасно дека е на правен начин, но жалам дека вие почитуван заменик министер не верувам дека сте биле дел од играта за овие измени и дополнувања на Изборниот законик. Се надевам дека ги должите на јавноста, тој што ја подготвил оваа работа, а ние сме длабоко убедени дека е тоа Никола Груевски, да ни објасни било правно или политички со овие измени и дополнувања на Изборниот законик, кога во договорот што го прокламираат имаат право што се бунат претставниците на заедниците кои се под 20% дека сето тоа го претвори во пазарење, како што го плокрамира сам Никола Груевски преку медиумите, лиферирајќи ги овие инфорамции дека се постигна согласност на Бадентеровото начело и ќе се комлетира Судскиот совет на Република Македонија. Но, почитуван господине Петковски и ова е легитимно да се трудите, но исто така многу е легитимно и од наша страна да поднесеме 4100 амандмани, 8200 во втората фаза, до колку е легитимно и работа на пазарење, ние ова ќе го направиме длабоко убедени и со голема гордост, штитејќи ги политичките интереси на граѓаните кои ни го дадоа гласот и правото да ги застапуваме, но и обврската да ги застапуваме на достоен начин. Каде е албанската заедница во Република Македонија, имајќи го предвид тоа дека неколку договори многу брзо почнуваат да се реализираат во Република Македонија.

Амандманот 5 од Уставот на Република Македонија, во вториот став вели: “Друг јазик кој што зборуваат најмалку 20% од граѓаните, исто така е службен јазик и неговото писмо, како што е определено со овој член”. И, би сакал да расправаме по овој сегмент. До колку сакате да ја отсликате мултиетничноста во Република Македонија , би било добро бидејќи имаме политички договор, колклу што знам јас, кој го засега и ова прашање од јазикот, а не заборавајте дека Изборниот законик го засега политичкиот систем на Република Македонија.

Ова го кажа еден од колегите од парламентарна група дека не е исто во 120 пратеници да имаш 30 пратеници и во 133 да имаш 25 пратеници. Не знам од каде го земате правото или храброста, би одел и подалеку да ни ја потцените интелегенцијата и да мислите дека на толку наивен начин, ние ќе го прифатиме сето тоа, работите за кои мислите вие дека треба да поминат.

Јас сакам да пријдам кон друга тема. Дали мислите, почитувани коелги од парламентарното мнозинство дека овој начин е минато за Република Македонија, начинот на наметнување. Од конфликтот во 2001 година најголемата придобивка од правен аспект на уставните измени е токму механизмот на двојното гласање. Дали не се раните почетоци на ревидирањето на Уставот и уставните измени. До колку е така, ве уверувам дека е на штета на Република Македонија. Вие преку вашите прсти Ќе можете да го достигнете тоа и да ги редефенирате овие работи. Но, за жал, Уставот на Република Македонија не се измени преку прстите на пратениците, ниту на Албанците, ниту на Македонците. Уставот се измени преку прстите, но понатаму после неколку процеси кои се случија, кои од оваа временска дистанца може да се смета некој ќе го земе правото да рече дека немало потреба од тоа. Но, еве, за жал, времето го демантира спротивното. Логиката на наметнување и искривување, посебно кога парламентарното мнозинство го нарушува Уставот и се труди да го ревидира истиот, јас лично и нашата парламентарна група нема ништо против колешката Анита Кипаризова, бидејки во животот никогаш приватно не сме се соочиле со нешто. За жал, ова парламентарното мнозинство покажа или се труди да се докаже дека е мајстор на математички пресметки. Ова се повторува по втор пат. Еднаш само за да се добие контролата врз Комитетот за меѓуетнички односи, преку ноќ се јави дека сме имале еден пратеник, пратеничка влаинка. Може да има и двајца и тројца, немам ништо против и би било добро Анита Кипаризовска да ги брани интересите на Власите. Но, за чудо и тогаш и сега велам дека таа порано беше произнесена дека е Македонка и сето ова се расправа на хипотетички начин. Еве, да речеме дека во идниот мандат ќе дојде пратеник на кого двајцата родители му се од различни етникуми. Едниот може да биде од етникум кој може да гласа со Баденторовото начело, апорано е произнесен, деклариран дека е Македонец или нешто друго.

Добро, почитувани господа, ова начело на Бадинтер вие не треба да не го сакате, тоа начело е дел, уставна категорија. Вие до колку се трудите да го запоставите Бадентеровото начело, двојното гласање, кое јас знам и ќе го повторам, е заштитен механизам од надгласување. Тогаш, јас одс овде ќе им кажам на Албанците дека нема ништо од тие уставни измени, за кои се вели Охридскиот договор, дека патот на Македонија кон евроатланските интеграции е преку Охридскиот договор. До колку се наруши на било кој начин, било на тие легитимни со кои преку разни математики се трудите да го направите тоа, јас го земам правото да ги уверам Албанците во Република Македонија дека Охридскиот договор не е никаква придобивка, ниту еден милиметар или сантиметар за Албанците. Секако до колку велам се направи ова. За цело време провоцирате со чекори во однос на Бадинтеровото начело. Со разни популистички декларации не расправата ниту од правен аспект, ниту од економски аспект дека наводно како би ни бил поефтин овој модел кој нии се нуди сега. Во оваа насока која многу Никола Груевски сака да каже дека штеди, еве да направиме една споредба од економски аспект, кој модел е поефтин и поприфатлив и кој може да се оствари, за да имаме редовни, демократски и фер избори. Значајно е да нема оспорувања како што имаше порано и како што има и сега, каде за мнозинството на Албанците во Република Македонија оваа Влада е нелегитимна. Дали ова е добро за Македонија? Имаше и порано, сакам да ве потсетам дека имаше разни бојкоти и порано кои не ја познаваа оваа Влада, а ова го знаат предлагачите дека имало такви нешта. Еден старец еднаш ми рече дека е многу лесно да комуницираш и да се договориш со еден човек кој не слуша, односно кој е глув, Но, многу е тешко на било кој јазик да комуницирате, на заеднички да комуницирате, не е глув, но не сака да те слушне. За жал, и сега состојбата е иста и ми рекол дека никогаш нема да се договорите во интеркомуникација меѓу двајца граѓани. Кога едниот не искажува спремност да го сослуша, не дека не може да слуша или да го сослуша и во оваа прилика, имајќи ги предвид произнесувањата, разните произнесувања и декларации, откога се отвори оваа расправа и излагањето на праениците од мнозинството за некоја реплика за да не обвинат, а ниту на еден начин да ги заштитат измените и дополнувањата на Изборниот законик, може да ви се случи, како што имавте една пофалба од минситерот за здравство, кога има реперкусии и кога паѓа на Уставниот суд, да каже дека пратениците се тие кои го изгласаа тоа. Формалноправно и така е. Пратениците ги гласаат законите. Но готвачите се на друго место, Да викажам дека не е во агендата на Република Македонија паралелно со евроинтегрирачките процеси веќе отворено јасно е дека нема дипломатски претставник, аналитичари новинари и т.н. кои ни најавија пред да се поднесе во Собрание овој Изборен законик и ова ја зајакнува нашата убеденост, во однос на нашите дилеми кои сме ги искажале и гикажуваме дека зошто ова парламентарното мнозинство го прави ова. Дали речиси од овие измени и дополнувања зависи нашето членство во НАТО и Европската унија или да одиме малку подалеку, за да имаме еден позитивен извештај од европската комисија.

Јас ќе завршам за да зрачите, велејки ви да зрачите политичка волја, бидјеки не е трагично,

ниту срамно да прифатите дека сте погрешиле. И, нема да биде ниту крајот на политичкиот живот ако прифатите нешто такво дека сте нарпавиле голема грешка да ги повлечете измените и дополнувањата во однос на Изборниот законик, да ги однесете од каде што ни ги донесовте, да ги повикате политичките партии, разни асоцијации граѓански, а зошто не и да се консултирате со искуството од други држави, за да може еднаш да се констатира дали има потреба од измени и дополнувања на Изборниот законик и понатаму да им пријдеме на овие измени, а не вие да удирате на тапанот, а сите други да играат по ваша игра или како што сакате вие.

Јас сум длабоко убеден дека и еден многу млад, помалку искусен, нема да ја направи оваа грешка. И, не ми изгледа како грешка, па тука се и нашите дилеми дека ова го правите намерно, значи ова е намерна ваша грешка. Ако намерно ја правите оваа работа, ви честитам, да се повлечете, но ако не сакате да се повлечете од сето ова, ви посакувам да продолжите и да го одиграте вашиот пат до крај. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има реплики.

Повелете вашите три минути, господине Андов.

**Стојан Андов:** Не е моето реплика на излагањето на господинот Беџети, туку еден вид процедурална сугестија.

Мислам дека нам сега ни почна последната недела, ова е прв работен ден од оваа недела ког аистекува можноста да влијаеме со некои наши одлуки овде на текстот што ќе биде утврден во извештајот на Европската комисија и ќе биде презентиран пред Советот на минситрите.

Ние мораме да знаеме дали ќе ја трошиме оваа недела на бескрајни дискусии по оваа точка или ќе направиме и нешто навистина корисно што поскоро да завршиме по оваа точка и да направиме уште некој напор, уште некој придонес да дадеме, уште некоја одлука да донесеме, која ќе означи дека ние сакаме нешто да подобриме во оваа држава.

Затоа, мислам дека е потребно претседателот на Собранието да ги собере координаторите и да падне одлука дали е ова последен ден и тоа да се соопшти, да знае и јавноста и ние да знаеме. Инаку, мислам дека се правиме како да не сме свесни во која земја живееме и во ое време сега се надеваме и да делуваме и што не чека нас сега.

Предлагам претседателот да ги свика координаторите и да не информира и нас и јавноста, затоа што ние не знаеме. Ни беше соопштено дека ќе работиме во недела, после не работиме во недела, еве да видиме дали сме пропуштиле нешто крупно заради тоа, за да знаеме како стојат работите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Еве ваков е мојот одговор, мое право е да одговорам веднаш на секоја процедурална интервенција, господине Беџети, така е редот Деловнички. Мојот одговор е следниот, 90% од она што го кажавте со исклучок на известувањето е веќе нарпавено на саботната координација, на која се договоривем во недела да не работиме, меѓутоа да ја привршиме дискусијата денес. А и денес ако треба јас ќе гледам како ќе оди темпото на дискусијата и ќе закажам уште една координација.

Тоа е нашето решение консензуално на координација во сабота. Сега, јас мислам дека е преурането од сега да се драматизира тоа уште еднаш, но ќе направиме уште една координација, да видиме до каде сме бидејќи постоеше општа согласност да прифршувате. Не правевме сценарија, рокови, говорници, тоа ни се стори премногу ригидно и џентламенското разбирање е без такви ригидни дејствија, без кратење итн да направиме сите еден напор.

Јас сум се уште оптимист мислам таа цел може да се оствари.

Во вториот дел, само што заврши координацијата, откако ги поделивме сите заостанати седници во кои има европски закони, се договоривме следната седница да биде искомпонирана исклучиво од европските закони, со екстраполирање од секоја седница, да ги екстрополираме законите што се однесуваат на Европа и ќе имаме една или две седници комплетно со европски закони.

Значи, тоа е, после информацијата што не е дадена. Тоа е отприлика се што е направено.

Инаку, да ви кажам дека немаше време кога информацијата да се даде, тоа беше сабота, па во недела да свикувам седница, да ве инкомодирам, не, но тоа е.

И денес беше координација на која се договоривме за следната седница заеднички да го направиме дневиот ред. На тркалезна маса сите координатори на сите партии. Тоа беше договорот.

Тоа е исцрпниот процедурален одговор кој е 100% точен.

За збор се јави господинот ...

(Пратеник бара збор процедурално)

На процедурално не може реплика. Жал ми е, но искористете ја репликата покасно, деловнички на процедурална интервенција нема процедурално.

(Пратеникот и понатаму настојува да добие збор)

Значи, контра реплика можете да имате, не реплика.

Една минута повелете.

(Реакција на пратениците во салата)

Добро, добро, да не правиме зла крв за една минута.

Повелете господине Беџети. Ако одиме договорно да работиме да работиме, повелете една минута не е цел к'смет.

**Блерим Беџети:** Договорно, јас ви велам. Јас многу добро го сфатив.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, имате контра реплика.

**Блерим Беџети:** А, бе, немој да зборуваш од место. Ако сакаш барај збор.

**Љубиша Георгиевски:** Не, не.

**Блерим Беџети:** Па, што се обраќаш.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Беџети ...

**Блерим Беџети:** Одржете ред, нека не се обраќаат.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Беџети само ви дадов збор. Имате збор, контра реплика една минута, повелете. Зошто сега дискутираме. Нема проблем, нема зошто да дискутираме. Повелете.

**Блерим Беџети:** Мене не ми треба ниту една минута. Добро е да се почитува Деловникот, многу убаво слушнав кога рече реплика, но повторно рече дека е процедурално и не знам зошто го увеличувате тоа токму многу. Јас токму тоа ви го реков господине Андов. Сите колеги од мојата група го велат тоа, нека се повлече Изборниот законик од дневен ред и да се фокусираме на една европска агенда.

Уште еднаш ќе повторам. Не е грев и страв од ова мнозинство ако признае дека погрешило. Погрешило, имало погрешна прогноза овде и што. Повлечете го законот не за нас, туку за вас и за Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави господин Андреј Жерновски, повелете.

Се извинувам, процедурално за збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

Се извинувам господине Жерновски.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, јас очекував друг одговор да дадете на процедурална забелешка и да бидете коректен спрема останатите пратеници кои што апелираа изминатите денови токму заради тоа што знаат во која држава живееме и во кое време живееме и кои се приоритетите во ова време во Република Македонија да се прекине расправата по Изборниот законик и да продолжиме со седници кои што содржат на себе закони од Европската унија.

Меѓутоа, од необјасниви причини, вие не објаснивте зошто е толку итно и приоритетно донесувањето на Изборниот законик во овој момент, па дури да работиме и во сабота, што е исклучително ретка пракса и се практикува за итни случаи кога станува збор за врвни приоритети за националните интереси на Република Македонија.

За жал ние не добивме такво објаснување зошто Изборниот законик во овој момент е врвен приоритет за ВМРО-ДПМНЕ и Груевски и затоа ве молам да бидете коректен и во иднина да давате покоректни одговори на процедуралните прашања и да ги уважувате барањата кои што другите пратеници во изминатиот период ги давале. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Еве го мојот одговор.

Ја не бирав дали ќе дадам коректен или некоректен одговор. Јас би бил среќен, јас ја кажав вистината договорена помеѓу осум шефови на пратенички групи односно помеѓу шест и плус господата претставници на делот од Турскиот народ, на делот од Српскиот народ итн.

Значи, тоа е вистината што ја кажувам сега, а не коректно или некоректно.

Господине Андреј черновски, повелете.

(Процедурално бара збор пратеникот Слободан Најдовски)

Повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе,

Мојата забелешка е вистински процедурална.

Имав еден покоен наставник, Бог да му душа прости ми велеше во основно училиште "У очи Божиќу прасе се не гоји".

**Љубиша Георгиевски:** Погрешивте во падежот. Се вели "У очи Божиќа..."

**Слободан Најдовски:** Може претседателе на македонски е "Во очи на Божик, прасе не се тови".

Од февруари месец 20 седници ви имам побарано да дојдат тие закони на дневен ред и сега сакате заедно со премиерот да ја префрлите одговорноста на пратениците и на парламентарното мнозинство и на опозицијата. Погрешен е правецот господине претседателе. Дали ќе работиме и сабота и недела не, требаше досега да работиме. Јас сум спремен и сега да работиме, но многу погрешивте вие, парламентарното мнозинство кога тоа не го прифаќавте. А се со цел премиерот да докаже дека ги доставил законите овде, а пратениците се тие кои што каснат.

Од овие закони најмалку сега зависи извештајот на Европската комисија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Тоа точно беше речено.

Господине Андреј Жрновски, повелете имате збор.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Мојата дискусија одлично ќе се надоврзе, барем според мое мислење на интервенцијата на претставникот на парламентарното мнозинство, точно поврзано со тоа дали имаше потреба денеска, или цел овој период да го разгледуваме овој предлог од страна на Владата на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Има една земја во Европа каде што во Собранието на дневен ред е даден проектот за промена на Изборниот законик. Земја каде што тој проект воопшто не е дискутиран со опозицијата, земја која што тој проект воопшто не го усогласила со меѓународните организации кои што се повикани и онаму каде што членуваме и онаму каде што сакаме да членуваме. За жал таа земја е Република Македонија.

Ако се земе во предвид начинот на кој што го имаме овој проект пред нас за расправа, а тоа е

без соработка и дијалог со опозицијата, без соработка и дијалог со меѓународните организации се поставува прашањето дали некој во Владата на Република Македонија намерно го прави ова, или ова го прави од незнаење и чисто несериозен односно непрактичен пристап кон работите.

Кој и да е одговорот на ова прашање, дали првиот или вториот едно е јасно. Тој одговор е штетен, штетен затоа што упорно, упорно и упорно се туркаат проекти кои што не се дел од Европската унија и НАТО агендата на Република Македонија, тврдоглаво, тврдоглаво и тврдоглаво се туркаат проекти во Собранието на Република Македонија кои не се дел од агендата на Европската унија и НАТО, во период кога сите, токму таму ни кажувааат дека ова е круцијалната недела, ова е круцијалниот месец за влезот во НАТО односно да добиеме покана за позитивниот и за негативниот, а по се изгледа и реалниот извештај кој што ќе го добиеме од страна на Европската комисија и кој што всушност, ако сакате да знаете од практични искуства тој е веќе готов.

Особено е штетно земајќи ја во предвид изјавата на претставникот на ОБСЕ ден пред ова да дојде на расправа во Собранието на Република Македонија, каде што претставникот на ОБСЕ и ОДХР изјави, цитирам "не се консултирани за овој законски предлог", и да потсетам, сакам Владата да ме поправи односно претставникот на Владата, "Владата на Република Македонија започна проект со ОБСЕ и ОДХР", тоа беше некаде јуни-јули месец, каде што на разговор се надминување на нерегуларностите во врска со гласањето, изборниот список да прејде од Министерството за правда во Државната изборна комисија и финансирањето на политичките кампањи, бидејќи тоа сеуште не е на она ниво на кое што сакаме.

На сред таков потпишан договор господине претставник на Владата, Владата на Република Македонија се одлучува да даде предлог за изборен законик со кој што како прво не се информирани оние со кои што е потпишан договор и да започне дискусија за нешто за што всушност не станало збор во целиот тој период, а направени се работни групи и знаете дека требаше претставници од политичките партии на тој семинар каде што се кажуваше дека допрва следат измени, меѓутоа тоа Владата не го зема во предвид. И понатаму, ако се земат предвид ставовите на Венецијанската комисија која што работи при Советот на Европа, ставовите на Венецијанската комисија, тука е подвлечено дека се воедно и ставови на Советот на Европа, бидејќи таму е член и исто така на ОБСЕ и на ОДХР, воопшто не се земени предвид со што се поставува прашањето зошто воопшто Владата бара сугестии, бара мислење, зошто се консултира со Советот на Европа, односно Венецијанската комисија, односно во овој случај и со ОБСЕ и ОДХР, кога воопшто не ги зема тие работи предвид.

Од сето ова можеме да заклучиме дека имаме прилично, прилично несериозен однос од страна на Владата на Република Македонија кон ова прашање, кон оние организации каде што сме веќе членови десетина години и оние организации каде што сакаме да бидеме член.

Ние сакаме да влеземе во Европската унија и НАТО и ни велат направете го политичкиот дијалог, направете консензус за сите проекти кои што сакате да ги промовирате како Влада на Република Македонија.

Но, што се случува кај нас, ако можам да го изразам тоа со некој пример.

Во политичкиот систем Брисел во овој актуелен момент лоцира дека имаме две дупки. Едната дупка е реформата во судството, другата дупка е политичкиот дијалог односно консензус. Ние не само што не ги закопуваме тие дупки, туку отвораме како Влада на Република Македонија две нови дупки. Сега едната дупка е политичкиот договор Груевски - Ахмети, затоа што кога јас овде од име на ЛДП зборував дека ќе стане политички критериум и Владата и парламентарното мнозинство не веруваше дека тоа не е политички нов момент и критериум за Република Македонија и уште една дупка, како што е сега Изборниот законик.

Некој ќе каже момчето што овде зборува е опозиционер, тој си има свои ставови и тие не се веродостојни, но јас ќе се обидам како и секогаш досега, некогаш успевам, некогаш не тоа да го поткрепам со аргументи.

Минатата недела во седиштето на НАТО се одржа состанок каде што нас не презентираше претставникот на Владата на Република Македонија, специјалниот пратеник за алијансата, господинот Никола Димитров, кој што ја презентираше Годишната национална програма за членство.

Внимавајте, на пратешањето околу Изборниот законик кое стана актуелно деновиве во НАТО, да не заборавaме, зборуваме за политичкиот момент, бидејќи фалат, многу ни рекоа дека другите реформи од одбраната се исполнети, тие се прашуваат што и требаше на Владата да го предложи сега Изборниот законик и да си отвори сериозен внатрешен проблем во моментот кога е најмалку потребно.

Да ја видиме изјавата на Никола Димитров, специјален претставник на Владата на Република Македонија "Овде имаме многу пријатели и ако изиграме внимателно наредните месеци ќе бидеме дел од НАТО, но од нас се бара да нема изненадување во Македонија и проблемите да ги решиме во системот и со градење на култура на компромис"

Изненадување има, Изборен законик кој што нормално повлекува сериозна дебата, не само во политичките партии туку гледано и меѓу етничките заедници во Република Македонија, нов политички проблем кога треба да ги решиме оние што ни стојат пред нас.

Јас уверував тука дека тој ќе ни стане како дополнителен проблем, мислам договорот Груевски-Ахмети, Владата велеше не, еве ја изјавата на Никола Димитров “Бараат од нас во овој момент прогрес во однос на компромисот со ДУИ”. Ова политички критериум е или не е политички критериум. Стана критериум на Република Македонија, или не стана? Бараат исполнување на Мајскиот договор Груевски-Ахмети. Опозицијата укажуваше на тоа, вие не сакавте да го примите.

Оттаму ако го разгледаме Извештајот кој што сеуште е актуелен за Република Македонија од страна на Советот на Европа, каде што сме членови на страница 6 се вели “Европската комисија од одредени земји членки на Европската унија”, ова е во февруари напишано “Го споделуваат мислењето дека новата Влада не ја разбрала во целост важноста да се сконцентрира на Копенгашките критериуми”, уште во февруари е напишано. Не само што не е сконцентрирана, туку се отвораат нови и нови проблеми.

Понатаму, член 20, сегашната Влада и собранискотo мнозинство мора да негуваат поинтензивен политички дијалог со опозицијата и да настојуваат да се постигне консензус на одреден број на реформи во интерес на политичката стабилност на земјата.

Ништо од тоа не е извлечено како поука.

Понатаму, иако на хартија се чини дека реформите се движат напред кога состојбата ќе се разгледа потемелно ќе се види дека е потребно процесот понатаму да зајакне, а пред се да зајакне и имплементацијата на реформите.

Владата и собранискотo мнозинство ќе мора да го одржат темпото на реформи и сериозно да продолжат со работа на постигнување на политичкиот консензус за да може да продолжат реформите.

И Македонија, под 36, мора целосно да ги имплементира инструментите на Советот на Европа, затоа што сме членка.

Оттаму почитувани дами и господа прилично некоректна е изјавата на премиерот кој што во разговорот со првиот меѓу еднаквите, господинот кој што седи позади мене, почитуваниот претседател на Владата на Република Македонија на средбата ја дава следната изјава: “Побаравме од Георгиевски...” визави Изборниот законик, “Европските закони во наредниот период да добијат приоритет и колку што е можно побрзо да бидат усвоени од Парламентот, бидејќи гледаме дека пратениците од опозицијата продолжуваат со практиката за поставување на точки што немаат врска со Европската унија и НАТО”.

Јас се извинувам, кој ја постави оваа точка. Опозицијата? Опозицијата со поставување на оваа точка на дневен ред се обидувала да го закочи нашиот пат према Европската унија и НАТО. И тоа дава изјава премиерот за точка која што ја предлага самиот тој, за да на крај изјави, бара од Георгиевски, од нашиот претседател да направи се што е во негова моќ законите што ги подготвила Владата во рекордно време да ги испрати во Парламентот. Значи, нашиот претседател да бара од Владата законите да дојдат во Парламентот. Но, тоа се случува во Република Македонија. Владата дава предлог и потоа да ја обвини опозицијата дека таа го дала овој проблематичен закон кој што нормално предизвикува дискусија во Парламентот. Сепак ќе ја пофалам Владата, добро е што се корегира, добро е што ги прифати грешките, но се поставува прашањето зошто мораше прво да претрпи сериозни критики од домашната јавност, сериозни критики од меѓународната јавност, сериозни критики од опозицијата за да увиди дека треба во најмала рака да оди овој проект во две фази.

Една од моите односно нашите како ЛДП најголеми забелешки, оваа Влада се промовира и успеа на почетокот да остави впечаток дека е Влада која работи транспарентно. Транспарентно не значи само да ги отворите седниците да ги гледа македонската јавност. Транспарентност значи секој проект, особено ваков крупен, сериозен, чувствителен, да го дадете на увид на јавноста, да се организираат политичките дебати, да се организираат стручни дебати, односно како што се вели на стручна расправа.

Овој закон не отиде на дебата во јавноста, што значи дека не можам да се согласам дека е ова транспарентна Влада. Транспарентна влада ќе побараше стручно мислење и политичко мислење од сите субјекти во Република Македонија.

Но, да почнеме што е пред нас, јас реков дека ЛДП прв пат дискутира, но нема да дискутира долго, да почнеме со загарантираните пратенички места.

Мислам дека е сосема погрешна тезата на дел од колегите со кои порано бевме во коалиција, дека ВМРО-ДПМНЕ, цитирам, ги искористила пратениците од помалите етнички заедници. Мислам дека е прилично навредливо, ниту господинот Неждет Мустафа ниту господинот Кенан Хасипи ниту господинот Иван Стоилковиќ се наивни политичари. Напротив. На сите нив ова им е втор мандат како пратеници во Собранието на Република Македонија.

Јас сум сигурен дека всушност е сосема обратно. Дека тие, ќе ставам во наводници, го искористија моментот во кој се наоѓа Владата на Република Македонија и впрочем имавме такви изјави од нив во јавноста и на лидерската средба. Секој од нас да се најдеше во таква ситуација ќе постапеше според таа логичка политичка димензија. Тоа е логички чекор да го искористите моментот кога знаете дека на Владата на Република Македонија односно на парламентарното мнозинство и е потребен број за да можат да поминат законите со двојното мнозинство односно Бадентер. И секој тоа од нас ќе го направеше.

Она што го кажа министерот тезата дека ова не се прави поради Бадентер, мислам дека не веруваат и оние кои почнаа да одат сега во деветолетката.

Има две карактеристики на оваа дебата, на оваа прва тема - загарантираните пратенички места. Тоа е дефанзивата на колегите од СДСМ, од офанзивата што ја наметнаа успешно пратениците на ВМРО-ДПМНЕ кои се бранат дека не се против загарантирани места на сите заедници и дека не се против гласањето на дијаспората.

Од друга страна, втората карактеристика, желбата на ВМРО-ДПМНЕ да ни објасни дека ова е затоа што тие имаат во овој момент конечно после толку долго време функционирање, делување на политичката сцена на Република Македонија дошле од еднаш преку ноќ до сознание до сериозно чувство за етничките заедници, дека треба да ги инкорпорираат во политичкиот систем на Република Македонија. Тоа секому од нас овде и на јавноста им е сосема јасно дека не е така.

Специјалните изјави на Љубчо Георгиевски кога кажуваше дека не може во Република Македонија во политиката и во новинарството да ни одлучуваат луѓе кои се презиваат на иќ, па ги цитираше Павловиќ, мислеше на Латас, па директорката на МРТВ Стошиќ и како припадник на турската заедница Ризаов.

Овде беше добро посочено од еден колега на СДСМ, погледнете во овој момент колку има пратеници од ВМРО-ДПМНЕ во ова Собрание кои се претставници на етничките заедници, тоа е еден, во однос на коалицијата во која ние порано членувавме и со која настапивме на изборите каде имате сериозна бројка со квалитетни пратеници застапени во Собранието на Република Македонија. Дека преку ноќ нешто се случило, не верувам. Политиката на ВМРО-ДПМНЕ е позната, таа е легитимна, меѓутоа, како таква оценета од домашната и стручната јавност.

За ЛДП ова е прилично јасна тема, вие знаете дека политичкиот вокабулар со кој зборува ЛДП или партиите на центарот се базира на граѓанскиот концепт. Граѓанин-поединецот го носи авторитетот и е главен субјект во целиот систем кај нас во Република Македонија.

Оттаму за нас воопшто нема дилема дали треба да има квоти или не треба да има квоти. Кога ЛДП го негува принципот да бидат застапени поединци, индивидуалци, а не врз основа на квоти дали се мажи или жени, дали се припадници од оваа или онаа вероисповест, дали се припадници на оваа или онаа етничка заедица.

Факт еден е дека Република Македонија немала среќа до сега кога објавувала квоти, факт број два е точно, се согласувам со нашите колеги бидејќи Охридскиот рамковен договор фаворизира две заедници. Всушност се однесува на двете доминантни заедници најголемата македонската потоа втората албанската. Факт е дека треба да се направи нешто во врска со Турците, Ромите, Србите, Бошњаците и Власите во Република Македонија. Меѓутоа, што велат експертите, што вели Меѓународната заедница по ова прашање?

За жал, Владата експертите не сакаше да ги слушне и сеуште не сака да ги слушне.

Јас имав можност да бидам претставник не како Република Македонија, туку претставник на групацијата на Либералдемократи во Советот на Европа во мониторинг мисијата. Извештајот за Република Македонија воопшто не дојде на дневен ред, туку претседателот на Мониторинг комисијата кој е известител за Република Македонија и добро е што е известител, веднаш почна да зборува за новото нешто што се случува во Република Македонија, за Предлогот за измена во Изборниот закон каде, јас го кажав тоа, можеби некој го забележал, каде се менува архитектурата на Охридскиот рамковен договор. Понатаму цитирам, дека со менување на архитектурата на Охридскиот рамковен договор со влегување на функционирање на принципот на Бадентер всушност се удира врз стабилноста на состојбата во Република Македонија.

Понатаму за крај дека треба да има за вакви чувствителни прашања консензус помеѓу политичките партии и на крај вели дека Советот на Европа со внимание ќе го следи развојот на настаните.

Но, што велат домашните експерти. Господинот Борче Давитковски вели дека загарантираните пратенички места во заедниците би имало логика до колку имаме дводомен парламент и го цитирам, во таков случај вториот дом би се занимавал со меѓуетнички односи и со прашања што ги тангира заедниците, а со понуденото решение на Владата на Република Македонија се губи карактерот на унитарност во државата и се деложира граѓанскиот концепт. Јас слушав овде дека сите партии имаат граѓански концепт, што е интересно за нив.

Што вели уште еден експерт, тоа е експертот за политички систем Татијана Каракамишева. Во мултиетнички општества како што е нашето, не се потребни квоти затоа што уште повеќе ќе се раслои општеството. Сега поголемите партии немаат итнерес да ги кандидираат етничките заедници со што ќе се намали нивното присуство таму. Тоа не е здраво за системот. Факт е дека од моментот, да кажеме денеска да се изгласа, ниту ВМРО-ДПМНЕ ниту СДСМ ќе ги стави тие претставници на етничките заедници затоа што ќе им каже сега вие си имате загарантирани места, што не е здраво за системот во Република Македонија.

Затоа, наместо да имаме ревидирање, промена на политичкиот систем во Република Македонија, јасен е ставот на ЛДП по ова прашање како прва политичка партија во Република Македонија која го изнесе Предлогот, никогаш не бил прифатен од политичките партнери, тоа е нивна логика, се разбира, Македонија да биде една изборна

единица. Се разбира, без цензус за да може да се дозволи влез за оние за кои дискутираме сега.

Секој ќе добие онолку колку што заслужува, секој ќе биде застапен онолку колку што го има и никогаш, никој на пратениците од српската заедница, од турската заедница од ромската и тн. нема да им каже прво, ниту некој нешто им поклонил, а второ, ниту тие поклониле некому нешто

Жал ми е што ни ЛДП, јас ќе бидам објективен, во овој парламентарен состав нема во своите редови претставници на етничките заедници, меѓутоа, крајната забелешка на извештајот на Советот на Европа е во суштината која мислам дека ја гледам иднината на Република Македонија или ако ништо друго иднината според која треба да функционира партијата каде сум јас член, а тоа е ЛДП.

Член 23, на крајот, со жалење констатираме дека политичките партии и натаму се поделени по етничка линија и дека не постои ниту една партија која е прифатена од сите етнички групи. На долгорочна основа ова би можело да претставува пречка за континуирана интеграција во општеството на сите етнички групи. Значи, многу прецизно укажува која е иднината со интегрирањето на, како што вели, сите етнички групи. Во поделени партии кои ќе имаат загарантирани места или да се обидеме конечно да се профилира партија која во своите раководства како пратеници или министри ќе има претставници од етничките заедници. И го имало порано, се разбира, во Република Македонија, но не доволно.

Во врска со гласањето на дијаспората, подеднаква одговорност за нас овде сносат двете најголеми политички партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ.

ВМРО-ДПМНЕ предложи да гласа дијаспората во Република Македонија, СДСМ го прифати тој концепт. Во пакетот кој претседателката му го предлага на премиерот, што беше добар потег, во моментот кога беше јасно дека имаме криза во политичкиот дијалог, во петок на 26 јануари, во однос на гласањето на дијаспората СДСМ предлага воведување фиксни квоти што ќе гарантираат неколку места на дијаспората во македонскиот Парламент, нешто што го прифати ВМРО-ДПМНЕ.

Предлогот за три места, всушност колку што јас знам, дојде од СДСМ. Ставот на ЛДП континуирано укажуваше со својот став, се разбира, за тоа дека државата прво нема капацитет да овозможи вакво гласање, второ, дека тоа не може да се случи преку ноќ/ирано укажуваше со својот став, се разбира, за тоа дека државата прво нема капацитет да овозможи вакво гласање, второ, дека тоа не може да се случи преку ноќ. Се разбира, повторно ќе се обидам аргументирано да го изнесам ова. Уште кога се појави првата идеја на 29 јануари, ќе прочитате, случајно јас сум ја дал таа изјава, мене ми се јавил новинарот, ние како партија остануваме доследни на ставот дека во моментот оваа идеја е непотребен популизам на политичките партии наместо отворено да се каже дека Македонија не е подготвена да организира гласање надвор од границите на државата. Македонија преку своите институции не може да воспостави контрола на објективно гласање на нашите иселеници, а да не им наштети на евроинтеграциските процеси. Тоа подоцна се добива како потврда, сосема случајно, не дека ги уважиле сите ставови на ЛДП, во извештајот на Венецијанската комисија кој доаѓа на 7 април, ставот на ЛДП во јануари, во април доаѓа ставот односно извештајот од Венецијанската комисија, подоцна ќе се навратам на тоа, за да повторно на 6 април укажеме на Владата на Република Македонија и на СДСМ дека овој проект со специјална прес конференција, да не ве замарам, дека овој проект сега веќе после ставот на Венецијанската комисија не е издржан и дека Венецијанската комисија укажува дека ние едноставно немаме капацитет да организираме гласање надвор. Повторно никој не сакаше да слушне и сега го имаме овој предлог каде ВМРО и СДСМ се надмудруваат овде чиј е тој став.

За нас е ова чисто додворување на иселениците, чист популизам, затоа што длабоко сме убедени дека политичките елити во овие две партии многу добро знаат дали ние имаме капацитет како држава. Едно е волја, едно е што ние сакаме како држава, а друго е што можеме.

Што вели Венецијанската комисија во врска со ова прашање? Јас се обидувам да цитирам независни организации таму каде што сме членови, да не излезе дека секој како опозиција или како парламентарно мнозинство си дискутира на начин на кој сака.

Во делот за гласањето надвор вели дека изборниот процес мора генерално да ги задоволи стандардите што ги имаме во земјата. Можеме да ги задоволиме стандардите што се во Реублика Македонија? Не можеме.

Дека моделот на системот со кој ќе се овозможи гласање надвор зависи од многу околности во кои фуннкционира државата, но дека треба да има, ова е многу битно, административен, инфраструктурен и буџетски капацитет. Кога ви го кажуваат ова ви укажуваат дека немате таков капацитет како држава, за жал, во овој момент во Република Македонија.

Понатаму, шест, дека организирање на гласање надвор е една комплексна работа која бара сериозни ресурси и дека промовирањето на ваков проект треба да биде со објаснување на сите кои се инволвирани во изборниот процес и дека мора да добие доверба од јавноста во државата. Ниту се консултираше Владата на Република Македонија со политичките партии, најмалку со јавноста во Република Македонија.

Во земјите каде има загриженост за базичните, за основните процедури во гласањето, како што е на пример избирачкиот список, се покажало наназад, особено во новите демократии, дека

гласањето на иселениците е отежнувачки фактор, без разлика дали е оправдано или не. Повторно ни укажуваат, односно и укажуваат на Владата на Република Македонија дека тоа ќе се случи во Република Македонија. Не. Не е битен ставот на Венецијанската комисија, ќе ги прашаме, ако се согласуваат добро, ако не се согласуваат нема да го објавиме. Да не беше ЛДП немаше да се знае. Колку да ви укажам, бидејќи разговарав со речиси со сите членови на Државната изборна комисија воопшто не е консултирана. Кога им кажав дека во Парламентот дојде ваков законик добив неколку опклади, ме уверуваа дека такво нешто не може да се случи. Не е битна ДИК.

Понатаму, за финансиските аспекти. Организирање на гласање надвор, точка 8, има финансиски и административни импликации кои треба да се земат сериозно во предвид. За жал,во овој предлог кој е пред нас, немаме дадено модел како тоа ќе се имплицира финансиски. Тоа се однесува на предлогот на Владата на Република Македонија.

Понатаму, предложениот текст укажува дека Македонија ќе се користи во гласањето надвор, Република Македонија е лимитирана со 45 дипломатско конзуларни претставништва, што укажува на сериозни потешкотии за оние гласачи кои сакаат да ја искористат оваа можност. Кажува дека оние граѓани кои ќе живеат надвор во места каде нема вакви ДКП ќе бидат ставени во нерамноправна позиција.

Понатаму, од самиот Устав  и од самите закони кои се дадени од страна на Владата на крај, внимавајте кој заклучок го вади, за тоа колку сме неподготвени во овој момент  еве, нема да кажувам Владата, туку колку сме неспремни како држава, да кажеме наша Влада да го предложеше ова.

Според текстовите што се дадени сосема е јасно дека граѓаните кои престојуваат надвор помалку од една година и кои се регистрирани како отсутни имаат право да гласаат, но внимавајте, во исто време, секој граѓанин кој престојувал помалку од три месеци, нема право на глас. Ова на еден нежен начин, дипломатски, дека ова го наоѓа како многу арбитрарно и дека треба да се промени. Подготвени сме да овозможиме вакво гласање?

Што повторно велат домашните експерти? Не власта, не опозицијата, туку експертите. Повтовно Борче  Давитковски.

Правото на иселениците на глас произлегува уште, тоа е точно,  и дека е тоа добра идеја, но сепак тешко остварлива во овој момент во нашата држава. Цитат. Македонија за сега нема капацитети материјално и економски услови за доследно реализирање на гласањето на дијаспората, па се остава простор за неправилности. Нашата ДКП мрежа не ги покрива сите земји така што гласањето веројатно ќе се сведе на одредени пунктови кои дел од иселениците повторно ќе бидат дискриминирани.

Што вели Татијана Каракамишева? Според неа треба да се направи проценка за колкава бројка иселеници станув збор. Вели мојот глас нема да биде еднаков со тој со иселениците. Добро е што тој текст во “Дневник” се отвора дискусија колку вреди еден пратеник. Внимавајте. Со една проста анализа. Еден пратеник тежи, условно кажано, во Република Македонија 13 иљади гласа. Тој еден од трите што ќе го добиеме од надвор тежи 21 иљада гласови. Дали сме подготвени за ова? Покажува дека знаеме што правиме или едноставно ќе го дадеме овој предог, па кој како знае нека се снаоѓа, важно ќе кажеме како Влада да, ние сме за етничките заедници, да, ние сме да гласа дијаспората, меѓутоа, не ви дава опозицијата или дел од опозицијата и тн.

Ниту една земја и тоа беше извонрено кажано од мојата колешка Мери Младеновска, извонредно направена анализа за тоа кои земји како ги направиле овие гласања. Ниту една земја не го направила гласањето преку ноќ со од небо даден предлог во Собранието на Република Македонија, да не кажувам без консултации со никого, туку дека прво се диференцира по години оделе полека полека, или како во некои земји се разликувале по политичкиот момент.

Прво, овозможиле гласање на претседателски систем и тн. па подоцна дошле на парламентарни избори.

Значи, нема анализа колку ќе чини гласањето, колку ќе ја чини Република Македонија, кој ќе го плати сето тоа, се знае, овие граѓани на Република Македонија. Кој ќе гласа? Ставот на ЛДП неколку пати кажав и добро е што мојот пријател господинот Петрески го кажа прецизниот став на ЛДП. Не може да се дозволи да гласаат луѓе кои со десетици години воопшто не престојувале во Република Македонија, тие да одлучуваат за граѓаните на Република Македонија што живеат овде. Ни случајно. Друго е кој е отсутен надвор година дена, две, три, меѓутоа, за оние кои не дошле овде, тоа ви покажува колкава е грижата за Република Македонија.

Ако некој има роднини овде јас сум меѓу оние кои што ќе бидат меѓу првите затоа што имам многу роднини во Канада и во Австрлија, меѓутоа  јас и на моите роднини сум им кажал, тие што се таму со 20 години, тој да одкучува да дава глас за Република Македонија? Не. Кој ќе го контролира, се поставува прашањето и во Венецијанската комисија. Таму набележува дека треба да се констатира дали политичките партии ќе го контролираат и сега Владата на Република Македонија ќе ме прати мене и господинот Најдовски, еве, сакаме да контролираме во Аврсталија, но кој ќе ги контролира тие гласови, кои ќе бидат меѓу оние кои што треба ги набљудуваат, имаме и претставници на политичките партии и претставници од државниот сектор, од јавниот сектор.

Реков дека рамноправност нема за сите и внимавајте, дури и во земјите каде што имаме

дипломатско конзуларни претставништва ќе се доведеме до ситуаија некој што живее во Детроит може да гласа се разбира во Детроит може да гласа во Детроит, но што станува со оние кои живеат  на другиот крај на САД. Ќе патуваат со илјадници километри за да гласаат во Детроит? Нема да го направат тоа. Тогаш дали тие се ставени во рамноправна позиција? Не се ставени. Па, Владата се сетила малата, но многу силна со капацитет, Република Македонија, се разбира и буџетски многу силна, ќе овозможи гласање и во Африка и во Азија, па тие што се во Африка ќе си одат во некои земји во Африка од другиот крај на Африка да гласаат за изборите во Република Македонија. Несериозни ставови кои предизвикуваат дури  и подбивање. И пак ќе кажам на крај, цврсто држејќи се до ЕУ-агендата, последното нешто што го имавме пред да заминеме од власта, пред да ги изгубиме, популарно кажано, изборите беше да организираме демократски избори во Република Македонија и тоа беше клучниот политички момент кој го имаше Република Македонија. И ги организиравме, конечно после толку изборни циклуси добивме пофални зборови од ОБСЕ, ОДХР и потоа од Брисел и Вашингтон. И сега мислите дека со гласањето надвор повторно ќе добиеме позитивни оценки, за тоа што знаеме сите, искусни сме сите во политиката, најголем дел од нас. Знаеме колку ќе можеме да го контролирме тој процес. И вие знаете, не само на овие избори, години наназад дека имаме проблем и манипулација со оние гласови кои доаѓаат од припадниците на Армијата на Република Македонија, кои гласаат во сабота, не можеме да ги контролираме, иако некои објекти се одалечени 10-20 метри, а не гласовите што ќе дојдат од Африка, Азија, Аврстралија, Америка итн. И бидејќи нема да можеме да го направиме тоа гласање на нивото кое што го бара од нас Брисел, повторно ќе ни се случи она за кое зборував на почеток, ќе имаме дополнителен политички проблем и повторно демократското гласање ќе стане проблем на Република Македонија. Зошто ни е потребно тоа кога одвај успеавме да стокмиме, да кажеме народски, вистински изброи во Република Македонија.

Уште еднаш да го повторам ставот на СДСМ кој што беше искажан тука, со кој што не се согласуваме, ставот на ВМРО-ДПМНЕ со кој што не се согласуваме и ставот на ЛДП е следниот.

Во врска со застапеноста на етничките заедници најдобро решение со кое што нема да се менува политичкиот систем во Република Македонија е Македонија да биде една изборна единца.

Вториот став во врска со гласањето со дијаспората е да се повлече овој предлог, да ги уважиме мислењата кои многу директно ни укажуваат дека немаме капацитет, повторувам, да организираме и потоа полека, подготвувајќи се, еден ден да го овозможиме тоа, тогаш кога навистина ќе бидеме кадарни да организираме гласање во дијаспората на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јавија пратениците Васко Шутаров и Јани Макрдули.

Повелете господине Шутаров.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе.

Внимателно го слушав колегата Жерновски и заради нешто што минатата недела беше такаречи вест број еден во повеќе дневни и неделни печатени медиуми, а тоа е мислата и констатацијата дека Македонија нема капацитет за правење избори со дијаспората и бидејќи е денес читаше одредени сегменти од документот од Венецијанската комисија би сакал некои нешта кои ги интерпретираше да ги прочитам онака како што се напишани и да му свртам внимание дека овој документ се чита заедно со заедничкото мислење на Изборниот законик на Република Македонија, обезбедено од ОБСЕ и Венецијанската комисија, адаптирано од Советото за демократски избори на 17-тата средба и заедно со Венецијанската комисија од нејзината 67. пленарна сесија од 9 и 10 јуни минатата година.

Во ставката 5 на овој документ вели: “мерките за да им се дозволи на граѓаните на привремен престој во странство да гласаат беа имплементирани во голем број земји, но модалитетите за тоа варираат. Не постојат прецизни меѓународни стандарди за имплементирање на такви мерки, туку изборите надвор би требало генерално да ги имаат истите стандарди за демократски избори како и оние кои се водат во земјата”. Со овој така рече едноставен и бломадски жаргон можеме да го интерпретираме вака или онака, ама звучи и се интерпретира овака како што го прочитав.

Она што најмногу контраверзи побудува и од каде што претпоставувам дека колегата Жерновски ги има извлечено констатациите дека Македонија нема капацитет за правење избори надвор е во една прилично дијалектична и контраверзна дипломатска форма која што можеме и денес да ја толкувме, но сепак повлекува консеквенци и од претходните венецијански извештаи и звучи и изгледа вака:

“Договорите за гласање во странство мора да одржат баланс меѓу продолжување на правото за квалификуваност да се гласа и обезбедување на интегритет и транспарентност во гласањето. Во земјите каде што има загриженост околу основните изборни теми, како што е точноста и прецизноста на изборниот регистар или интегритетот на процесот на гласање на изборните ден, гласањето во странство понекогаш е синтеза или сложен фактор без оглед дали е тоа оправдано или неоправдано. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли контрареплика господине Жерновски? Вашата минута.

**Андреј Жерновски:** Прво, благодарам за репликата и еве до крај да го кажам тоа што вие не го кажавте до крај. Почнавте од членот 5. Кога ќе ви укажат, значи последната реченица,бидејќи го имате пред вас документот цело време, дека зависи гласањето, дизајнот на политичкиот систем зависи главно од околностите во земјата вклучувајќи го административниот, инфраструктурниот и буџетскиот капацитет. Многу јасно ви укажуваат на што мислат, дали земјата има, на тоа ви укажуваат.

За членот 7 го цитиравме истиот дел, за загриженоста. Вели “ во земји каде што постои загриженост” за базичните основни принципи на гласање. Што мислите, на која земја се однесува? Значи, на извештајот на Венецијанската комисија за Европа ви кажува, во земји каде што има загриженост и многу јасно се знае на што се мисли. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Макрадули, вашите три минути.

**Јани Макрадули:** Би сакал процедурално да дообјаснам нешто што господинот Жерновски зборуваше. СДСМ преку својот претседател Радмила Шекеринска понуди пакет за излез, како што цитираше и господинот Жерновски, во кој би сакал да го допрецизирам она што тој зборуваше.

СДСМ и тогаш и сега смета дека доколку се обезбедат услови за вреднување на секој глас, тогаш смета дека дијаспората треба да ни биде застапена во три свои места, што за жал, понудениот изборен законик - овие денови тоа го повторивме - дава заштита на правото на глас, но за жал не го нуди во самата дефиниција на поимот “дијаспора” па се до тоа како тој концепт ќе го имплементира во пракса. Затоа, би сакал да го допрецизирам во неговата изјава, условите кои ние тогаш сметавме дека треба да бидат исполнети, овој изборен законик не ги нуди и се надеваме дека периодот меѓу двете фази ќе ги расчисти тие дилеми како ќе може да се обезбеди правото на глас за сите подеднакво со сите оние забелешки што беа дадени. Во услови кога тоа ќе биде загарантирано, ние сметаме дека дијаспората со три места треба да биде застапена во Парламентот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има ли контра реплика, господинот Жерновски? Повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам на репликата и мислењето и јас затоа го цитирав она што е кажано од пакетот, таканаречен, на СДСМ и тоа што го гледаме во весници.

Господине Макрадули, јас сметам дека една политичка партија кога ќе се согласи со предлог на Владата да гласа дијаспората и не само што ќе се согласи, туку и ќе предложи прецизен предлог, а тоа е да гласаат тројца иселеници, сметам дека во тој момент тоа значи дека државата е спремна тоа да го напрви. Инаку, ако вие како партија сте сметале дека државата нема капацитет во овој момент, а сте предложиле да гласа дијаспората, не е битно со 10, вие со 3, тогаш ние имаме различно размислување за таа работа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи господин Рилкоски не е овде, сега на ред за збор е госпоѓа Теута Арифи, повелете госпоѓа Арифи.

**Теута Арифи:** Почитуван претседателе, почитувани претници,

Сакам на почетокот на мојата дискусија да го информирам мојот електорат и албанските слушатели дека овој мој денешен говор ќе го држам на македонски јазик, затоа што се работи за доста чуствителна, затоа што сакаме нашите пораки да бидат јасни и затоа што не сакам поради недоразбирање за оваа тема да се обвинат преведувачите.

Почитувани пратеници, почитуван претседателе,

Витален дел во една балансирана демократија е силна, будна и активна опозиција - вели Вендел Вилкен, еден од попознатите имиња на американските републиканци од 40-тите години, кој меѓу другото е познат како елоквентен против кандидат на американскиот претседател Франклин Рузвелт. Го посочувам Вилкен како пример и поради тоа што во негово време се обрати до американската нација со еден говор познат во светски рамки, насловен “лојална опозиција”.

Почитувани колеги, што е тоа лојална опозиција?

Лојална опозиција е таа која е лојална на својата земја и на своите граѓани. Во тој случај, властите кои инсистираат опозицијата да им биде лојална на нив како власт, а не на својата земја имаат сериозни проблеми со поимањето на демократијата и на нејзинте вредности. Една лојална опозиција почитувани колеги не дозволува една неодговорна власт да игра со дигнитетот на своите граѓани. Не дозволува една власт да ги дерогира механизмите кои се произлезени од мировни преговори и кои се гаранција за европскиот пат на нашата земја. И сега, недозволува несериозно однесување кон етничките прашања кои се чувствителни и се уште кревки во пошироките балкански рамки.

Почитувани колеги, во Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Изборниот законик Демократската унија за демократија препозна тенденција на рушење на правилото, на досегашното правило, Изборниот законик да се донесе како резултат на консензус меѓу политичките партии. Не сме ние виновни што најголемата владеачка партија нема капацитет да гради консензус за значајни државни прашања. Уште помалку сме виновни за недостатокот на демократскиот капаците на мнозинството, кој наместо да се наслуша здрава критика и да го укинат различното политичко мислење, во Предлогот за изменување и дополнување на Изборниот законик ДУИ препозна тенденција за дерогирање на

механизмите на Охридскиот рамковен договор. Со самиот факт што неконсензуално се посегна по Бадинтеровиот принцип, што има директно влијание во балансираното претставување на етничките заедници е доволно да се препознае намерата на Владата за стекнување на политичкото влијание на Албанците за значајните државни и политички прашања во земјата. Во овој Предлог ДУИ препозна неискреност во пристапот кон помалите заедници. За жал, препозна тенденција за нивна инструментализација, ставајќи пред нив понуда која не може да се одбие, доведувајќи ги во конфликт со нас легитимните претставници на Албанците во ова Собрание, кои во принцип сме нивни партнери во заеничките стремежи за укинување на сите форми на етничка, верска и расна дискриминација во сите сфери на животот.

Секако, разгледувајќи го овој предлог, уште еднаш заклучивме дека оваа Влада има посебен талент да го промаши контекстот, времето и начинот за поставување на оваа тема на дневен ред. Да отворите тема на меѓуетнички односи, да отворите дебата уште еднаш за вредностите на Охридскиот рамковен договор во контекст на отворени регионални теми кои навлегуваат во сферата на етносот и државата, во сеуште отворената регионала дилема дали територијалните решенија се сеуште решенија за етничките прашања е рамно со политичка игнорација и неодговорност кон сопствената држава. Да ги отворите овие теми во време кога сме во очекување на извештајот на Европската комисија за Македонија, во време кога од страна на НАТО со лупа се следат сите движења во земјата пред претстојниот самит во НАТО е повеќе од политчка игнорација, тоа се вика политичка неодговорност, и сето тоа да се обидете да го направите на недемократски и нетранспарентен начин, водени од логиката конечно да им покажете каде им е местото на Албанците, да им го укинете нивното политичко влијание, е почетничка грешка во водењето на една балансирана внатрешна политика.

Затоа, почитувани колеги, имајќи ги предвид сите овие моменти, ДУИ постапи како лојална опозиција, лојална на својата земја, лојална на своите граѓани. Затоа и поднесовме околу 4000 амандмани, за да укажеме дека има работи за кои ние не сме спремни несериозно да се однесуваме, ниту сме спремни да дозволиме играње со нив, а такви се вредностите на Охридскиот рамковен договр. И ве уверувам дека така ќе постапиме секогаш кога така лесно како од ракав ќе ги отворивте на овој начин овие теми и ќе посегнете по овие вредности, затоа што ако сте заборавиле, дозволете ми да ве потсетам дека охридските вредности не се само наши вредности, туку се наши заеднички вредности.

Затоа, искажуваме задовлство за фктот што оваа наша активност и ова наше укажување вроди со плод. Мнозинството одлучи да го разгледаме овој предлог во две фази и кога веќе толку многу сакаме да дебатираме на оваа тема ние сме сремни да учествуваме со нашите мислења и забелешки.

Секако дека има можеби повеќе моменти на критичко размислување околу предложените промени и јас ќе се задржам на три позначајни елементи. Првиот е квалитетот на изборите, вториот е гласање на дијаспората и третиот е резервираните места за етничките заедници.

Почитувани колеги, спорните моменти во однос на овој Предлог на закон се појавуваат на самиот почеток. Во образложението на предлагачот што во моментот не го гледам тука, а говорам на македонски за тие појасно да разберат што ние сакаме да кажеме, значи, проблемите почнуваат во самиот почеток, во образложението на предалгачот во однос на причините поради кој треба да се донесе закони се вели дека потребата за измена и дополнување на Изборниот законик е наметната поради, меѓу другото, и препораките на ОБСЕ и ОДХР.

Кои промени, господа, кои препораки. Со седепот на ова образложение, уште еднаш детално го прочитав последниот извештај, значи на извештајот на ОПСЕ и ОДХР, по повод парламентарните избори во Република Македонија од 5 јули.

Главните препораки во овојизвештај се однесуваат вопроцесот на изборите и секако, на нивниот квлаитет. Во извештајот се зборува за надминување на насилството во процесот на гласање и на надимнување на инцидентите. Тоа го пишува во овој извештај.

Исто така, се вели и се препорачува да се зајакне улогата на политичките партии за да се зајакне интегиритетот на изборниот процес, кој сеуште не е интегритет. Така се вели. Се зборуваат и се предлагаат мерки за зголемување на довербата во изборниот процес. Постоечките регулативи ги пишува во препораките. Во однос на нерпавилности во изборниот процес, уништување на гласачки материјал, купување на гласови и други слични феномени, треба да се имплементираат, се вели во препораките. Актите на насилство за време на кампањата треба да се разгледаат сериозно од страна на надлежните субјекти. Се вели имплементирање на позитивната законска регулатива и зајакнување, ако е потребно.

Броењето на гласовите почитувани колеги, останува еден од слабите елементи на процесот на гласање. Знаете што се вели во извештајот на ОДХР. Се вели дека во една од секое седмо гласачко место, во процесот на броење Што било набљудувано од страна на ОБСЕ и ОДХР, процесот на броење се карактеризира со оценка лошо или многу лошо. Се вели, дека механизмот за жалби остана најслабиот механизам во процесот на изборите. И овие се препораките, нема препораки во извештајот на ОБСЕ и на ОДХР, за резервирани места на заедниците, ниту за гласањето на дијаспората, за што подоцна ќе се навратам.

Промените во Изборниот законик значине одат по линија на предлозите и препораките на ОБСЕ и ОДХР, затоа ве молам не е во ред да ставите меѓу причините дека тоа е причината зошто го менувате Законот, а додека не ги следите тие препораки во предлозите што ги носите тука пред вас. Ако виситнски, како што велите во вашето образложение, тенденцијата е да го следиме европското законодавство, европската линија во целото тоа, јас ќе ве разберев да дојдевте со понуда, каде што ние имаме европски избори, квлаитетни избори. Ќе имав разбирање до колку одите по линијата на еднаквото претставување, да направите уште една интервенција во однос на еднаквото претставување на жените во Парламентот. Да направите една таква интервенција, што мислам дека ако вие не го направите, ние како Парламент во иднина треба да го направиме, дека секое повлекување на жена пратеник треба да се замени со друг претставник на истиот род од списокот на политичката партија. За да се застене на пат на тие кои сакаат да го изигруваат законот и кои не сакаат да излезат од конзервативната мачистичка шема на Балканот, кој апсолутно долго го држи регионот како некоректен во однос на сваќање на правата на сите во политичкиот процес.

Ќе разберев секако  дека имате тенденција да промените позитивно. До колку ќе промислевте и ќе замислевете и ќе дојдевте со предлог, д анаправиме едно или две резервирани места за малите, ранливи субкултурни групи на нашето општество, кои се комплетно маргинализирани, како што се хендекипираните и сличните групи, кои секако имаат право да имаат глас тука. Тоа ќе го разберев како европска тенденција ама сега не.

Токму поради тоа, мислам дека ставањето во причините дека е европизирањето е промена за законите не држи. Напротив, една тенденција е да се злоупотреби последниот извештај на ОБСЕ, затоа што не одиме по линијата на нивните препораки.

Во однос на гласањето на дијаспората, во препораките на ОДХР е наведена потребата за гласање во дијаспората барем не за мене. Дилеми во однос на тоа се искажуваат и во последниот извештај на Венецијанската комисија. Јас би сакала д ане читам извештаи, би сакал да ги споделам и да ги кажам тука трите наши дилеми околу гласањето на дијаспората.

Најпрво да расчистиме дека не збориме за правото на глас, туку зборуваме за квалитетот како тоа право на глас да се реализира. Во вашето образложение се вели дека прашањето на гласањето на дијаспората беше актуелизирано уште во 1998 година. Но секогаш, неговото уредување се одлагаше со образложение дека мрежата на ДКП не ги покрива земјите каде што претстојуваат нашите граѓани. Дали има промена на оваа тема. Дали до денес, кога вие го предлагате овој шредлог закон, имаме мрежа на ДКП да ги покрива сите земји каде што живеат наши граѓани? Не. Значи, апсолутно, немаме доволен број на ДКП со кои се покриваат сите земји каде што живеат граѓани на Република Македонија. Со тоа, во име на правото на гласање, уставното право на гласање, вие продуцирате нееднаквост меѓу граѓаните кои ќе можат да гласаат каде што има ДКП во нивната земја и меѓу другите кои што нема да бидат во можност да гласаат, поради немањето на ДКП. Што тоа значи? Тоа значи дека иселениците од Македонија што живеат во Шветска Ќе можат да гласаат, иселениците од Македонија што  живеат во Норвешка, нема да можат да гласаат. Или пак да бидат големи патриоти да земат автобус од едно место до друго место, што апсолутно, е некоректно затоа што кога веќе сакате тоа право да им го понудите, треба да им го овозможите вистински.

Вториот момент, втората причина за една земја, почитувани колеги за која сеуште се пишуваат вакви извештаи за квалитетот на изборите, на земјите на кои им се препорачува имплементација на сопствените закони за казни, во делот за полнење кутии и кршење на гласачко право и насилност при гласање, таквите земји, почитувани колеги, треба еднаш да држат беспрекорни избори дома, а потоа да земаат претензија да прават избори надвор и тоа е добро. Подобро  да е така, наместо ние со таквите лоши адети да одиме и сите работи да ги правиме по светот и уште повеќе ѕвезди да бидеме. Тоа е прашање на интегритетот и нивото како се одржуваат изборите.

Третата недоверба во однос на овој процес од наша страна е поради неднаквиот третман на граѓаните кои живеат надвор од Република Македонија, во однос на државјанството. До 2003 година, на сила беше Закон за државјанство, кој не беше еднаков за сите граѓани. На граѓаните кои беа етнички Македонци им се гарантираше рпавото на земање на државјанство по етнички принцип што беше дикскреминативно за другите граѓани кои не се етнички Македонци и со новиот Закон таа одредба е укината. Но времетраењето од новиот Закон, апсолутно, сигурно е многу кратко, за да сите луѓе еднакво имаат државјанство, за да учествуваат во тој процес на изборите. Овие се нашите дилеми во однос на гласањето на дијаспората. Секако дека мислиме дека е уставно право, но уставното загарантирано право не треба да стане злоупотреба  на правото што луѓето го имаат за гласање. И секако, заклучниот дле на мојот говор, сакам да го посветам на предлогот за резервирани места за помалите етнички заедници. Ценам дека најголем проблем на оваа Влада е Охридскиот рамковен договор. Проблем се махнизмите произлезени од Рамковниот договор. Проблем е прифаќањето на фактот дека Албанците како рамноправни граѓани, сакаат да дадат придонес за доброто на својата земја. Овој проблем што се вика гласање по Бадинтер е многу поширок,отколку само еден прос процес на гласање во Собранието. Е прашање на можноста

да влијаеме сите етнички заедници во процесите, не само парламентарни, но и пошироко. Господинот Груевскиодлучи сосема свесно, газејќи ја политичката волја на Албанците, да влезе во процес на дерогирање на Охридскиот договор. А фактот што денеска целата земја се соочува со последиците, денеска е повеќе од само негов проблем. Година дена не функционира и не дебатира Комитетот за меѓуетнички односи во Собранието надлежен за тоа. Господа, неодговорно е за една држава која има механизми, каде што етничките заедници треба да дадат придонес за прашања поврзани со нивниот идентитет, тоа тело, да не функционира поради каприц и поради делегитимирање на истото. Бадентеровото гласање во Собранието беше докрај вулгаризирано. И како резултат на овие состојби, дојдовме до мајскиот договор, според кој сега ќе не оценуваат во процесот на НАТО и Европската интеграција. Со предлогот за резервирани места за помалите заедници, во овој контекс, ние ја препознаваме антиалбанската тенденција на овој закон, кој уште еднаш сака да го избегне влијанието на легитимните претставници. И поради тоа што Груевски свесно ја провоцира оваа политика на конфронтација меѓу нас легитимните претставници на Албанците и пратениците на помалите заедници, чувствувам човечка, политичка и интелектуална да ви се обратам на вас колеги од етничките заедници. Памтам дека во минатиот политички мандат во Собранието во голем број на говори што сумги држела на оваа говорница лаит мотив на мојот говор често бил говорот познат на Мартин Лутер Кинг, "јас имам сон", затоа што поминувавме тешки закони со кои претендиравме да ја надминеме етничката дискриминација и со лаит мотивот на Мартин Лутер Кинг, се надевав дека ќе стигнам до свеста, разбирањето на претставниците на тогашната опозиција, кои беа против сите решенија што ги изгласавме во Собранието, што беа поврзани со Охридскиот рамковен договор, што беа поврзани со нас и со вас. Никогаш не било лесно господа реално, вистински да се залагате против дискриминацијата, а не со збор.

Почитувани колеги, не верувам во искреност на мнозинството, кое беше против државното универзитетско школување на мојот народ на свој јазик, а тоа беше наш сон. Не верувам во искреноста на мнозинството што кога беше во позиција, беше против сите законски решенија произлезени од Рамковниот договор. Не верувам во искреноста на лидер кој гази врз политичката волја на цела една заедница, во случајот на албанската. Ако не ја почитуваше волјата на албанците, зошто господа мислите ќе ја почитува волјата на вашите заедници во иднина. Не верувам во искреноста на тие кои праведните стремежи на сите заедници за подобар живот ги третираат како пазар на роба што може да биде приоритет само во еден ден, само во еден политички момент, а не вистинска, човечка, политичка и државничка обврска. Не верувам во тоа. Ние почитувани коелги од другите етнички заедници, не сме против вас, а уште помалку против вашите стремежи за надминување на неправдата и дискриминацијата затоа што не сакаме да бидеме против нас, не сакаме да бидеме против нашето минато, нашата сегашност и нашата иднина. Затоа, препознавајки ја вашата потреба предлагаме Изборниот законик да се промени, ако вие така мислите во насока да има само една изборна единица, да не се одлева ниту еден единствен глас од помалите етнички заедници. Ги следев вашите говори почитувани колеги, кои беа во насока дека не сакате и сакате да се ослободите од чувството да бидете приврзок на една опција за да влезете во Собранието. Јас тоа сосема го разбирам. Но, за жал, со предложените законски решенија, вие сега останувате повторно приврзок само на една друга политичка опција. Знаејки од наше сопствено искуство дека против неправдата и дискриминацијата ќе се бориме само ако го сочуваме сопствениот, колективниот и личен интегритет, а тој интегритет ќе го сочуваме само ако своите права ги добиваме, а не ни ги поклонуваат. До колку своите позиции ги заслужувате каи сопствените граѓани, а не ги добивате по волја на овој, илина некој друг премиер. До колку влезете во игра на поклонети позиции, почитувани господа, ќе станете како почитуваните членови на ДУИ, ќе мора да молчите, или уште полошо да одбраните законски решенија, или предлози кои се спротивни на вашите интереси и на интересите на вашата заедница и на вашите гласачи.

Една изборна единица овозможува повеќе за да ги промовирате вашите политички цели. Вистинското претставување на својот народ, на својата заедница, е повеќе од едно или две места во Собранието. Тоа е прашање колку повеќе можете да направите за својата заедница и за своите граѓани. Дозволете ми да ве потсетам дека пред Охридскиот рамковен договор, Албанците во Македонија имаа и 25 и 28 пратеници, но немаа глас и влијание вистинско, затоа што беа во тоа време мајоризирани. Со механизмите на Охридскиот рамковен договор апсолутно можеме да зборуваме за нови интегритети, за нови вредности во функционирањето на нашата позиција. Но со Охридскиот рамковен договор и вие исто така добивте можност да имате глас и апсолутно да се залагате за тие вредности. Затоа колеги, немојте да учествувате во рушењетона принципите на Охридскиот договор. Ќе ви кажам една работа што е интересна, се пишува во делот на учество на помалите етнички заедници во изборниот процес, страница 18 од извештајот на ОБСЕ и ОДХР. Се вели дека, во поголемиот број на случаи учеството на помалите етнички заедници во списоците на поголемите партии се одвивале пет посилни договори и послилни гаранции во однос на реализирањето на договореното после изборите. Има уште една

реченица која е добро да ја имате, можеби ќе ви треба, за да ја промените. Вели генерално, малите етнички партии немаат специфични изборни платформи или програми, освен нивното барање и кажување дека ја презентираат нивната заедница. Со тоа уште еднаш се вели, сакам да кажам дека е уште еден прилог дека со фактот да имаме една изборна единица ќе имате повеќе можности пред вашите граѓани, пред вашите заедници посилно да се залагате за ваши програми, кои апсолутно, можат да бидат по јаки и меѓу другото да добиете поголема подршка.

Исто така, сакам да наведам, тоа се однесува на колегите пратеници, претставници на ромската заедница. Во целиот извештај на ОБСЕ и ОДХР во однос на ромската заедница, колеги, затоа што гледам во вашите амандмани што сте ги дале, дилемата е дали ќе има двајца пратеници Роми, или тројца пратеници Роми.

Во Извештајот на ОДХР Ромската заедница се наведува како најранлива заедница во изборниот процес. Најранлива. Јас мислам дека сите ние треба да бидеме подготвени да помогнеме тој изборен процес да биде еднаков кредибилен кај сите заедници.

Затоа велам дека дебата за претставување на заедниците е повеќе од едно или две места во Собранието, е прашање на квалитетот, колку навистина можеме да имаме власт и влијание во политичките процеси.

Простор за помалите заедници има. Ние сме подготвени уште повеќе да го прошириме тој простор. Сакаме тоа да го направиме. Затоа што, како што рекол Мартин Лутер Кинг "Одбиваме да веруваме дека банката на правдината во нашата земја банкротирала". Таа "банка на правдината" почитувани колеги нема да банкротира никогаш, затоа што нема да дозволиме ние, како поголема заедница, како што нема да дозволиме на млади, неоконзервативни лидери да ни држат овде лекции за мултиетницизмот, во кои работи не веруваат ни самите, а камо ли да направат да веруваме ние. За да ви веруваме во мултиетнички лекции треба да дадете примери од тоа што повеќе се обидувате да го направите во текстот.

Кога сме веќе тука, иако се работи за тема што конкретно не се поврзува со Изборниот законик, но се поврзува со феноменот на проблемот на функционирањето на Бадентер и поради фактот што апсолутно сакаме да ја дадеме како политичка понуда во една отворена тема, што вие ја отворивте, Демократската унија за интеграција е незадоволна од фактот поради нефункционирање на Комитетот за односи меѓу заедниците. Незадоволна е исто и поради доцнење на реализирање на договореното на 29 мај, што требаше да биде решение за функционирањето на Комитетот.

Затоа мислиме дека е време за размислување да се подигне нивото на Комитетот како уште еден дом во нашето Собрание, па ако вистински сакаме да го помогнеме процесот на дебатирање на меѓуетнички теми, ако вистински сакаме себе си да си помогнеме и на другите помали етнички заедници, да, да размислуваме заеднички за концепт на дводомен парламент на Република Македонија. Уште еднаш наведувам дека ова ние овде не го кажуваме, велам од каприц, туку го кажуваме како резултат поради нефункционирање на битните институции на Собранието.

Во таа голема мисла и тој интересен лапидарен говор Мартин Лутер Кинг вели: "Јас имам сон дека моите деца еден ден ќе живеат во земја во која нема да им се суди според бојата на кожата", а кога би го адаптирала јас би рекла според јазикот што го зборуваат, "туку според содржината на нивниот карактер". И без разлика на неправдата што со векови им беше нанесувана, сонот на Мартин Лутер Кинг не престана ниту еднаш да биде дел од вкупниот американски сон.

Затоа господа и нашите стремежи за подобра позиција на Албанците и на другите и за функционирањето на Охридскиот договор се дел од сонот за европска иднина на нашата земја.

Затоа, господо од Владата, идниот пат кога пак ќе дојдете тука пред нас со предлози што толку долго и длабоко навлегуваат во овие чувствителни прашања, со предлози што апсолутно не можете да говорите без да трогнете некого, со предлози со кои можете да отворите теми за кои што можеби сеуште не сме подготвени или не сакаме одеднаш да ги отвориме, дојдете како што треба, со должна политичка одговорност и со должна сериозност што ја заслужуваат и ја бараат овие прашања во овие значајни моменти за европската иднина на нашата земја. Благодарам.

(Поединечни аплаузи)

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавија господинот Рахиќ, господин Стоиљковиќ, Лалчевска, Ружди Матоши, со тој ред и Неждет Мустафа.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, драги колеги пратеници, почитуван заменик министре,

Јас сум еден од пратениците кои имаше можност 4 години да работи со почитуваната колешка Арифи. Искрено и се восхитувам за сето она што го правеше во изминатите 4 години за промоција на Македонија во нејзиниот пат кон Европската унија и НАТО. Со најголемиот дел, со 99,9% од дискусијата на госпоѓата Арифи ќе се согласам. Меѓутоа, со еден мал дел, ќе ми дозволите да бидам критичен кон вас и да ви се обратам со неколку зборови, бидејќи во мојата дискусија ќе ги кажам моите размислувања каде мислам дека грешите.

Кога кажувате - дел од Албанскиот народ, или албанските граѓани, вие претставувате само еден дел од тие. Бидејќи вашите колеги од ДПА сметаат дека концептот е добар, мислам дека немата право да кажувате дека сите Албанци

мислат дека овој концепт што е предложен од оваа Влада е добар или лош за Албанците.

Ќе го кажам она што јас го мислам. Мислам дека премногу сонуваме. Премногу спомнуваме Мартин Лутер Конг. Па додека ние спиеме и сонуваме, луѓето одат напред. Ние сонувавме и пред 5 години, Бугарија беше позади нас, сега е пред нас. Сонувавме и пред 10 години, некои беа позади нас, сега се пред нас.

Сакам да ви го кажам следното, не сум човек кој сака својата среќа да ја гради на туѓи несреќи. Како прво, лично ви благодарам вам од Демократската унија на Албанците и од ДПА и сите оние кои го работеа Уставот во 2001 година и уставните амандмани, каде што направивте обид да се израмнат граѓаните во Република Македонија, иако според мене, овој принцип е погрешен. Јас сум за чисто граѓански концепт, каде што според членот 9 од Уставот на Република Македонија "Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата" и слично.

Јас сум за едно друго општество и сметам ова што вие го говорите и кон што се стремите е само една преодна фаза каде што ние како граѓани ќе се делиме на добри и лоши, чесни и нечесни итн.

Да ви кажам како функционира оваа демократија. Само еден мал пример. Многу примери ќе ви кажам. Знам дека голем дел од Албанците биле, условно речено шиканирани и реално шиканирани од, условно речено, поголемата заедница или народ, дали овде, на друго место или трето. Меѓутоа, сфатете дека и дел од Албанците, таму каде сте мнозинство шиканираат и ги ускратуваат правата на помалите заедници. Класичен пример 1996 година, село Житоше, училиште "Лирија". На конкурс, распишан за бравар се прима Бошњак. На интервенција на тогашен министер, кој пред тоа берел јагоди, станал голем експерт, конкурсот се поништува и преку судиката Сута Меле се носи политичка одлука и на место на невработен Бошњак се вработува вработен Албанец кој само се преместува.

Јас сакам и јас и вие да престанеме да сонуваме и да почнеме да живееме во реален свет, затоа што знам што се кажувавте на Парламентарните асамблеи на НАТО и на многу состаноци во интерес и корист на Република Македонија и нејзините граѓани. Ќе ве замолам, иако се согласувам во најголем дел со вашата дискусија, а ќе ви се восхитувам и понатаму, сакам да ве слушам за вакви работи, јас сум против секаков вид на дискриминација. И оваа дискриминација што сега ја нудиме, исто и дискриминацијата што вие ја побаравте за жените да бидат позастапени, за мене се дискриминација. Ако сме реални, дајте да живееме во реален свет, а не во свет на соништа. Дајте да пуштиме на луѓето кои знаат и умеат нека ја водат оваа држава.

Како работи оваа Влада, како работи оваа опозиција вчера имаше анкета. 55% од граѓаните на Република Македонија не гласаа госпоѓо Теута Арифи, ниту за вас, ниту за мене, ниту за Никола Груевски, ниту за Борче Кондев, се извинувам што ве спомнувам по име. Тоа значи дека лошо работиме. Стандардот паѓа. Кажуваме прикаски дека БДП расте, качуваме плати 10%, а цените 50%...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Есад Рахиќ:** Ќе ве замолам само да довршам уште 10 секунди, не ми го земајте правото да говорам. Кога Господ ми дал право и ме родил, ми дозволил да зборувам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас не ви одземам право. Времето ви го одзема.

**Есад Рахиќ:** Ќе ве поддаржам во се, но покажете малку чојство. Јунаштво доста покажувавте. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Госпоѓо Арифи има ли контра реплика?

Повелете вашата минута.

**Теута Арифи:** Почитуван колега Рахиќ,

И во македонскиот дел има повеќе политички партии. Груевски ги предлага промените со мандат како мнозинска партија, избрана од своите гласачи. Ние, со истиот мандат, не како единствена, туку како политичка партија која доби повеќе гласови имаме мандат исто така да ја дадеме нашата политичка понуда и тоа го правиме.

Во однос на соништата, мислам дека апсолутно е редно да бидете отворен и да градите соништа за еднаквост, се додека не ги остварите и додека не ги направите реални. Во тенденцијата да ги направите соништата реални, имаме право по малку и да сонуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Стоиљковиќ вашата реплика.

**Иван Стоиљковиќ:** Благодарам господине претседателе.

Почитувана госпоѓо Арифи,

Многу убаво почнавте да говорите во делот кога говоревте за националните заедници и спомнавте еден збор што ме инспирира да ви се обратам и да ви укажам на неколку работи.

Прво, рековте дека оваа работа и оваа дискусија можат да ја водат луѓе со личен интегритет. Затоа, со обврска што ја носам и кон себе и кон оние кои ги претставувам и со личниот и политички интегритет што го носам ќе ви кажам една многу интересна работа.

Дали ние како претставници на помалите етнички заедници во изминативе 4 години ги изгласавме сите закони од Рамковниот договор што се однесуваат на правата на Албанците во Република Македонија? Да, а вие тоа многу добро го знаете и во сите говори во Брисел се фалевте со тој факт дека припадниците на помалите етнички заедници, заедно со мнозинската македонска партија ги поддржуваат

законите од Рамковниот договор за реализација на правата на албанската заедница во Република Македонија.

Што е кваката или што е одговорот? Понекогаш, во говорот не е добро само да покажете добра волја. Понекогаш морате во практичното политичко дејствување да покажете добра политичка волја и да ги реализирате нашите барања.

Ќе ве потсетам, без оглед на добрата волја на зборови, во изминативе 4 години не донесовме ниту еден закон што ги регулираа правата на помалите етнички заедници. Во изминатите 4 години не формиравме агенција што ќе се грижи за правата на помалите етнички заедници. И вие, како политичка партија, можеби поради неискуството, можеби поради тоа што прв пат влеговте во власт а ви се стори дека тука сте само заради Албанците во Република Македонија, а не и за другите граѓани во Република Македонија. И, на крајот на краиштата, немојте да заборавите дека Владата на Република Македонија ја сочинува парламентарно мнозинство од преку 61. Ја имавме таа можност, меѓутоа таа можност во пракса не беше реализирана.

И на крајот, јас само ќе ве потсетам, спомнавме една многу интересна работа спомнавте, кога станува збор за легализација на Тетовскиот универзитет. Тука ќе завршам.

Да ве потсетам, на општо изненадување на македонската јавност, јас бев тој кој го поддржа тој Закон, со сите негативни коментари што одеа во јавноста. Затоа имам и личен и морален интегритет да ве повикам да не подигате рака по правата на припадниците на помалите етнички заедници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли контра реплика, госпоѓо Арифи?

Повелете, вашата минута.

**Теута Арифи:** Почитуван колега Стоиљковиќ,

Законите што се поврзани со Охридскиот рамковен договор и што ги изгласавме, мислам дека се закони што не се однесуваат само на Албанците, туку се однесуваат и на другите етнички заедници. Како што впрочем и Охридскиот рамковен договор не се однесува само на Албанците, туку апсолутно, се однесува на сите нас.

Имајќи го токму тоа предвид, имајќи го предвид фактот дека ги поддржавте сите овие позитивни промени, затоа и ви предлагаме решение. Не сме ние ан блок против, туку предлагаме решение, а решението се вика Македонија една изборна единица. Тоа е нашата понуда за вашите проблеми во однос на претставувањето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓо Лалчевска, повелете со вашите три минути реплика.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Колеги пратеници,

Секогаш ги ценам говорите и размислувањата на мојата почитувана колешка Теута. Со внимание ги следам. Морам да истакнам дека да, јас се согласувам со претежниот дел на нејзините размислувања. Слични или можеби се исти со моите.

Меѓутоа, не може да не станам и да не кажам дека во една работа изгледа суштински се разликуваме, меѓутоа во перцепцијата на нештата. Вие, госпоѓо Арифи рековте дека предлогот за позиционирани места на помалите етнички заедници ги дерогира принципите и механизмите изградени во Охридскиот рамковен договор.

Јас, пак, мислам сосема спротивно. Дека ваквите предлози, јас не велам дека овој предлог е еден единствен, можен. Постојат и други решенија. Дајте да разговараме околу нив. Меѓутоа, во секој случај ваквото решени, до кое сите ние како политички субјекти ќе дојдеме заедно ќе ги операционализира уставните амандмани и ќе овозможи сите, повторувам сите заедници да учествуваат во политичкиот живот на државата. Тоа би било правично решение, тоа би било во духот на она што е претечено во амандманите, како политичко решение во Рамковниот договор.

Тогаш, госпоѓо Арифи и вие како реална опозиција и другите како лојални владеачки партии на своите граѓани и ние сите како лојални политички субјекти ќе кажеме да, изградивме правично решение за сите нас.

Во спротивност, ако не изградиме механизам, достоен, сите да можат да учествуваат во политичкиот живот, тогаш тоа што е напишано во амандманаите што се резултат на Рамковниот договор ќе биде како “зрелите цреши на врвот на дрвото” и помалите заедници ќе можат да ги гледаат, меѓутоа ќе немаат скала т.е. механизам да можат да ги скинат.

Затоа мислам дека сите ние заедно, а очиглед но дека немаме спротивставени ставови околу тоа дека да, мора да има механизам што ќе се изгради, само прашањето е каков. Е, за тоа, каков механизам, ќе седнеме сите и ќа разговараме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли контра реплика?

Повелете госпоѓо Арифи, вашата контра реплика.

**Теута Арифи:** Почитувана колешке Лалчевска,

Ми причинува задоволство дека во голем дел се согласувате со моите тези. Сакам само уште еднаш да укажам дека вие како лојално парламентарно мнозинство не ни дадовте можност да се искажеме за нашите размислувања за оваа тема, за Изборен законик што во принцип се донесе со консензус на сите политички партии, меѓу другото на лидерските средби во име и со авторитет на мојот претседател каде учествував јас. Таа можност воопшто не ни ја дадовте, па моравме да направиме 4000 илјади амандмани, за да ве

наведеме дека да, имаме и ние нешто да кажеме и да понудиме за тоа.

А во однос на тоа, ако оваа дебата секако продолжи и понатаму и ако вистински сакаме да најдеме решение, ние сме подготвени вистински да бараме и најдеме решение за подобро функционирање на Охридскиот договор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Матоши, повелете вие со вашата реплика.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседател.

Трет дискутант од редот на Демократската унија за интеграција која излегува и говори дека се дегенерира Охридскиот рамковен договор и се загрозуваат интересите на Албанците во Македонија.

Со внимание ја сослушав, но јас не знам што е анти албанско и кои се тие интереси на Албанците кои се загрозуваат? Доколку касарната во Куманово се претвори во средни училишта за граѓаните Албанци во Куманово, дали Тетовскиот универзитет се комплетира со сите елементи за свое функционирање како Универзитет со капацитети што ќе ги посакаат сите Албанци во Македонија.

До колку госпоѓа Теута знае да ги разликува, замeникот премиер за сектор за правична застапеност и заменик премиер за имплементација на Охридскиот рамковен договор, каде и сега го претворивме во секретаријат, кој ќе биде надгледувач за имплементирање на Охридскиот договор. Не знам каде е тука антиалбански интерес. Зошто не се крадат болниците, како што се крадеше во болницата во Тетово, Гостивар, Куманово. Не знам каде е тука антиалбанскиот интерес, бидејќи имаме институции, се одржуваат семинари, ова ли е антиалбански интерес за тоа што говорите вие. Вие се трудите на секој начин и по секој начин да ни вградите еден елемент, антиалбански елемент и непотребен, кој е непостоечки елемент во однос на измените на законикот. Јасно е дека се оневозможува на автономијата, некој македонски политички кампус да има влијание врз помалите етнички заедници, а заедниците ќе се претстават на реален начин во овој Парламент. Јас знам дека во ДУИ функционира една јака ложа која ги брони интересите на СДСМ, кои сакаат да ги штитат по секој услов тие 70-80 илјади глсови на помалите заедници кои одат во оваа партија. Но, да создадеме еден антиалбански амбиент, а се гледа работата дека оди добро, тече добро и процесите течат добро, мислам дека е еден дилентатизам или политичко незнаење, политичка неука. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Арифи, вашата минута.

**Теута Арифи:** Почитуван господине Матоши, во поголемиот дел од вашата реплика, работите што ги кажавте воопшто немаат врска со мојот говор. Ако ние почнуваме да ги набројуваме нашите достигнувања за четири години, нема да ни бидат достапни четири тетратки и повеќе. Слушајте, ве молам.

Меѓувреме, ние говориме за темата за правично и соодветно застапувањ. Истовремено и за игнорирањето на албанската политичка волја, до колку се ангажирате толку многу. За другите, апсолутно ќе беше добро да се ангажирате малку повеќе и за вистинскиот авторитет на правичната застапеност на Албанците во вашата Влада, кој што е инфериорен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Сите ќе добиете збор, а сега е господин Неждет Мустафа, потоа госпоѓа Куновска Јагнул и Шутаров.

**Неждет Мустафа:** Почитувана госпоѓо Теута,

Со огромно внимание го следев вашиот говор и секој ваш збор. Морам да ви признам дека не можев да одолеам, а да не ви заблагодарам на убавите зборови за правата на малцинствата и за болните страни во нашето македонско општество токму во однос на местоположбата на малцинствата во македонското општество.

Вашиот говор ќе остане во едно големо сеќавање кај мене, исто кога и за прв пат го читав говорот на Мартин Лутер Кинг, неговиот голем сон. Вашата порака, особено во однос на ромската заедница, како што потенциравте како најранлива заедница во македонското општество е убаво што ромскиот народ тоа го има слушнато од вас, од вашата политичка партија. Тоа е добро да признаваме дека Ромите во македонското општество се најранлива заедница и дека како такви на нив треба да им се помогне по принципот на познатиот и признатиот став на демократијата, позитивна дискриминација.

Госпоѓо Теута, добро рековте и добро внимававте во однос на моите амандмани дека јас се борам Ромите да го добијат она што им следува, три пратеници. Но, гледате дека и ние со што се бориме тука, дури и она што ни следува не ни се дава. Тоа значи дека имаме сериозни проблеми во однос на рамноправноста на заедниците во македонското општество. И, тоа е добро од ваша страна што вие тоа го сигнализирате и давате предност на нас, на заедниците. Вашето сомневање во имплементацијата на оваа идеја, објективно по вашиот говор не стававо една огромна грижа, дали уште еднаш заедниците во македонското општество не се земени токму така како што рековте договарање за ден ден, за еден час. Сметам дека тоа во македонската политичка историја ќе остане еден голем траг, ранлив траг, до колку навистина тоа така ќе се случи, како што вие тоа го рековте.

Ние уште еднаш, припадниците на заедниците многу искрено учествуваме во оваа дебата и многу искрено да придонесеме да ја прифатиме синтагмата на Европската комисија која ја има прогласено 2007 година како година за еднакви можности. Ова е доста добар момент за македонската политичка сцена да се

имплементира пораката на Европската комисија во врска со еднаквите можности.

Јас сакам да бидам убеден и мојот скептицизам сакам во истиот момент да го елиминирам секако со моите колеги дека ова нема да биде дискусија само на прва фаза и дека втората фаза не ќе се знае кога ќе отпочне.

Уште еднаш благодарам на убавите зборови што ги дадовте во однос на ромската заедница.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има против реплика?

Госпоѓа Арифи има реплика.

**Теута Арифи:** Јас само би додала дека во страницата 27 од извештајот на ОБСЕ и ОДИХР точка 19 многу јасно вели дека авторитетите треба да го имплементираат акциониот план од ОБСЕ за Ромите и за синти заедниците специјално, делот 6 што се однесува на помош, поддршка во влегување на овие заедници во јавниот и во политичкиот живот. Вистински мислам дека не само треба да зборуваме, да се залагаме и за тоа, а не велам уште еднаш, овие теми да бидат само искористени за политички интереси на други, кои апсолутно не се загрижени за вистинските проблеми на помалите етнички заедници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева, вашата реплика.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке Теута Арифи, со задоволство и со внимание го слушав вашиот говор и се согласувам со вас дека како земја поставивме нови вредности со Охридскиот рамковен договор, во кој што јасно е дефинирана политичката волја на сите потписници на Охридскиот рамковендоговор, политики субјекти, кои сеуште постојат на македонската политичка сцена, меѓу кои што сме и ние како ВМРО-ДПМНЕ.

Затоа, би сакала да ве потсетам дека наша заедничка обврска е таа политичка волја, која што е дефинирана во Охридскиот рамковен договор, заеднички да ја спроведуваме и унапредуваме и тоа го правиме секојдневно, се надевам на задоволство на сите. Ќе ве потсетам на основните принципи од Охридскиот рамковен договор и на точката 1.3, каде што јасно кажува дека мултиетничкиот карактер на македонското општество мора да се сочува и да најде свој одраз во јавниот живот. Тоа што го правиме во овој момент, она за што дискутираме сите ние заедно е токму тоа да се најде свој одраз во јавниот живот мултиетничкиот карактер на македонското општество. Ќе се согласите дека албанската етничка заедница со уставните амандмани посебно е заштитена и Бадентеровиот принцип е утврден не само како ексклузивно право само за Албанците, туку за сите припадници на помалите етнички заедници во Република Македонија. Тука влегуваат и овие етнички заедници кои што прават нешто над 10% од популацијата во Република Македонија. Токму заради тоа што тие во овој момент со нивната бројност, не наоѓаат свој одраз во јавниот живот на Република Македонија, токму заради тоа се прави овој чекор и на задоволство на сите ја водиме оваа дискусија, верувам, па да се надеваме дека ќе вроди плод и ќе го имплементираме и овој дел од основните принципи на Охридскиот рамковен договор.

Не можам да се согласам дека учествуваме во рушење на принципите на Охридскиот рамковен договор токму од овие причини. Не можам да се согласам дека има антиалбанска тенденција во овој изборен предлог што е доставен до пратениците на Собранието на Република Македонија, токму ќе тргнам од таму што и вие кажавте дека простор за помалите етнички заедници има и сите ние сме спремни да го прошириме тој простор. Впрочем, тоа се ваши зборови и не верувам дека некому во оваа земја ќе му пречи токму тоа проширување на овој простор, кој што не оди на штета на албанскта етничка заедница, чии што права јасно се дефинирани со уставните амандмани на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам што нашиот механизам за предупредувачки механизам не се вклучува, така што последните два или три говорници можеби се почувствуваа ускратени за тоа што објективно прекинувам според часовникот, но го немаме оној предупредувачки механизам и жалам за тоа. Во најскоро време ќе видиме каде е дефектот и што има.

Повелете, претпоставувам со вашата контра реплика госпоѓа Арифи.

**Теута Арифи:** Почитувана колешке Бонева, мултиетницизмот и залагањето за мултиетнички вредности е повеќе од само изјава. Имам впечаток дека грижата за помалите етнички заедници кај вас не дојде како резултат на вашата програма, затоа што е сум успеала тоа да го читам, за вашата ориентација, барем не до сега. Туку, како резултат на политичкиот момнт и како резултат на сите околности кои станаа после игнорирањето фактички неволјата на Албанците. Исто така, за жал, поради сета таа лоша политика во моментот во нашето Собрание не функцинира Комитетот за меѓуетнички односи, што уште еднаш подвлекувам, е многу битен инструмент за нас и за другите етнички заедници.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Куновска, повелете вашата реплика од три минути.

**Јагнула Куновска:** Сметам дека сонот на Мартин Лутер Кинг не соодветствува да биде мото во говорот на госпоѓа Арифи. Би сакала нејзиниот односно мојот сон и нејзиниот да ни се заеднички по однос на иднината на Македонија, како и нашите поколенија. Затоа, јас прашувам во што се чувствува дискриминирана како граѓанин во оваа држава, па што посака односно изјави дека нејзиниот сон е нејзините деца во иднина да не бидат дискриминирани. Сакам да кажам дека мотото на Мартин Лутер Кинг може некој друг во

соседството можеби или во некои други држави исто така да биде сон, но не наш, туку на некои туѓинци надвор од Македонија. Исто така сакам да кажам дека се додека говориме за нашата и вашата заедница, заедницата на Албанците и Македонците, за нашите и вашите интереси и јас исто така ќе кажам и ќе изјавам исто така како госпоѓата Арифи дека се сомневам во лојалноста, се сомневам во лојалноста на другиот, бидејќи секој си ја сфаќаме лојалноста кон државата по се изгледа на свој начин. Исто така, се сомневам дека секој од нас сака да постигне некој свој личен консензус по однос на битните клучни интереси на Република Македонија. Во таа смисла исто така и јас ќе се сомневам во демократските капацитети на другиот, сметајќи дека некој друг ми ги руши моите, како што тој смета дека јас ги рушам неговите.

И уште нешто, јас ќе кажам дека Бадентер и Рамковниот договор не е ексклузивно право на ниедна заедница, било на албанската, било на македонската, од причини што Македонија не е збирштина на малцински заедници од соседствата. Македонија е држава самостојна и суверена и во неа, ако ние го прифативме Рамковниот договор, а јас лично не го прифатив, но сепак јас се повинувам по неговите принципи и ние треба да знаеме дека тој Рамковен договор вграден во Уставот важи за сите нас, а не мајоризација на овој или оној, на другиот. Во таа смисла треба ние на помалите заедници да им дадеме право да го истакнат и својот интерес не индиректно, туку директно во вој Парламент да можат да го изложат, како и ние што велиме припаѓаме на поголеми заедници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Арифи, претпоставувам вашата минута.

**Теута Арифи:** Ако госпоѓа Куновска сака да зборува за лојалноста со мене толку многу и да искажува сомнежи што со години ние ги слушаме тука и ни се доста веќе, сакам да и кажам дека не може да биде полојална од мене, затоа што јас сум родена тука во оваа земја, а колку што знам вие не сте родени тука, туку сте родени во Егејска Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Куновска.

**Јагнула Куновска:** Јас воопшто не реков дека некој е лојален или не, туку реков дека се сомневам во лојалноста на другиот, а не госпоѓа Арифи дали јас сум родена тука или не, тоа е сосема друга тема. Ние можеме да седнеме да разговараме и по однос на тоа за правата во оваа земја. Никој не може никому да оспори право како граѓанин, како државјанин во оваа земја, роден тука или не.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Во однос на последниот дел на вашата изјава, тоа може да се смета во однос на тоа каде сте родени или за процедурална интервенција.

Дали може сега да дадам на последниот пријавен за реплика, господин Шутаров.

Повелете господине Шутаров уште вашата реплика од три минути.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе.

Сакам да расчистиме со една своевидна мистерија која што цело време во дискусиите на претходните дискутанти се наметнува, од последниот извештај на Венецијанската комисија и сакам тоа од збор до збор да го слушне и македонската јавност и колегите пратеници, за да не остане момент за поедини интерпретации. Член 9 или став 9 - Република Македонија е лимитирана на од прилика 45 дипломатски претставништва во странство, па тоа отежнува некои од гласачите да искористат можност за гласање. Внимание би требало да се обрне за воспоставувањето на додатни избирачки места на локации каде што одредена група на граѓани кои направиле барање за воспоставување на гласачко место подолго време пред изборниот ден во било која земја во гласањето во странство, е имплементирано формална доза, би требало да се бара од домашните власти за спроведување на такви активности. Тоа апропо, паралелата на колешката Арифи за гласање во Шведска и паралелно во Норвешка, само за еден пример Република Бугарија само во Истамбул за потребите на своето иселеништво од муслиманска националност има организирано преку 80 избирачки одбори. Тоа не се 80 ДКП-еа, тоа се 80 избирачки одбори на различни локации само во Истамбул.

Апропо сон, еден наш родоначалник на монаштвото, сегашен владика има напишано една прекрасна мисла која звучи вака. “Оној што не сонува нема право да критикува”. Јас го Почитувам секој сон, денешниот сон на госпоѓа Арифи беше посебно инспиративен. Но, никој овде не стана и не спомна за еден сон што се вика македонски сон наш заеднички заедно со сите етнички заедници, кој што оди во правец на нашето заедничко интегрирање во Европската унија и НАТО. И, кога сме веќе кај соновите, колку да го рапршам малкуコприната на сонот на госпоѓа Арифи, сакам да и нагласам за еден д клучните мисли, заклучоци и од извештаите на ОБСЕ и на Венецијанската комисија, а тоа од прилика гласи вака и би ја запрашал во контра репликата, што таа како репрезент на еден прилично голем албански политички кампус има преземено, па и во четирите илјади документи од амандманите во врска со интегритетот и транспарентноста во гласањето, кое што како на недостаток во така речиси сакндинавските избори 2006 година беше посебно идентификувана во политичкиот кампус, на кој што е таа претставник. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине Шутаров.

Ако ми дозволите ќе кажам половин реченица: “Оној што сонува обично спие”. Не е многу препорачливо политички да се спие.

Повелете, госпоѓо Арифи, вашата контра реплика.

**Теута Арифи:** Почитуван претседтеле, до колку вие мислите дека Мартин Лутер Кинг спиел е навистина интересно, но јас не мислам дека е токму така, затоа што и поради тоа се укина расната дискриминација во САД, поради фактот што некој не спиеше, но некој сепак сонуваше еднаква држава. Тоа е прашање на коректност и на интегритет. Ние не се гледа дека спиеме оти пишуваме 4000 амандмани.

Во принцип сакам да изреагирам на фактот дека во однос на Венецијанската комисија според нас, апсолутно има дилеми околу квалитетот на гласањето надвор од Република Македонија, а во однос на извештајот на ОБСЕ за инцидентите во изборниот процес, мислам дека инцидентите како што се наведени во извештајот на ОБСЕ се доста балансирани во однос на двете страни на Македонија. Но, треба да направиме повеќе тој процес да биде транспарентен и отворен за сите. Ние сме спремни апсолутно да учествуваме во подобар изборен процес.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега. дозволете ми паузата за ручек да ја дадам нешто порано зошто предлагам координација и ги повикувам шефовите на пратеничките групи, како и припадниците на помалите етнички заедници на краток состанок да се координираме во Охридска сала. Благодрам.

За другите, се разбира, важи паузата за ручек.

Продолжуваме во 14,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,39 часот)

**Иван Анастасовски:** Пратеник госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

(Пратеникот Поповска Лилјана говори од место)

Јас, еве причекавме скоро 15 минути не можам да предвидам кога ќе дојдат луѓето и кога ќе се приберат. Што се однесува до мене јас ќе причекам и до 17,30, меѓутоа не знам кога ќе дојдат колегите.

Јас мислам дека кога ќе почнете со дебата полека ќе почнат луѓето да доаѓаат еден по еден и ќе се наполни салата.

(Пратеникот Поповска Лилјана говори од место)

Можеме не е проблем ќе причекаме.

Ќе почнете?

Чекајте, сега го нема претставникот на Владата. Да го повикам, повелете.

Повелете, ако може вратите да се затворат.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван претставник на Владата, почитувани колеги пратеници.

Јас најпрвин сакам да му одадам признаие на Парламентот што со разум и толеранција излезе од блокадата, имено што овој закон кој што е толку важен го предложи да оди во две фази и мислам дека на тој начин добивме навистина една квалитетна расправа, каде што секој претставник на Собранието се обидува да даде конструктивен придонес, да даде отворено свои размисли за предлогот за донесување закон за измени и дополнување на Изборниот законик и сето тоа верувам дека оди во прилог во напредок на демократијата и на крај изнаоѓање најсоодветен модел на избори.

Морам да кажам дека Предлогот на текстот за Изборниот законик кај мене буди двојни чувства. Од една страна радост поради тоа што се дава можност тоа гласање на дијаспората и поради тоа што се обрнува внимание и се покажува грижа за помалите етнички заедници кои што досега неоправдано беа запоставени, но од друга страна пак, овој Предлог текст кај мене буди загриженост поради понудениот модел за ова да се оствари.

Што се однесува до радосниот дел и она поради што сум спремна да го подржам во тој дел законот, гласањето на дијаспората, тука немам никаква дилема. Јас како политичар сум се залагала оддамнини за можноста дијаспората да гласа. Тоа го преточивме и како една од заложбите на партијата ДОМ уште во самото формирање. Рековме дека ќе покажеме посебна грижа за нашите малцинства во соседните земји и гиржа за поврзување на дијаспората. Веруваме и верувам дека поврзаноста со нашите луѓе секаде каде што живеат е многу важна за да се чувствуваме како едно село. На тој начин можеме да ги надминеме историските неправди и историските грешки и на тој начин можеме на современ европски начин да се поврземе меѓусебе. Светот станува едно глобално село и комуникациите помеѓу луѓето се особено важни. Затоа, правото и можноста да гласаат нашите иселеници во странство извонредно важно за Република Македонија и за нејзиниот развој.

Она што се спомнува како пречки тоа да се оствари мислам дека не се вистински пречки. Постојат одредени технички уште неподготвености за одредени фази од тој процес, но тие можат да се надминат и за таа цел на крајот ќе предложам и сосема конкретни предлози.

Инаку, можноста да гласа дијаспората е голема придобивка и на овој начин јас лично како политичар и како политичка партија ДОМ ќе се чуствуваме дека сме придонеле и ние за остварување на оваа дамнешна желба и заложба.

Што се однесува до покажувањето грижа за помалите етнички заедници и воопшто помалите заедици во Република Македонија што Владата ја покажува преку овој закон е за поздравување. Тоа е многу значајно, затоа што мислам дека со право претставниците на помалите заедници истакнуваат дека се чуствуваат запоставени во Република Македонија како да е важен само односот помеѓу Македонците и Албанците, а тие

како да се некаков декор, како да се на маргините од главните процеси. Тоа се разбира не беше така, затоа што оваа држава и овој уставен поредок е граден за да се води сметка за секој поединачен граѓанин, меѓутоа чувството на запоставеност постоеше и преку овој законски текст Владата сакаше тоа да го надмине и да ја подобри застапеноста на помалите заедници во изборниот процес, а со тоа и во одлучувачките тела, пред се во Собранието. Значи, на ниво на желба и заложба јас тоа го поздравувам и јас исто така сакам тоа да се случи.

Меѓутоа, што се однесува до моделот кој што овде се предлага за мене тој е загрижувачки и ваков каков што е тој е неприфатлив. Имено, се предлага квоти да има за помалите заедници во државата, додека на нормално вообичаени избори да одат само претставниците на таканаречените македонски односно албански политички партии. Ова вака направено доколку би се реализирало би претставувало голем преседан и голем проблем кој што би направил едно тектонско поместување во државниот модел во државата, во државниот концепт во државата. Затоа што во моментот со нашиот Устав во Република Македонија е дефинирана како унитарна, граѓанска држава со мултиетничко општество. И целиот модел на гласање, Бадинтеровиот модел е замислен како можност да се спречи мајоризицијата на најголемата заедница врз другите помали заедници. И целта е правичност. Значи тоа е направен како заштитен механизам против мајоризација, но од друга страна водено е сметка да не се наруши граѓанскиот карактер на државата. Тоа значи, секој граѓанин во државата  да има еднакво значење, секој граѓанин во државата еднакво да тежи и неговиот глас да има еднакво значење и еднаква тежина. Токму затоа на избори одиме сите, под еднакви услови и под тие услови се бориме за обезбедување подршка  и со тоа понатака за обезбедување одредено учество во Парламентот и во власта.

Но, вака како што е предвидено, квоти за сите помали заедници, а само условно кажано, македонските и албанските партии да одат на друг начин на избори, тоа ќе значи преминување од грѓанскиот концепт на државата, на унитарна држава, на граѓанска држава кон бинационална држава. Затоа што на тој начин директно, ако е некој писмен и сака да ги прочита политичките пораки на овој модел, тоа значи дека во државата постојат два народа и повеќе малцинства. Затоа се радувам што имаме можност да поразговараме отворено низ повеќе фази  за овој закон и сите овие работи да ги разјасниме. Значи, моите ги кажав и радоста поради можноста да гласа дијаспората, и поради загриженоста и грижата што ја покажаува Владата за помалите заедници, меѓутоа ја искажав и својата загриженост заради моделот што се предлага.

Конкретно моите забелешки се однесуваат, прво, реков, на промена на концептот на државата што ќе се постигне со ова, затоа што изборниот модел се гради според концептот на државата и тој треба да произлегува од концептот на државата инаку во ваков случај би дошло до една аномалија изборниот модел да предизвика турболенции и промени во самиот државен концепт.

Значи, опасноста од мултиетничко општество да одиме кон бинационална држава и второ што ќе се постигне на ваков начин ќе се јакне етничкиот принцип за сметка на граѓаните.

Почитувани колеги, ние сите сме свесни дека во државата имаме мултиетничко општество и ние сите се грижиме секој претставник и на група, но и секој поединечно граѓанин да може да ги исполнува и да ги исползува своите граѓански права. Притоа има и проблеми, има и недоразбирања, има потреба за повремени модификации на одредени законски решенија, меѓутоа во основа треба да водиме сметка за концептот. Што може да се случи на ваков начин.

На ваков начин кога ние во моментот се радуваме сите кога во една партија, и се фалиме со тоа многумина од нас дека во една партија има претставници од различни припадници, различни групи, и го нагласуваме граѓанскиот карактер на секоја политичка партија, ние практично преку еден ваков модел ќе го стимулираме геторизирање на луѓето спрема етничката припадност.

Имено, ќе се направи едне притисок и оние поретки припадници од една етничка заедница, што се приклониле кон политичка партија која претежно има друга етничка заедница, ќе ги натераме и тие на некон начин да излезат и да се групираат по етничка основа, бидејќи тоа ќе носи одредни бенефиции.

Јас сакам да бидам правилно разбрана. Јас сум секогаш за квоти во поглед на помалку застапените заедници во било која смисла, јас сум била и сум за квоти и на женската популација заради помала застапеност. Јас сум била и се уште сметам дека треба и во администрацијата да се воведат квоти за лицата со хендикеп. Тоа го има во многу европки држави, затоа што меѓу нив има извонредно едуцирани и умни луѓе кои што поради хендикепот се оневозможени да ги следат во трката за вработување своите сограѓани, а државата заради репрезентативност и заради правичност предвидува квоти и за такви цели. Јас сум за квоти за вработување и за пишување во средни училишта и на факултети за помалку застапените заеници, затоа што на тој начин ние во овој преоден период мораме да постигнеме правична застапеност за да може секој граѓанин да се чуствува како свој на своето и потоа логично е секој граѓанин да и врати на државата заради грижата што ја покажува за него, да и врати со лојалност, со одговорност, со добро работење. На тој начин јасна е кохезијата на државното ткиво. Меѓутоа, во случајот ако се направат вакви квоти во Изборниот законик, тоа ќе придонесе за тектонски промени во концепто

на државата. Мислам дека тоа не само што не ни треба, туку тоа не треба да си го дозволиме, а за она што сакаме да го постигнеме има и други начини.

Почитувани колеги, има и други начини каде што може да се обезбеди правична застапеност на секоја заедница во државата. Едно од можните решенија секако е Република Македонија да биде една изборна единица. Тоа е реално решение. На тој начин секој, секоја групација претставена преку одредена политичка партија ќе може да добие онолку гласови колку што има претставници во Република Македонија. Тука не треба да се плашиме.

Долги години идејата Република Македонија како една изборна единица беше табу тема и често пати се јавуваше страв дека на тој начин можеби втората по големина заедница, албанската би добила преголемо, условно кажано, учество во власта, законодавниот дом, а со тоа и влијание во државата. Ајде да видиме што значи тоа преведено во бројки и кажано со обични зборови во обична ситуација.

Ако според пописот постојат 25% на албанската заедница во Република Македонија во тој случај при една изборна единица, Република Македонија тоа би значело 25% од гласачите, доколку е излезноста иста или слична на територија на цела Република Македонија. Тоа во бројки изразено значи 30 пратеници од албанската заедница во овој Парламент.

Почитувани колеги, ние во моментот имаме 30 пратеници кои се декларирани како албанци во овој Парламент. Тоа е постигнато и во овие услови кога имаме 6 изборни единици. Зошто е постигнато, некој може да се запраша, а кога веќе размислуваме можеби не е лошо тоа да го разјасниме.

Во случајот тоа е постигнато поради две главни причини, според мое мислење.

Прво, поради тоа што во албанското гласачко тело има главно има три релевантни политички субјекти кои што се борат за распределба на гласовите, додека во другиот корпус постојат многу голем број, постојат 40-тина политички субјекти кои што се борат за гласови. И сосема е природно што гласовите помеѓу 40-тина политички субјекти ќе се распределат така што ќе има голем број загубени гласови, додека кај албанските три субјекти тие ќе бидат концентрирани, добро насочени, посебно што се оди обично за две коалиции од тие три субјекти и има многу мал број изгубени условно кажано гласови.

Да не заборавиме дека на последните парламентарни избори имаше некаде околу 90 илјади гласови изгубени, кои што отидоа некаде по 200, по 300, по 500 гласа распределени помеѓу тие 30-на субјекти кои што не влегоа во Собранието, а учествуваа во изборите.

Другата причина поради која што бројот на албанските пратеници во Собранието и сега е 25%, иако не е една изборна единица е тоа што, мора да признаеме, јас ве молам да не ми замерите, меѓутоа во добар дел изборни единици, каде што е претежно албанското гласачко тело имаме 102% условно кажано. Тоа е нешто што сите се бориме и со што верувам ќе треба и во иднина да се бориме, но она што многу години се претставуваше како проблематично и условно кажано неизвесно што тоа би значело ние го имаме во Собранието и Собранието функционира и државата финкционира. Значи, ние веќе во моментот имаме 25% застапеност во ова Собрание од албанската етничка заедница.

Доколку имаме и обезбедиме фер и демократски избори на целата територија на Македонија, а тоа ни е, верувам заложба на сите нас, тоа е состојбата која ќе ја имаме и при една изборна единица. Тоа сакам да го извадиме од главата како причина за страв и за неизвесност.

Јас зборувам максимално отворено, затоа што само ако зборуваме отворено ние ќе се разбереме и ќе ги анализираме работите во вистинската смисла онакви какви што се.

Значи, јас велам добро би било да размислиме дали може да организираме избори со Македонија како една изборна единица, на тој начин и сите заедници, сите групации и сите политички партии и субјекти реално ќе можат да го добијат оној процент на застапеност спрема поддршката што ја имаат во граѓаните. Мислам дека тоа би бил правичен модел и на тој начин би надминале многу непотребни претумбации во концептот на државата.

Ова беше мојата главна забелешка.

Би спомнала уште  две работи за да раскршиме уште некоја илузија.

Мислам дека низ јавноста проструи една теза, тоа го слушнавме од колегите на опозицијата дека ова се предлага со цел да се обезбеди Бадентер. Јас верувам кога Владата вели дека тоа не беше целта, туку целта беше да се постигне реална и правична застапеност на помалите етнички заедници. Инаку, патем кажано, да ви кажам право јас мислам дека секој да помислил дека на ваков начин ќе го реши Бадентер е во голема заблуда. Ако сега имаме условувања од една политичка партија која е во опозиција, а која е поврзана со Бадентер, дозволете ми да го кажам моето мислење дека можеби да се случи, теоретски кажано, во некоја друга ситуација, до колку се усвои ваквиот модел, да имаме не една, туку еден плус 10 места за условување во поглед на Бадентер и работата само би се искомплицирала, а не би се олеснила.

Ова го зборувам како хипотетичка ситуација, како одговор на забелешките од опозицијата дека ова се прави од тие причини. Јас верувам дека на сите и од нашата коалиција ни е јасно дека на таков начин не може никој да се купи, ниту на таков начин, тоа го зборувам под наводници “да се купи”, ниту на таков начин може да се надмине или да се заобиколи, недај Боже Бадентер. Тоа не е целта и тоа треба на сите да ни биде јасно.

Уште една забелешка што ја имам, покрај радоста од можноста да гласа дијаспората, почитувани колеги, јас мислам дека со овие три места предвидени за дијаспората во Парламентот ние на некој начин ќе ја изневериме дијаспората. Преку три места многу тешко дека луѓето што ги има повеќе надвор отколку во Македонија ќе можат сериозно да влијаат врз политиката на нашата земја. Јас многу силно би се заложила да се размисли за поголема бројка, за десетина, па можеби и повеќе пратеници од дијаспората. Сум гледала проценти во некои други парламенти и во Франција и во Полска, мислам дека тука некаде би била соодветната бројка и молам за тоа сериозно да се размисли.

На крајот, еве ги моите конкретни предлози.

Предлагам да се размисли за Македонија како една изборна единица.

Да се уреди избирачкиот список во Република Македонија, што значи да се исчисти од умрени и иселени лица еднаш за секогаш и да не се става тоа прашање како проблем на маса.

Понатаму, да се уредат списоците со наши иселеници во дијаспората и тоа треа да почне ден поскоро таа акција и конечно, јас би замолила, почитувани колеги, за коректно демократско однесување на сите нас во Собранието кога се работи за Изборниот законик. Тоа е премногу важна работа по ова прашање да правиме деструктивни кочења, блокади и да доведуваме во прашање функционирање на една институција.

Значи, верувам дека како што започнавме со констуктивен приод кон ова прашање со самото тоа што изгласавме овој закон да оди во две фази, до колку продолжиме и понатаму со коснтуктивни дијалози, верувам дека ќе го најдеме оптималниот модел за кој сите ќе чувствуваме дека е правичен, добар и дека сите еднакво ќе не вреднува како граѓани на Република Македонија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Кој од пријавените е за реплика?

Имаме некои кои се веќе на листата, па да направиме список.

(Потпретседателот прави список на пријавени пратеници за реплика).

Седум пратеника се пријавени за реплика.

Прв за реплика од три минути господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседател,

Внимателно ја слушав колешката Лилјана Поповска која ме зачудува со својата дискусија. Повеќе би рекол дека е дел од нејзиниот разговор од демагашки аспект отколку од реалниот преглед или аспект што треба да го има еден пратеник кој учествува во парламентарното мнозинство и партиципира во власта.

Госпоѓата Поповска треба да се заблагодари не на парламентарното мнозинство и Владата за тоа што оди во две фази овој закон, туку треба да се заблагодари на нашата парламентарна група која што на институционален и демократски начин интервениравме со 4100 амандмани и ја принудивме оваа Влада и парламентарното мнозинство овој закон да оди во две фази, а не како што беше со завршен акт кој сакаше да ни го наметне оваа Влада само во една фаза.

Слушајќи ги сите забелешки и сугестии многу пати беше контрадикторна во својата дискусија, посебно кога даваше многу голема предност на гласањето на дијаспората. Госпоѓата Поповска, до колку се чувствува како државјанин на Република Македонија и до колку ги чувствува сите граѓани, без оглед на нивната етничка припадност како државјани на Република Македонија, дали размислувала некогаш и дали интервенирала во Владата сите оние граѓани кои се во дијаспората и живеат и привремено работат во западните земји секаде во светот. Дали тие го уредиле нивниот правен статус на државјанство или не. Дали размислува дека на овој начин ќе може да се реши овој проблем во насока на стекнување на државјанство на Република Македонија и сите граѓани од албанска етничка припадност и други етнички припадности кои живеат и работат на Запад и можат да им се гарантираат истите права како претставници на македонската припадност, тогаш јас ќе се согласам дека нависитна еден дел, еден сегмент од овој Изборен законик ќе се дополни и навистина овој Изборен законик ќе има наша подршка.

Што се однесува до моделот или концептот на уставното и правното уредување на Република Македонија, посебно на делот што го елаборира и со кој потполно се согласувам со госпоѓата Поповска на некој начин, според овој Изборен законик , Македонија де факто е бинационална држава. Тогаш, до колку помине овој Изборен законик во што многу се сомневам, тогаш нашата парламентарна група нормално ќе бара и ќе интервенира за уставни измени дека Македонија треба да се признае како држава на Македонците и Албанците и на другите етнички групи.

Што се однесува до другите етнички групи, тогаш доколку мислите на позитивна дискриминација на етничките групи, јас се согласувам Република Македонија да биде една изборна единица и тие чесно да ги добијат своите гласови секаде низ Македонија. Благодарам

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам потпретседателе,

Почитуван господине Незири јас сепак не можам на ДУИ да им се заблагодарам за 4-те илјади амандмани, мислам дека тоа не е коректен начин за демократска борба во парламентот и мислам дека е на границата на опструкција. Јас така ги гледам работите.

Што се однесува до гласање на дијаспората апсолутно стојам зад тоа дека треба на секој иселеник од Македонија што бил државјанин на Република Македонија да може да му се овозможи надвор да гласа, се разбира, при тоа мислам на оној што бил државјанин на Република Македонија или сака да биде државјанин на Република Македонија, а не да биде истовремено и на околните земји и на Република Македонија. Затоа што имавме и такви случаи во изминатите години. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за господинот Агрон Буџаку, повелете.

**Агрон Буџаку:** Благодарам.

Почитувана колешке, противречностите ги слушнав во самиот ваш говор, а сега уште додадовте.

Дали е ова предлог на Владата и на мнозинството или е предлог на господинот Груевски? Вие очигледно не се согласувате.

Второ, вие кажувате дека е ова вон уставно. Ако е вон уставно, тогаш има или една алтернатива или две опции. Или господинот Груевски сака преки Изборниот законик на некој начин да легализира бинационален карактер на државата или втората опција,спрема вашиот говор, тоа се прави знаејќи дека нема да помине, знаејќи дека можеби Уставниот суд ќе го поништи законот, со тоа само времено сака да ги излаже малите етнички заедници за да добие гласови по Батентер, што вие на некој начин го релативизирате.

Трето, врз основа на вашиот говор, не можеме тука дијалог да водиме, но по вашиот стенограм вие рековте дека дијаспората значи гласање и на Македонците што се во соседните држави. Има стенограм, а сега рековте оние иселеници да имаат право. Сега, дали мислите дека вака се дава право на државјаните на Република Македонија кои во времето на еден бивш министер за внатрешни работи добиле за гласовите државјанство, дали ќе имаат право да гласаат или не.

Неколку пати сум ви кажал дека премногу демагогија имате во вашите говори, но овој пат бевте многу искрени, рековте и набројавте колку албанци биле во Собранието.

Прво, дали е тоа став на Владата затоа што може да се случи ДПА гласа за ВМРО, тоа не е нешто што не се прави, туку дали е албанофобија во прашање или е во прашање грижата за граѓанскиот концепт на Македонија затоа што ако се сеќавате со вас и со другите после изборите цело време се говореше дека градиме граѓанска Македонија, дека таа партија што ги добила изборите, тогаш не признававте дека има албански и македонски политички блок, а сега фактички вие тоа го тврдите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитуван колега Буџаку, ова е апсолутно, мојата дискусија пред се тргнува од грижата за граѓанскиот концепт на Македонија затоа што сум длабоко убедена дека само така Македонија може да издржи и да опстои со векови.

Втора работа, чиј предлог е ова. Јасно е дека е ова предлог на Владата каде ние партиципираме, ја подржуваме заради илјада прекрасни предлози, извонредна работа, чесна работа. Меѓутоа, има работи каде некаде нема да се согласиме. Оние што се мнозинство во Владата го носат законот, го предлагаат до Парламентот и тоа е дел од демократијата. Мнозинството има право да предложи вакво нешто, но затоа постои Парламентот каде секој поединец може да се искаже јавно. Јас тоа денеска го правам, ги кажувам моите забелешки и на вашето прашање дали премиерот сака да воведе двојазичност или бинационалност во Македонија, апсолутно не. Јас знам дека премиерот има најдобра намера да воведе правичност во Македонија, меѓутоа, моделот не е најдобро одбран. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** Госпоѓата Поповска секогаш е конструктивна во своите дискусии и овој пат исто така. Меѓутоа, сакам да полемизирам по однос на две работи.

Прво што истакна Македонија една изборна единица, тоа е исто така став што го застапував 90-тите години на почетокот од нашиот плуралистички живот, меѓутоа, останувам при тоа дека денеска кога би сакале такво нешто да спроведеме, би требало многу дискусии да се отворат, бидејќи политичката ситуација и распоредот на политичките сили денеска е во некоја друга динамика. За тоа толку ќе кажам.

Сакав да дадам подршка на нејзината дискусија по однос на нашите државјани кои времено живеат, работат во странство. Да кажам дека три пратеници од нив е многу малку. Подржувам 10 пратеници најмалку треба да бидат од нашата дијаспора и да не правиме поистоветување, тоа не се луѓе кои се дел од нашето малцинство во Бугарија, Албанија и Грција. Ова се луѓе државјани на Република Македонија, кои се дел од општественото ткиво на нашата држава, кои имаат намера да се вратат назад, кои своите семејства ги имаат тука и дел од заработувачката поради нив ја инвестираат во Република Македонија, а исто така својот капитал го инвестираат во Република Македонија.

Сметам дека треба малку повеќе да обрнеме внимание на тој проблем и да заземеме став дека на нашите граѓани, државјани на Република Македонија, без оглед на која нација припаѓаат, кои живеат и работат во странство, многу малку е три пратенички места да им дадеме.

Во таа смисла и давам целосна подршка. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Ви благодарам колешке Куновска за подршката.

Јас се надевам дека во оваа цел ќе успееме затоа што аргументите се на наша страна. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за госпоЃа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе,

Внимателно го слушав говорот на мојата колешка Лилјана Поповска и ги почитувам нејзините размислувања, тоа се нејзини размислувања и ставови легитимно да се изнесуваат на оваа говорница, секако дека не значи дека сите треба да се согласиме со тие ставови.

Прво, сакам да кажам од која позиција се јавувам за реплика. Се јавувам од позиција на координатор на Клубот на жени пратенички во Собранието од позиција на вд. координатор на Клубот на жени на СДСМ и би ја прашала госпоѓа Лилјана Поповска која доаѓа овде и како лидер на партија во овие собраниски клупи, но секако и како претседател на Македонското женско лоби на Комисијата за еднакви можности. Дали и зошто не искажа негативен став околу новото решение кое се предвидува со член 32, а се менува членот 64 став 5 со кој практично долгогодишната борба на женското лоби или на женското движење во Република Македонија се враќа назад.

Имено, таа знае колку голем труд беше вложен за да дојдеме до решението на член 64 став 5 каде во листите за избор на пратеници и советници секое трето место е загарантирано едно место за помалку застапениот пол. Зошто не се спротивстави на идеата со овој предлог со кој за оваа одредба во иднина односно нема да важи за гласањето на дијаспората и припадниците на етничките заедници. Дали значи дека во дијаспората и кај припадниците на помалите етнички заедници ние немаме доволно способни жени кои би ги претставувале или застапувале нивните интереси во ова Собрание или тоа значи дека воопшто не е обрнато внимание на оваа одредба. Затоа барам од името на сите жени, на целокупното женско движење како претседател на Комисијата за еднакви можности и како претседател на македонското женско лоби да застане зад ова мое барање и во иднина воопшто да нема ваков член во Предлогот на законот, до колку навистина дојде во собраниска процедура ваков каков што е.

И за она дека кочиме, навистина колешке Поповска не го кочиме процесот, затоа што видовте дека дел од пратениците и од политичката партија на власт зборуваат повеќе од еден час за овој закон, затоа што навистина овде е политичка борбата и секој треба да си ги каже своите аргументи, а не да се класифицираме и етикетираме дека сме едни кочничари, а други реформисти. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Колешке Иванова, кочењето го мислев во смисла на доставување до Собранието 4000 илјади или 2800 амандмани, зависи кога се ставаат амандмани и мислам дека тоа е кочење по дефиниција, инаку, дискусиите како дискусии никој не би ги ограничил и никој не ги ограничува.

Инаку, што се однесува до идејата да не важат родови квоти кај помалите етнички заедници, јас не обрнав внимание на тоа во говорот, бидејќи сметам дека ова е само првична верзија, јас воопшто не се согласувам со ваквиот модел и затоа не го разгледував во детали и не го дискутирав во детали. Зборував само за моделот зошто не бил добар и зошто би не изместил од граѓански аспект на државата. Инаку, апсолутно не бегам од своите ставови, тие ни се заеднички во поглед на родовите квоти и заедно сме се бореле за нив. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика пратеник госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, внимателно го слушав излагањето на почитуваната колешка Поповска, како и одговорите, нејзините контра реплики. Она што го заклучив јас е дека таа всушност сакаше да каже дека премиерот имал чесни намери и сакал да направи добар Изборен законик, но овој пат згрешил. Отворено и чесно призна пред сите дека ваквиот Изборен законик е грешка и е згрешено од страна на подносувачите, од страна на Владата, поточно, како што таа кажуваше од страна на премиерот. Всушност дека е грешка ваквиот Изборен законик покажува и Извештајот на Венецијанската комисија, која претставува европска комисија за демократија низ закони, тело на Советот на Европа и децидно кажа со дипломатски речник дека ваквиот Изборен законик не ни чини. Дека е згрешен тајмингот, поточно времето кога се донесува и дискутира на нашето Собрание овој Изборен законик кажува и почитуваниот господин Фуере кој вели дека Македонија треба да ги концентрира силите на законите кои се битни во пресрет на Извештајот на Европската комисија. Изборниот законик за кој се дебатира во Собранието не е на таа агенда.

И трето дека е згрешено со овој Изборен законик покажува и оценката на ОБСЕ и ОДХР.

Значи, колеги пратеници очекував почитуваната колешка Лилјана Поповска да предложи да се симне од дневен ред на Собрнието, всушност тоа што го предлага и опозицијата, овој Изборен

законик, да се формира како што е нормално ви сите демократски држави комисија или работна група составена од членови на сите партии кои ќе предложат  Изборен законик кој ќе биде прифатлив за сите.

Јас слушав внимателно колешката Лилјана Поповска која децидно кажуваше дека ваквиот Изборен законик претставува преминување од унитарна во бинационална држава, всушност, кажуваше дека не се согласува со овој Изборен законик. И она што ме зачуди на крајот, контрадикторноста на целата нејзина дискусија беше обидот да и се додворува на Владата и да ја глорифицира. Ние знаеме дека вие сте дел од владеачкото мнозинство, знаеме дека се трудите да остварите некои ваши интереси во владината коалиција, меѓутоа, ви благодарам на искреноста и на вашата потврда дека ваквиот Изборен законик не чини. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитувана колешке Филипова, мене ми е навистина многу тешко да се додворувам некому и мислам дека сосема доволно е јасно тоа на целата јавност дека јас и за сметка на своја среќа го кажувам она што го мислам и се залагам за она што верувам, така што во случајов немојте да ми импутирате зборови што не сум ги кажала. Јас апсолутно му верувам на господинот Груевски дека има добри намери за Македонија затоа што тој тоа и го прави, добрите намери ги преточува во добри дела, а ако некаде не се согласувам со нешто што тој поддржал, тоа не мора да значи ништо драматично, посебно тоа не мора да значи дека тој згрешил, затоа што тоа е одлука и предлог на Влада, во Владата експертите се тие кои што ги образлагаат законите од правната материја. Ова е сепак една експертска материја. Токму затоа постои Парламентот, сите дилеми, сите разлики да се кажат и на крајот да дојдеме до закон со кој сите ќе се гордееме и ќе бидеме задоволни.

Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Последен за реплика се јави господин Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Уште еднаш моја констатација е тоа дека пратеникот Лилјана Поповска е навистина на позициите на кои беше во минатиот мандат. Ова го велам од причина што фрустрациите кај неа останале еве и во овој владин мандат. Искрено да ви кажам, доколку мисли како што се произнесе пратеникот Лилјана Попоска, сигурно ќе организираше еден референдум во Република Македонија против донесувањето на овој законик. Но сметам или ценам дека ова беше нејзина реторика колку да го каже сето тоа пред јавноста, дека со донесувањето на овој законик Македонија ќе стане бинационална држава. Додека доколку не се измени актуелниот закон, или не се усвои овој законик, Македонија ќе остане унитарна држава. Работите не стојат така. Не се така поради многу причини. Реалноста во Република Македонија или реалноста на Република Македонија е дека Македонија има две поголеми заедници и сакал некој или не, Македонија е национална држава, но не и де јуре. Доколку со овој законик Македонија и де јуре се прогласи бинационална држава, јас прв би го поддржал овој законик. Но работите не стојат така. Право на секој пратеник е да мисли и да се произнесе како што тој мисли.

Во однос на гласањето на дијаспората, еве, ја поддржувам пратеничката Куновска која и даде поддршка на Лилјана Поповска, ја поддржувам во делот кога треба да има десет пратеници од дијаспората, навистина би било добро, пет да бидат Македонци, а пет Албанци, бидејќи Албанците во овој законик нема да имаат можност да се изберат во дијаспората и да направиме една позитивна дискриминација и на овој начин, и не само јас туку мојата парламентарна група ќе го поддржи овој предлог. И пратеничке Куновска, од дијаспората не три, туку таа бројка да се зголеми на десет, но од нив пет да бидат Македонци, а пет Албанци. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван колега Алити, вие многу вешто ги испретумбавте моите тези, меѓутоа, еве, тоа е искуството и вештината на говорот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Фијат Цаноски, повелете.

**Фијат Цаноски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани пратеници, ќе се обидам накратко, иако се договоривме претходно на координацијата со претседателот нашите дискусии да бидат кратки, сепак изгледа продолжуваат и еден дискутант зборува по еден час.

Ќе почнам од измените на Изборниот законик. Не ми е јасно како млад политичар, еве од пред една година сум во Собранието и се бавам со политика, зошто имаше потреба да се донесе овој Предлог за донесување на закон, дали власта и поголемите партии се подготвуваат можеби за нови избори, кога знаеме дека до новите избори што се редовни има уште три години. Навистина не ми е јасно дали требаше да се предложи кога и овој закон не е со европски прашалник и се носи по итна постапка, па губиме време од неколку дена за овој закон. Секако, понатаму овој закон требаше да се донесе и јас како претставник на Партијата за европска иднина и како пратеник ќе дадам едно мое кратко видување за овој закон.

Добро е овој закон понатаму да се донесе и добро е што е во две фази, добро е етничките заедници да си имаат свое место во Македонија. Но не го поддржувам овој закон, од повеќе причини.

Прво, во тој договор што го направиле етничките заедници, дали со премиерот или со некои други, воопшто не бевме консултирани како една посебна заедница која што, господа, во Македонија е трета по број. Во Македонија, ако не ви е познато, а познато ви е бидејќи и вие така ги нарекувате, живеат и торбеши. Некои порано ги нарекуваа Македонци муслимани, некои вака, некои онака, но и самите знаете дека тоа е посебна заедница и во Македонија брои околу 120 до 150 илјади жители. За ова воопшто ниту бевме прашани за консултации, ниту се договаравме.

Накратко ќе ви објаснам која е таа етничка заедница. Оваа етничка заедница почитувани пратеници ја следуваат многу места, ако одиме по тој распоред што се даваат на другите помали етнички заедници. Ако велиме дека на Турците им се даваат четири места, на Бошњаците едно, на Ромите две, на Власите едно, но сигурно нам како бројка од 120 до 150 илјади жители ни следуваат 6-7 места, ако одиме по тој ред. Но ние постоиме. Во Уставот на Република Македонија се наведени македонскиот народ и другите етнички заедници, Албанци, Турци, Власи, Роми и сите други, но стои таму "и други". Во тие "други" секој има право да каже кој е и да докаже, затоа излегов тука да кажам од овој момент сите да знаат дека постои уште една етничка заедница. Никој не може тоа да го негира. Затоа, со сите сили, со сите демократски средства ќе се бориме да влеземе и во Уставот и во сите институции на државата.

Кои се торбешите? Едно кратко објаснување. Тие се луѓе кои досега се декларирале разно. Во минатото 60-тите, 70-тите години па до 80-тите години се декларирале како Македонци. Ги нарекувале Македонци муслимани. Јас овде тврдам дека не постојат Македонци муслимани. Не може Македонија да се дели на верска база. Дали ќе бидеме Македонци муслимани, Македонци католици, Македонци православни. А постоиме како посебна заедница. Значи не сме како Македонци муслимани.

Понатаму се декларирани, барем во последниот попис околу 70%, 65% по моја евиденција се декларирани како Турци и околу 25% се декларирани како Албанци, десетина проценти останаа како Македонци. И тоа е добро, тоа е нивно право. Луѓето незадоволни од Македонскиот народ, иако беа дел од него, и пак тврдам дека Торбешите се дел од Македонија и немаат резервна држава, ова им е единствена држава и тие ќе се борат со сите сили да бидат дел од оваа држава, но и да ги имаат сите права, да ги уживаат сите права во оваа држава, а не да бидат само гласачка машина за одредени други заедници или одредени поголеми партии.

Торбешите живеат во повеќе региони. Тие се сконцентрирани во Струшкиот регион, во Дебарскиот регион, Реканскиот, во Жупа, во Пласница, во Долнени и на други места. Како што реков, ги има од 120 до 150 илјади жители. Предлагачот на овој закон не си зема за сходно па да каже дај да видиме дали и овие треба да добијат свое загарантирано место во Собранието, иако веќе имаат еден, а тоа сум јас. Нашата партија се формираше пред година дена, три месеци пред изборите како што ви е познато и немаше Фијат Цаноски да биде пратеник доколку не гласаа Торбешите за него. Јас моите гласови ги имам токму од тие населени места, 12 илјади гласови, од кои ви тврдам дека барем 90% се сите декларирани како Торбеши.

Затоа не го поддражувам овој Предлог за донесување на закон и добро е што овој закон ќе оди во две фази. За понатаму се надевам дека ќе бидеме консултирани и дека ќе можеме да придонесеме и да влеземе и ние како посебна заедница во тој нов закон што ќе биде донесен.

Како што кажав, однапред на сите тие избори оваа заедница беше искористувана само за гласање. Не треба да ми замерат поголемите партии, поголемите заедници, но како пример ќе ги земам, а кажувам од сите избори, како пример ќе ги земам претходните избори, каде што секогаш сме давале по еден пратеник и од секогаш од овие барем три региони со нашите гласови има барем по еден пратеник. Но што се направи. Никогаш немаше вработување од овие региони. Ве молам, тоа е точно дека биле искористувани само за гласање. Конкретно еве од Струшкиот регион имаме секогаш и бидејќи живеам таму ги знам точно податоците, на сите избори сме давале по еден пратеник само од Лабуништа, Октиси, Подгорци и Боровес. Од едно село има 20 илјади жители кои живеат во тие региони. Но во Струшкиот регион или во државните институции немало ниедно вработување. Морам да земам за пример конкретно, не сакам да напаѓам, но ДУИ бидејќи имавме пратеник од ДУИ и на претходните избори комплет тоа население гласаше да ДУИ, имаше еден пратеник од Лабуништа, но дали вработија со договорот, партиски договори, каде што се вработуваа партиски функционери, дали се постави барем едно место на раководител од Струшкиот регион. Ниту едно. Или во Пласница, или во Жупа, иако и од Жупа и од Пласница од овде имавте порано пратеници. Значи овие биле користени само за гласање, за ништо друго.

Во Амандманот 6 од Уставот на Република Македонија стои "правична застапеност на етничките заедници во сите јавни институции и државната администрација". Од оваа заедница во државната администрација има 0,01%. Зошто? Затоа што се декларирале поинаку и затоа што сите манипулирале со нив, а верувајте, како заедница, како посебна заедница што им ги земале до сега местата, и уште, и оваа година ги земаат, бидејќи и оваа година имаме околу 500 вработувања во јавната администрација на

етничките заедници, но од оваа заедница нема ниту еден. Дали и понатаму треба да се продолжи со ова, кога знаеме дека на нив им следуваат околу седум илјади вработувања. Тоа е нивно право. Тие плаќаат данок на оваа држава, тие треба да ги користат сите благодети во оваа држава, а не да бидат само гласачка машина.

Затоа, со сите сили ќе се бориме и како партија и јас како пратеник да си ги оствариме своите права што ни следуваат. Луѓето почнале да се групираат и сами да размислуваат веќе. Во претходните десетина дена покренаа петиција за собирање на потписи за измена на Уставот на Република Македонија. До сега тврдам, а тоа и ќе ви го доставам, се собрани околу 30 илјади потписи од овие граѓани за измена на Уставот на Република Македонија, каде што тие ќе влезат како посебна заедница токму како и другите.

Морам да кажам, околу самиот Предлог на закон, прво за предлогот за три пратеници за дијаспората, не се согласувам да биде по еден пратеник од сите континенти. Јас мислам дека од Европа треба да има барем тројца пратеници и таков амандман поднесов, имам 67 амандмани, велам барем тројца пратеници затоа што во Европа живеат не иселеници, живеат државјани на Република Македонија кои имаат македонски пасош, имаат македонско државјанство, додека на другите останати два континента главно, јас не тврдам дека не се Македонци, и тие се Македонци, но статусот им е американски или австрилиски и тие немаат двојно државјанство, или имаат многу мал број. Овде во Европа навистина сите наши печалбари пред се во Западниот регион кои живеат, тоа се најмногу како Албанци и како Торбеши застапени во Европа, тие се државјани на Република Македонија и имаат македонско државјанство.

Многу мал број од нив имаат земено надворешни странски пасоши. Затоа мислам дека барем три пратеници од Европа треба да се додадат од овие луѓе.

Мислам дека во моментот најдобро за Македонија е да биде исто една изборна единица, затоа што тука можат и помалите партии и помалите етнички заедници да се соединат и да си изберат свои претставници. За овој предлог, за помалите етнички заедници да го добијат своето место, мислам дека треба да помине време и треба да се направи повторен попис во Република Македонија каде што точно ќе се знае која заедница колку жители и колку членови има. Така да, мислам дека во овој момент нереали се бројките што се прикажуваат од одредени заедници дека  има толкав голем број на свои жители. Еве од Торбешите, кои што не знам на кој начин се декларирале дали од страв во претходниот период или од други причини, се декларирани поинаку од она што сега мислат. Ќе ви кажам дека се собрани околу 30 илјади потписи, а до сега не беа во можност тие да се декларираат како Торбеши. Или попишувачите им кажуват бирајте, сакате да бидете едно или друго. Не ги ни прашуваат, дали сакаат да бдат нешто трето. Затоа, мислам дека е време да се размислува и за предвремени потписи, па точно да знаат заедниците и државата со која бројка која етничка заедница располага, а понатаму, секако дека ќе го поддржиме тоа да се има свој претставник во Собранието со загарантирано место.

И на крајот, не би сакал многу да должам, секако јас како пратеник сум деклариран како Торбеше. Со влегувањето во Собранието во мојот анкетен лист така сум деклариран, а и пред самите избори, така да не може да не негира никој дека постоиме и дека сме тука. Затоа и барав од претседателот на Собранието писмено да гласам по  Бадентеровиот модел. До сега немам добиено никаков одговор. Го замолувам претседателот, бидејќи јас сум тука, јавно да ми даде одговор дали можам да гласам по Бадентеровиот модел или не, или да си ги барам правата пред Уставниот суд, до колку не може. Бараме како што реков измена на Уставот на Република Македонија и околу тоа да  собираме потписи и верувајте ќе бидат брзо доставени. И ве замолувам, сите пратеници, ќе ви доставам и писмено барање до сите вас еднаш засекогаш да ја скратиме агонијата на оваа заедница и нека биде посебна заедница и да ја дадете поддршката понатаму за промена на Уставот за да се вметне оваа етничка заедница во Македонија, затоа што доста беше другите да ги користат нивните места во оваа држава.

Сакам да напоменам уште едно. Седум илјади вработувања што следуваат за оваа заедница нема 70 вработени. Главната цел за формирање на Партијата за европска иднина, беше токму вметнувањето и нашата програма е таква, токму ветување на оваа заедница, како посебна заедница во Уставот на Република Македонија и затоа уште еднаш ве повикувам да ја поддржите оваа иницијатива, што понатаму ќе следува и еднаш засекогаш иние како заедница бидеме дел од оваа држава, а не искористувани гласачи. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи има пријавено повеќе за реплика,

Процедурално три инути, пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, во интерес на приближување до крајот со овој изборен законик имавме еден договор денеска да се откажат дел од дискутантите од СДСМ. Да остане само господинот Никола Поповски, утре да зборува само еден човек, но сега, сведоци сме дека на дискутантите од позицијата, што го поддржуваат парламентарното мнозинство реплики имаат луѓе што го поддржуваат закнот и парламентарното мнозинство.

Вака не мислам дека ќе го спроведеме договорот на пратеничката група. Значи, денеска ве замолувам согласно договорот да обезбедите услови господинот Никола Поповски да зборува. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Јас ви благодарам, меѓутоа, јас искрено не ви го знам договорот, ниту ми е пренесено што е договорено. Јас го знам тоа што го гледам на екранот. Јас на екранот гледам луѓе пријавени за реплика и за говор. Тоа што го имавте на координација, никој ништо не ми пренел. Меѓутоа, не е проблем. Јас можам да замолам. Претпоставувам дека координаторите им пренеле на своите колеги пратеници од пратеничките групи. Јас тоа што го гледам на керанот, тоа и го кажувам. Сега не послушаа некои од колегите претпоставувам, и се откажаа во моментот од реплики.

Колешке Силвана, и вие да не сте за процедурално, бидејќи вие сте координатор на пратеничка група.

(Се слушаат реакции од место од пратениците).

Полека, полека, изгледа координацијата не ви е успешна. Полека, полека, да видиме сега кој е за реплика по однос на говорот на господинот Фијат Цаноски. Кенан, Агрон и Хани Тахир. Само тројца колеги се за реплика.

Прв за реплика е пратеник госодин Кенан Хасипи, повелете три минути.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас ја делам загриженоста на колегата Фијат Цаноски за положбата на тоа население, кое што е претежно населено во регионот на Река, ги има во Кичево, Пласница, Преглово, Лисичани, Жупа и околу Дебреште. Веројатно и во струшкиот крај, меѓутоа, недозволиво е од оваа говорница да се користат неуставни термини. Бидејќи не само последните пописи, нека ги земе Фијат Цаноски и пописите од Бивша Југославија, ќе види дека во ниеден момент, по ниеден основ, никој од тоа население не се изјаснил како таков што сака господинот Фијат Цаноски да го прикаже.

Сакам само нешто да напоменам дека националната припадност е субјективно чувство на секој човек. Признал тоа некој или не, тој така субјективно се чувствува. Во меѓународното право е обичај да се признаваат држави, а не национална припадност. Тоа население се изјаснило онака како што и Фијат Цаноски кажа во своето излагање, процентуално некаде околу 65% како Турци, 25% како Албанци и околу 10% како Македонци. Воведување на нова категорија, не знам колку би било во овој момент поддржано од жителите, бидејќи никој нив така не ги присилил да се изјаснуваат.

Втора работа, повикување даречеме, некое резервирано место држи, меѓутоа, тоа е ствар на договор и усогласување и во категоријата на останати, како што е и во преамбулата на Уставот на Република Македонија. Само преку уставни терминиможеме да ги регулираме работите. Се друго е произволно толкување на она што се вика Устав и закони во Република Македонија. Јас го повикувам Фијат Цаноски да биде многу повнимателен кога е во прашање тоа население и нивната национална припадност. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика господин пратеник Фијат Цаноски, повелете.

**Фијат Цаноски:** Благодарам.

Очигледно јас како што кажав и во моето излагање, на многу ќе им смета на ова што излегуваме како посебна заедница и сигурно дека многу заедници ќе изгубат како бројка со влегување во Уставот на една нова етничка заедница.

Господине Хасипи Торбешите постојат со векови и векови. Не се од сега Торбеши. Тоа можете, ако ништо друго, техниката е толку напредната, може да се отвори интернет на било која страница, само напишете Торбеши, па ќе видите од кога постојат. Така да, и во светот вметнување не мора да бидеме како посебна етничка заедница, за да влеземе во Уставот. Јас мислам дека треба да влеземе во Уставот, па после ќе бидеме и званично, но може како посебна заедница. Во светот има 5000 заедници, а околу 180 држави. Значи, може да биде заедница по Уставот, затоа што стои други.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за господинот Хани Тахир, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитуван потпретседателе.

Верувам дека господинот Фијат Цаноски има уставно гарантирано право да се изјасни така како што се чувствува. Меѓутоа, сигурно дека ова право на изјаснување на етничката припадност не треба всушност да им го спори на другите граѓани да се изјаснат како што се чувствуваат.

Во оваа насока, посебно сакам да истакнам за општина Струга и околината на Струга, каде што се Лабуништа, Октиси, Подгорци и Боровец во оваа зона. Никој граѓаните на оваа зона не ги принудил да се запишат по својата етничка припадност за нешто друго. Сеуште имаме јавни изјави за тоа дека имало притисок во насока на принудување на нивната етничка припадност. Јас потполно се согласувам господинот Фијат Цаноски да се чувствува така како што сака тој,затоа што тоа е уставно загарантирано право, дури и со меѓународните норми. Меѓутоа, од друга страна во Лабуништа при последниот попис имаме 1% на население кои што се запишани како Албанци, бидејќи тие се чувствуваат како Албанци. Мислам дека тоа е слободно и демократско право, да се запишат како што се чувствуваат. Истото се случи и во Октиси. Често пати и самиот господин Цаноски, понекогаш се изјаснува како Албанец, понекогаш како Торбеш, меѓутоа тоа е негово лично индивидуално право.

Прашањето што се однесува за вработувањето, сакам да истакнам дека прв пат ДУИ и даде можност на Лабуништа да има и службен претставник во највисокото ниво на легилсативното тело, тоа беше господинот Медим Рамизи и тој доаѓаше токму од Лабуништа.

Исто така, сакам да истакнам дека Општина Струга дозволува Јавното претпријатие “Хигиена” во Лабуништа апсолутно да го стави во функција, така што и таму имаме голем број на вработени. Исто така сакам да нагласам дека во Општина Струга се вработени пет граѓани од Лабуништа, а има вработени и од Октиси. Сигурно е дека се предвидува да има и нови вработувања. Јас сакам да го истакнам фактот дека не сакам да навлезам во уставно гарантираното право за тоа како се чувствуваат граѓаните на Лабуништа, Подгорци, Октиси и Боровец. Значи, така како што си дале себеси право да се чувствуваат и да се изјаснуваат така како што сакаат да се изјаснуваат, а не им се спори да се изјаснат како што се чувствуваат. Значи во Лабуништа имаме Албанци.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Ценоски Фијат, повелете.

**Фијат Цаноски:** Благодарам потпретседателе.

Дел од забелешките се во ред, сигурно дека немаше присилување во тие одредени места во тие села, некој да се изјаснува онака како што сака. Јас не кажав во мојата дискусија дека имало насилие, но луѓето, незадоволни од една заедница, бараат место во друга заедница и во трета. Но секогаш таму ќе бидат, кај Турците велиме башка Турци, не прави Турци, а кај Албанците може поинаку. Но тврдам дека иако имаше еден пратеник од ДУИ, јас го кажав тоа, но тврдам дека нема вработување. Јас сум исто пратеник од струшкиот регион но во договорот веќе добивме 20-тина загарантирани места за вработување. Сигурно дека можела претходната власт и ДУИ да направи повеќе да вработи, повеќе луѓе од овие региони. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Господине потпретседателе, јас се пријавив и за реплика, но имајќи предвид дека фактот што сум после него за дискусија реков да не го злоупотребам и тоа време но ќе кажам само една реченица во контекст на ова дека интересно е да се пристапи кон разгледување на овие нови состојби кои се поврзани со таканаречениот општ контекст на идентитетот, каде што субкултурните идентитети се едни од предизвиците на целиот свет и веројатно и Македонија ќе има потреба и ќе треба да се осврне на овој проблем, на како што реков субкултурни идентитети, кои што се предмет на голема тема во светот, каде што веројатно и легитимните барања и на господинот Цаноски и некои други поинакви размислувања и аргументи би рекол, ќе се спротивставаат на истото, но мислам дека тоа е предмет на една социолошка и би рекол политичко филозовска дебата, за која што веројатно ќе треба да се отвори расправа и пошироко, затоа што ако само политички ја гледаме работата, ќе дојдеме во контра верзии со самите себе си, каде што правото на повикување на нешто со успорување на некое друго право доаѓало до колизија и така да во најмала рака ќе бидеме непринципиелни.

Во секој случај, колегата Хани дискутираше за некои елементи кои се поврзуваат со конкретни бројки и тоа е така. На некој начин се докажа дека ние во Струба, и јас сум од Струга, докажавме дека тој дел на населението кое што воглавно се изјаснува како Албанци и Турци, затоа што тие така се чувствуваат и такви се, јас немам причина да не им верувам, беше претсавувана со пратеник од страната на ДУИ и кој што покажа и ние докажавме дека не е само во функција на гласачка машина. Сигурно дека има секогаш простор повеќе да се направи. Секогаш ќе има можности не само за тие села, туку и за другите села во Струга да се направи повеќе, но велам дека е тоа предмет на нешта кои што се во доменот на принципиелни дискусии и легитимни барања. Ова другото мислам дека, како што реков, не би сакал да полемизирам, но просто е инересна дебата која што во себе ќе носи и одредени аргументи, дебати, научни и тн. во кои што ние ќе се вклучиме благовремено.

Почитувани пратеници, сега би се навратил на темата која што всушност, е дел од неколкудневна дебата и за да аргументирам некои од нашите позиции и ставови, кои што се во однос на овој понуден предлог. Значи, се поставија многу прашања, многу дилеми околу разните ставови на политичките партии тука и независно од тоа дали е на страната на оние што го предлагаат законот, значи од парламентарното мнозинство, или од оние кои што не се во парламентарното мнозинство, значи што се опозиција и трето, од оние што се всушност и не го претставуваат парламентарното мнозинство во овој контекст претставуваат група на интерес, или политички партии кои што ги претставуваат оние заедници, кои што всушност се замислуваат дека на овој начин ќе може да добијат нешто за своите заедници во зависност од позицијата каде сме, така и ги разгледуваме и ги отвораме нашите аргументи. Тоа што е спорно и проблематично, верувам за сите, и што нема никаков аргумент кој што може да се спори е следното.

Прво, дека ваквите предлози кога се работи за фактот дека тој е изборен законик, значи како што се вели во Македонија, не е едноставен закон, туку е законик, тоа е обврска за сите. Значи пристапот и измената на овој законик или на било кој друг законик, затоа што има и Кривичен законик и други, кои што се малку повеќе од она што значи едноставно уредување на една област со закон, значи, имаме кодификација на некои законски вредности, кои што се градат врз основа на еден малку поширок консензус и дека на некој начин ги поставуваат правилата на игра од кои што правила ќе зависи тоа кој како ја развива демократската игра. И не би требало да зависи од тоа кој и како ќе добие, туку кој и со каков квалитет ќе се реализира всушност политичкиот процес на гласањето.

Затоа и овој закон не требаше и апсолутно е тоа неприфатливо да се поднесе тука во Парламентот без потребната дебата или без дискусијата помеѓу работните групи, кои што групи би се именувале од самите политички партии. Значи, така како што беше традиција и политичка практика до сега. Тоа не се случи, туку се наметна тенденциозно, а парламентарното мнозинство верувам е воглавно од ВМРО-ДПМНЕ, односно од нивниот претседател со определени политички цели.

Кои се тие образложенија што всушност би можеле да бидат причина за расправа во овој момент и во оваа форма се понуди овој законик пред нас. Дали се тоа можеби искрените грижи за подобро, поправично застапување, соодветно застапување на помалите немнозински етнички заедници, како што се заедниците почнувајќи од Турската, Српската, Влашката, Ромската, Бошњачката и други или е можеби нешто друго? Дали е тоа можеби резултат на една анализа што се направи од подолгото реализирање на досегашната практика, поврзана со Охридскиот договор и каде што во овој процес се увиде дека некои решенија, кои се во овој Изборен законик и некои други кои се исто така поврзани со Охридскиот рамковен договро во праксата не функционираат, имаат дефекти, проблеми што фактички го избледнуваат Охридскиот рамковен договор или пас се соочуваме со некои апсурдни ситуации што фактички се во спротивност со духот и она што е определено со Охридскиот рамковен договро. Затоа што во Охридскиот рамковен договор, тоа не е табу тема и тоа не е документ што фактички никогаш не треба да се разгледа и да се увидат позитивните и негативни ефекти. Меѓутоа дали е тоа овој закон, дали се тоа тие измени што денеска се предлагаат, како главни прашања што се документирани со 1-2-3 изборни кругови и каде стои грешката или каде е пропустот, што произлегол како резултат на системот, па сега ние тоа да го ставиме на разгледување.

Зошто, пред да дојде во Парламентот не го разгледаме заедно, да изнајдеме решение што ќе го збогати ова решение што претставува Охридскиот рамковен договор, ќе го подобрат и ќе го корегираат и, секако, повнимателно ќе ги разгледаме интересите на немнозинските етнички заедници што се помали. Врз овој принцип, доколку оваа работа ја констатиравме заедно, да сме подготвени и сме подготвени да ги увидиме подобрите варијанти за пополнување на некој дефект, недостаток што во парламентарната и демократската практика се увиде дека е нешто што вреди да се увиди.

Но не, почитувани пратеници, ова не дојде како резултат на вознемиреноста, според мое мислење, на тоа дали беа соодветно и правично застапени помалите немнозински етнички работи, ниту како резултат на вознемиреноста или грижата за тоа дека ние навистина сме се изјасниле за Охридскиот рамковен договор. Имаме обврска дури и од меѓународен фактор некои работи да забрзаме во оваа насока. Можеби треба да ги уредиме во таква форма за да ги зајакнеме и разјасниме некулкоте аспекти на ова прашање, и секако, не дојде ниту како резултат на несоодветните практики на оваа област во минатото, затоа што ние само реализиравме два изборни круга, имавме два избора, во 2001 и 2006 година врз ова искство. Имавме и само едни локални избори. Никаде во предлогот не пишува дека е како резултат на една таква анализа.

Туку, за жал, се повикуваат на документи на ОБСЕ, ОДИХР, на Советот на Европа или други документи што се во спротивност или пак документот на Венецијанската комисија како тело на Советот на Европа, што за жал, за оние што предлагаат, се во директна спротивност со препораките што произлегуваат од овој член.

Како и да е, тука се постави прашање и ние треба да констатирме, а мислам дека тука ние треба да разликуваме дека овој Предлог дојде како логичен резултат на грешките што господинот Груевски ги направи уште на стартот, при консолидирањето на иституциите и демократските структури. Уште моментот кога господинот Груевски одлучи да не ја опфати во Владата или не ја покани во Владата, имаше можност да не ја опфати, меѓутоа да не ја покани да го направи составниот дел на Владата легитимниот претставник на Албанците, процесот на градењето на демократските процеси дури во Македонија беше принуден уште тогаш кога го напуштивме Парламентот беше принуден да продолжи со истата логика на искривување на прашањата што всушност имаат директен однос во мегуетничките односи.

Кога уште на стартот ќе се направи грешка, тогаш си ти принуден, доколку немаш волја и желба навистина да ја рефлектираш и исправиш таа грешка и да го фатиш возот кон НАТО и Европа, а да одиш во друга насока, ти упорно стоиш на твојата тврдоглавост како што сака сега господинот Груевски да стои, тој е принуден играта да ја тера на овој начин. Со тоа предизвикува дисторзии во континуитет, дисторзија на демократијата во Македонија и еден чекор, еден таков чекор од овој вид на дисторзија на демократијата е токму предлагање на закон што всушност како таков е неприфлатлив како процедура, но и како решении заради фактот што не бевме консултирани, не се дебатираше и не се усогласивме сите пред да дојде тука.

За да не биде предизвикувач на непотребни дебати и задоцнувања што ги плаќаме и кон Европската унија и визави другите приоритети што се заднички за кои што сме се изјасниле. Тоа доаѓа како резултат на желбата на Груевски да реализира уште еден чекор во спротивност со претставниците на мнозинската заедница на Албанците, како што во овој момент е Високиот судски совет. Јас, во недостиг на некои прашања, затоа што тие не можат да пласираат политички мандат, за тоа што ова место е за политика,

меѓутоа моментот што фактички господнот Груевски го прави во ова, легитимните малцинства се обидуваат да го искористат тој момент. Тоа е неговата желба да заокружи уште еден процес на градење на демократски институции без желбите на најголемата албанска партија.

Тука не треба многу да се констатира дека законот, навистина, не е за доброто на Албанците. И поради оваа причина што тој, со ова, дозволете да кажам, ова е многу очигледно, се обидува да го надомести нереализирањето на еден договор со најголемата партија на Албанците, со нас, со ДУИ, што се нарекува Мајски договор и оваа работа не сака да ја реализира. Сега ќе остане доследен на своето назадно начело, па ова сака да го напави со кокетирање и секако со прифаќање на политичките барања на овие заедници смо за да ги запостави уште еднаш или да го заобиколи тоа што се нарекува Бадинтеров принцип, врз принципот што е изграден Охридскиот рамковен договор.

Тука извира суштината на она што се нарекува антиалбански акт, затоа што се поставувам прашањето кој е антиалбански акт. Затоа што Охридскиот договор нема ништо партиско, всушност Мајскиот договор што беше меѓу Али Ахмети и Никола Груевски, таму има точки што се во однос на правата на Албанската заедница и оние други елементи што се поврзани и извираат од нереализирањето и незаокружувањето на Охридскиот рамковен договор. Тоа се законот за јазиците и правниот и социјалниот третман на поранешните борци на ОНА. Нереализацијата на законот за јазиците не е само во однос на ДУИ, затоа што ДУИ се обиде и ја реализираше целта да ова право или оваа потреба на Албанците да имаат закон за јазиците, да ја вметне во владината програма. Сега нека повели партијата на власт инека го донесе законот за јазиците. Нека предложат верзија на законот за јазиците, нека ги решат прашањата на поранешните борци, нека ги решат и другите прашања што се полесни, како што е Комитетот и листата од волку или толку закони и нема потреба тука да се туркаме. Се разбира ќе се согласиме лесно и за начинот на донесување на Републички судски совет. Меѓутоа само тврдоглавоста да се заобиколи овој договор значи Охридскиот, всушност Мајскиот договор, што извираше како резултат како деформација на Охридскиот рамковен договор и да се остане на ова, фактички ние имаме предлог, што се обидува тоа што не сака да го праави со Албанците, за Албанците, не за ДУИ само со ДУИ, туку со Албанците за Албанците, се обидува да го направи со другите малцинства.

Почитувани пратеници,

Јавноста ја знае оваа работа, посебно ние што сме го доживеале ние во минатото, затоа што во практиките, кога легитимните барања на најголемата заедница, после македонската, а тоа е албанската заедница, да ги запостави тие барања реализирајќи ги желбите на помалите заедници, ние во нашето политичко искуство сме го доживеале многу лошо. Ние не сакаме да пуштиме реетаблирање на оваа практика за да ги реализираме желбите на малцинствата, меѓутоа по можност нив да ги направиме, значи, со исполнување на желбите на помалите, меѓутоа да се запостават албанците, затоа што албанците немаат малцински права. Меѓутоа, имаат права што извираат од Уставот и Охридскиот рамковен договор. Но оние што излегуваат воглавном од концептот на малцинските права и кои се тука заедници под 20%, пораката е дека тоа ке го направиме малку полесно.

Мислам дека тоа е погрешен пристап. Албанците за ова имаат горко искуство и секоја реминисценција, секое рециклирање на таа логика мислам дека не е добро за Македонија.

Која е другата причина, ефектот што сака да го постигне Груевски со ова. Со тоа што нас ке не изнесе овде на видело, дека ете бил за правата на малцинствата или пак на оваа група заедници кои се навистина помалку од 20%, а некој бил за тие права. Мислам дека секојдневната практика, созивотот во местата каде живеат Албанци, Турци, Бошњаци, Роми и други покажале навистина какво е расположението и какво било расположението традиционално меѓу себе и визави другите во овие ентитети каде живеат заедно.

Во овој контекст сето тоа го демантира она што некој друг сака да го импутира или сака да ја отвори логиката “дивидет импера” што значи раздели па владај. Тоа значи да се направи раздор меѓу Албанците, па после лесно ќе владееме. Сега не е тоа време, ниту е нешто модерно, ниту има луѓе кои би можеле да ја прифатат оваа логика.

Затоа, ние сме подготвени да ги прифатиме како легитимни барањата на немнозинските, помали етнички заедници и готови сме да ги отвориме во поширока дебата, за тоа како да ги подобриме, како да го унапредиме нивното застапување. Доколку се забележи дека тие навистина создаваат неповолни ситуации и тука во Парламентот. Ние тука имаме блокада на Парламентот. Имаме блокада на Комитетот. Не функционира. Беше обврзан од страна на мајскиот договор да се надмине тоа. Меѓутоа нема.

Треба да ги разгледаме овие прашања, да видиме кои се тие модалитети да преку унапредување на положбата на помалите етнички заедници, истовремено да претендираме и Парламентот да не дојде во таква ситуација. Ситуација што ја доживуваме и сега.

За ова прашање се делува со заедничко содејство, затоа што ние сакаме ефективни институции сакаме демократија. Подготвени сме да разговараме за тоа, меѓутоа не во форма на наметнување и не едно такво нешто да се

направи, да се доживее врз грбот на најголемата не мнозинска заедница, во овој случај Албанците.

Другиот елемент е тоа што ќе се случи доколку се случи ова и зошто ова било толку лошо. Не е ништо толку лошо. Сигурно дека сме подготвени да разговараме за модалитети, за модели, меѓутоа тоа што е предложено за нас отвора дилеми. Затоа е неприфатливо. Затоа што во моментот кога го менуваш моделот и кога за неколку немнозински заедници гарантираш места, тежината на тој глас е силен во Комитетот за односи меѓу заедниците, каде се одлучува. Таму не се дава мислење, туку се одлучува за прашања и права на другите. Сигурно дека во тој момент ние бараме да со реализација на гарантираната листа на помали заедници да ја редефинираме позицијата на Албанците и на другите во овој Комитето за да не се направи едноставна математика и избегнување на принципот еден граѓанин еден глас, оној кој утре, на поголемата, најголемата етничка заедница ќе може да и го земе гласот. Значи едно право што го добил не е толку лесно.

Доколку се направи моделот што го гарантираше овој вид на Комитет, тоа беше граѓанскиот модел. Кога сите ние во овој Комитет, без оглед каков е, имаше тенденција за менување на Комитетот, меѓутоа, тој се базираше на граѓанското начело, на граѓанскиот принцип да секој пратеник има ист број на граѓани, дали се тоа 6, 7 или 8 илјади гласачи.

Не знам каков беше Донтовиот принцип во моментот кога една заедница го елиминираше принципот еден граѓанин еден глас, тогаш веќе има еден друг модел. Утре ќе дојде една партија со илјада гласови, друга со 900 гласови, па тој кој има 1000 гласови ке дојде во Комитетот и ќе крене два прста исто како што имаш ти со 15 илјади - 16 илјади гласови. Исто и друга заеднициа. Фактички, во тој момент со овој принцип го релативизираш тоа што всушност тука се претставува со поинаков демократски капацитет.

Во овој момент ние ја прифаќаме и оваа гарантирана листа. Но, под услов уште еднаш ќе истакнам, под услов да го редефинираме односот и политичката тежина на гласовите. Од 7 Албанци, 7 Албанци кои се во Комитетот, значи како ќе ја направевме таа работа. Да разговараме. Ќе видиме.

Меѓутоа, доколку се менува моделот, тогаш треба да се менува и оваа работа. Затоа што тој, таков модел 7,7 + 5, беше поврзан со чисто граѓанскиот концепт. Кога секој доаѓаше со ист број на гласачи, со исти принципи, со предизборни и после изборни коалиции. И ние, при потпишувањето на Охридскиот рамковен договор секогаш интенцијата или идејата беше да се направи гарантирање на правата на немнозинските заедници сочувувајќи го граѓанскиот принцип на гласови, а тоа значи еден граѓанин = 1 глас. Тука имаа суштинска разлика во овој елемент, затоа што врз тој принцип тој не е идеален. Сега може да кажете дека еве, ќе дојде некој Бошњак, и доколку немавме Бошњак, ќе го викневме Народниот правобранител да ни донесе некој друг Бошњак наместо господинот Есад Рахиќ. Ние како Албанци никогаш немаме гаранции било да е Албанец, Бошњак, или Влав дека ќе не поддржи нас како заедница. Тоа значи дека немаме таква гаранција. Ние сакаме да го заштитиме принципот, затоа што заштитата на принципот е повредна и подолгорочна и дава поздрави резултати отколку продолжување на демократските дисторзии што се наметнуваат од немањето на принципиелност во процедурата, што е врз основа на повредување на Охридскиот рамковен договор и на Уставот.

Тука веќе се произведува другото прашање што нас како политичка партија не убедува дека вие не сте во Владата, затоа што гласовите се на граѓаните, принципот е граѓански и ние преферираме левица или десница. Ве молам, утре, кога сите заедници ќе се повлечат и ќе гласаат за своите листи, што е сосема нормално, тогаш што ке се случи? Можеби е ова теоретска теза, јас имам и свои дилеми, јас го кажувам моето мислење, меѓутоа според логичниот след на процесите двете поголеми македонски партии, задолжително ќе останат само со гласачи или само со македонска платформа. Затоа што поинаку не може да егзистираат.

Доколку етничкото профилирање на малите партии води кон нивна подобра одбрана или заштита, што е прифатливо и легитимно, каде ќе води етничкото профилирање на политичките партии? Етничкото профилирање на поголемите политички партии, задолжително тие ќе останат, затоа што веќе ниту една партија ќе нема интерес или припадник на друга заедница да учествува во нивната партија. Сигурно дека тој ќе ги брани интересите на својата заедница.

Логиката на етничкото профилирање на партиите, во овој случај, тоа е обврзувачко и за македонските партии и за СДСМ и за ВМРО и за други партии, тоа не води во добра насока. Не ја води државата во добра насока. Можете да ја демантирате оваа теза, може да не ја демантирате јас имам мои резерви, мое мислење за оваа работа. Меѓутоа, ова е суштината. Доколку нам ни се речеше дека вие сте претставници на Албанците, повеќе сте, меѓутоа ние сме со левица и десница. Утре ќе нема левица и десница. Ние, како албанска партија, сигурно ќе се обидеме да ги стекнеме симпатиите на Албанците, со тоа што ќе се удираме во гради кој е поголем Скендер бег или Турците ќе го направат истото, третите ќе направати исто, Што ќе им остане на Македонците? Сигурно и вие ќе го правите истото. Вашата одговорност, одговорноста на најголемата заедница во овие околности и ефектот на една таква политика е кај најголемата заедница, кај најголемата партија, но тоа нема да биде како и етничкото позиционирање на помалите партии.

Не знам дали вие сте ги размислувале овие работи или не, тоа е ваша работа. Меѓутоа ние

не дека не го прифаќаме овој модел, тоа го кажа и нашиот координатор, но доколку ова произведеше реална ситуаиција, што би се наречкла биетничка Македонија, со права на малцинствата и на другите, за нас сигурно дека ние ќе седневме сериозно да разговараме за таа работа и ќе најдеме форми. Меѓутоа не со овој модел туку со дополнителни механизми, што фактички ќе го дефинира и правно ќе го форматизира ова прашање. А не да создадете ситуација само за определени моменти од определената политика за да се манипулира со другите заедници, тоа значи со Албанците со Турците, со Ромите, Бошњаците и другите.

Затоа што таквото дефинирање, всушност е недефинирање до крај на овој концепт остава простор за мандатарот секогаш да прави вака или така како што сака. До колку вие мислите дека сте подготвени да влезете во таа тема, зоштоне. Ние тоа сериозно ќе го разгледаме и на крајот на краиштата нека тоа излезе како резултат од оваа дебата која што води во оваа насока. И, тоа реално ќе рефлектираше со подопирливи ефекти, затоа што се знае дека тука Албанците биле поради бројот, поради тесниот простор, различно се детерминирале поради праведни или нправедни политики во минатото и овој контекст требало да се уреди. И Охридскиот договор неслучајно во Комитетот е предвидено да биде - 7:7, затоа што тој баланс треба да се изнајде, треба да се најде каде е средината. Меѓутоа ги додал и другите кои што доаѓаат врз принципот еден глас еден граѓанин.

Затоа, јас мислам дека не е добро што се предложи во оваа форма овој предлог и што во Парламентот дојде без дополнителни консултации, сакал или не сакал отвори дебати, можеби на некого му се допаѓаат или не, меѓутоа тој е вашиот избор, а не наш избор. Ние сме подготвени да разговараме за секоја варијанта и за то акако навистина да се направи подобрување на застапувањето на заедниците во сите органи и не само толку, туку колку што знам јас од неформални разговори и тука беше тоа кажано, тие разговарале и за други форми на механизми, затоа што тука некој го спомна и механизмот или феноменот на тоа да се дофатат црешите по скалите, за двајца или тројца пратеници. Механизмот што сте го побарале вие, сектор или посебна агенција која што ќе се грижи за заедниците кои што се под 20% и закон за тие што се под 20%. Ние потполно ја подржуваме та аидеа, затоа што и ние како Албанци, можеби и некој друг, како што беше кажано овде и како што рече господинот Цановски, имаме навистина проблеми таму каде што сме помалку од 20%, речиси ништо не се почитува. Но, зошто не, да донесеме закон кој што навистина ќе биде во функција на уредување на односите таму каде што една заедница е помалку од 20%, било да е Албанец, Турчин, Ром, Бошњак или друго. Мислам дека во тој закон треба да се предвидат и санкции до колку не се почитуваат политиките, нешто што беше спомнато тука пред некој ден. Не знам дали беше прашањето за секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор, затоа штоистито не се спроведувал во сите сектори, посебно таму каде што нема раководители Албанци, затоа што нема санкции, како што нема за многу други прашања. Сега е втор мандат и ќе видиме нешто што не функционира, ќе бараме решение за тоа.

Едно од тие прашања, кои што решенија се за подобрување на механизмот за негазење на правата на тие што се под 20%, мислам дека дали тоа ќе биде агенција или во рамките на серкетаријатот, да се направи сектор. Ете, Секретаријатот е на владино ниво. Значи, треба да има сектори и еден сектор според мое мсиелње нека биде за тоа што ќе се грижи за тие што се под 20% и зошто тој сектор да не се раководи од некој Турчин или некојд руг, затоа што секретаријатите имаат повеќе сектори и законот што ќе го подржиме ќе биде за тој закон и ќе работи врз основа на тој закон и ќе нема никаов проблем да ги уреди овие прашања за заедниците кои што се помалку од 20%, било да се на централно или на локално ниво. Потоа, нормално, бидејки се менува моделот на застапување овде и се додава етничкиот елемент во гарантираните листи, ние ќе отвориме дебата за тоа кои би биле другите механизми кои што ќе ги уредуваат односите меѓу македонското мнозинство и второто мнозинство кое што сега се гради, албанското мнозинство кое што нормално е помало од макеоднското. Меѓутоа, бидејки нема гарантирани листи и не ги уживаат тие привилегии, треба да ги редефинира односите меѓу македонската мнозинска заедница и најголемата немнозинска заедница, условно да ја наречеме, албанската. Од овој апспек мислам дека се можни сите дебати и сите можности за разговор, затоа што ние практично немаме и не можеме да имаме ништопротив еден принцип врз кој самите сме ја изградиле филозофијата на нашето политичко дејствување, за да дојдеме до правата. Едно од тие права е правичната и соодветна застапеност и Парламентот, не е само Парламентот има и други сегменти, ние сме подготвени да разговараме за модалитети, за да ја подобриме оваа работа на сите нивоа, затоа што треба да се констатира тоа што треба да се каже дека до сега тука беше кажано многу за тоа дека се правело за помалите етнички заедници, реализирани се многу позитивни политики. Направени се овие разни надоместувања, меѓутоа ќе кажам дека малку се направило како за албанската заедница, така и за турската, бошњачката, ромската, српската и влашката заедница, кои не сеуште не се уставна категорија, малку се правело во минатото и сеуште малку се прави. Значи, да се изнајде форма, опфаќајки го во контекст таму каде што Албанците се мнозинство, ниекако Албанци треба да предвидиме некои политики во функција на подобрување на тоа што во оваа насока треба да се направи, меѓутоа секогаш имајќи го предвид и тоа што е вистинска рамнотежа или

вистинско балансирање на односите и неизбегнување на вистинските пробелми меѓу заедниците и спорот што е меѓу нив, наоѓајки помали патеки со задоволување на помалите заедници или пак на помалите малцинства, со цел и тенденција да се избегнат обврските кои што произлегуваат од партнерот или оној што фактички ја застапува најголемата заедница. Фактички, ова за нас е неприфатливо, меѓутоа како што реков ние сме подготвени да учествуваме во било која дебата или дијалог кој што фактички би ги уредиле овие прашања во таа форма, за да создадат пофункционална демократија, по ефективни органи и еднаквост на граѓаните во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Ќе одиме по листата на пријавените.

Колешке Весна, дали останувате за збор? (Да).

Тогаш, мора да говорите за да не го изгубите редоследот.

Повелете, три минути реплика пратеник госпоѓа Јаневска Весна.

**Весна Јаневска:** Почитуван господине пратеник,

Забележав неколку контрадикторности во вашиот говор, или ги направивте несвесно затоа што во вас постои длабока борба, или сосема свесно и дозирано го правите тоа со  одредена цел.

Она што ми остави сериозен впечаток е вашата изговорена реченица, ќе ни дојде некој си Бошњак или ќе нидонесат некој Бошњак, кој во Комитетот за меѓуетнички односи нема да ви даде пдоршка вам, претпоставувам изгледа на албанските партии. Според моето длабоко убедување и не треба да ви даде подршка, треба да одлучува по свое сопствено убедување, по своја совест и да ги застапува интересите на својата заедница односно на едната единствена заедница што се вика Република Македонија.

Кога ќе зборувам после, кога ќе се обратам ќе се обидма да објаснам и во оваа насока што мислам,но бидејки ми е ограничено времето, втората лоша теза која што мислам дека ја промовиравте е дека пратеникот кој во моментов освоил прв како носител на листата 12 до 13 илјади гласови се разликува со пратеникот кој влегол 20-ти и освоил 2-3 илјади гласови само заради тоа што Донтовиот модел е таков. Се разбира, вие тоа не го кажавте така, туку рековте дека легитимно на избори некој ќе добие 12 илјади гласови, а некој, бидејки ќе добие повластица како припадници на етничка заедница ќе бидат рамноправнисо другите само затоа што имале 2-3 илјади гласови. Сметам дека тоа е сосема во ред поради процентуалната застапеност на одредени етнички заедници во државава.

Конечно, кога зборувавте за етничките партии, исто така, произнесовте една според мене неодржива теза, до колку навистина се борите за концептот на рамноправност на сите граѓани на оваа држава. Се согласувм со вас дека вомомнтов е ткаов трендот во Македонија да има етнички партии, но со тоа што ги потенцирате и понекогаш пренагласувате малите или нададавате поголеми неправилности во оваа земја врз основа на етничка припадност, мислам дека не ни оди во корист на вашето и моето залагање за влез на оваа држава во НАТО или за добивање на датум за преговори во Европската унија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика господин Положани Азис, повелете.

**Азис Положани:** Што се однесува до првиот дел кажав дека односно зедов пример, наместо да земам друга заедница која што беше пример за немање овде, зедов Бошњак затоа што знаев дека не ќе ми се лути господинот Рахиќ и вотој контекст реков дека може да ни дојде, мислејќи од со Устав предвидена процедура кога нема тука Обмуцман и мислам дека само ако има недоразбирање веројатно беше реакцијата.

Второ, во однос на проблемите кои што се отвараат сигурно дека има доста контраверзии во се тоа што ние можеме тука да искажуваме, па затоа и овој закон беше несмасно, неспремно и недобро да биде донесен на дневен ред во Собранието. Сакал, нејќел со такво донесување се отвараат некои проблеми, кои што ние со нашиот речник и пристап сакаме да не го продлабочиме тоа што може еден таков несмислен чекор да се направи. Но, очигледно е дке апонекогаш не успеваме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Рамадани Агим, повелете.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам господине претседателе.

Ова е еден ден на пост и имаме ифтар по еден или два часа и денес кога ќе седнам да јадам, тие што ги изгубиле своите луѓе во војната во 2001 година ќе се замислат кога ќе седнат да јадат ифтар каде им е изгубениот човек. Кога тој човек умирал рекол “умирам за мојата албанска нација, умирам за обединувањето на албанските подрачја и умирам за слободат на албанскиот народ”. Овие зборови беа вградени во петте коминикеа во војната. Фактички ти во тоа не си учествувал, но си бил на 13 август како претставник на ПДП, каде не беше ДУИ, која денес е во овој Парламент. Ве молам, господин Азис немојте да правите лоша политика и измислувачка, во моментот кога се потпиша Охридскиот договор зоштоне кажавте како претставник на ПДП и сигурно сте имале линија со Али Ахмети кога не  можеше да дојде каде што се потпиша Охридскиот договор и да кажете Македонија ќе ја направиме држава на Македонците и на Албанците. А, ваму барате да бидете во Владата и барате начин дека ние добивме повеќе гласови и треба да бидеме дел од Владата. Тоа најмногу ве боли. Но, не сте најголеми, вие имате 13 пратеници, а ние имаме 11 пратеници, 2 ви избегаа, 1 од вашата коалиција и Фадил Сулејмани. Видоа рекоа кои

сте вие и што работите, какви рекетирања правите, какви убиства. Дали е во ред денес да кажеш на овој ден ние треба да бидеме во Влада било со Бранко или со Груевски. Гсподине Азис, не е толку антиалбанец, колку што ти мислиш, отколку Бранко Црвенковски со кој бевте 4 години во коалиција. 200 лица уби за 4 години. Дали ја знаете оваа работа, вие сте биле тој имавте коалиција со него. Ве молам, многу е лошо на овој начин да постапувате и да видите дека ден денес ние сакаме да ја поделиме Република Македонија, вие велите дека ние албанците со ВМРО-ДПМНЕ треба од ДПА треба да ја нарушиме Македонија. Не, ние сакаме да изградиме мултиетничка Македонија и Република Македонија која ќе биде во НАТО во ЕУ, кога ќе нема визи и да јадат сите граѓани, да нема сиромаштија, една Македонија која вие ја попречувате со 4200 амандмани. Ве боли зоштоне сте во Влада со која сакате вие да работите. Немојте тоа да го правите, врште ваша политика, срамно е ова што го правите. Ние не сме антиалбанци, но немојте вие да бидете антиалбанци. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Процедурално три минути пратеник Дураку Садула, повелете.

**Садула Дураку:** Господине потпретседател,

Првенствено, кога земаат збор за реплицирање од другата страна вазалите, треба да ги прекинете, затоа што ова не беше реплицирање на говорот, туку се спомна ОНА од страна на еден човек кој што е од глава до пери лекар на пробелмите кои што треба малку подобро да ги разгледа и да ги знае коминикеата на ОНА, затоа што тој не знае што е ОНА. Господине, ОНА ја демократизира Република Македонија. Вие немате право да говорите во име на ОНА. Вака, вие сте лекар и на овој начин вие порано албанците сте ги донеле кога беше убиен од страна на полицијата, вие рековте дека паднал од крушка и денес говорите за вакви работи. Јас мислам дека на репликите на господинот Азис да ги правите во однос на дискусијата што ја има, а не надвор од дискусијата на Азис Положани, да се занимавате со работи на предавство, кога предавството се знае дека ти господине знамето го поврза со знамето на ВМРО.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Го опоменав колегата во моментот.

Повелете, една минута контра реплика пратеник господин Положани Азис.

**Азис Положани:** Начинот како реплицираше господинот Рамадани секако дека не создава простор за менување на аргументи и тој во недостиг на аргументи говори за нешто што јас ниту го говорев ниту го спомнав. До колку тој е зинтересиран зошто ние во Охрид потпишавме таков договор, би му рекол да оди кај господинот Арбен Џафери, да го праша него, тој беше претседател на таа партија и имаше малку поголема одговорност од мене. За ова толку. Во однос на другите работи што ги кажа, добро е што се кажува освен што е добар лекар, тој сака да се покаже икако добар хоџа. Сака да им одржи добра лекција на тие што постат ијас немам ништо против тоа, но мислам дека не треба да се злоупотребат ниту емоциите,, ниту да се злоупотребат аспекти кои фактички се во однос на верскиот живот во Македонија, за да се аргументира нешто што не оди. Ова не им помага на граѓаните господине Рамадани и не е ниту во ваша чест на тој начин да комуницираме меѓусебно. Ние менуваме аргументи и повелете ако имате контрареплика за верски работи, имате на друго место.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Најдовски Слободан, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Дозволете ми да се обидам во рамките на договореното да се овозможи да зборуваат и останатите колеги пратеници и да нафрлам неколку моменти за размислување по однос на расправата. Дозволете ми што уште пред отпочнување на расправата предложив да се одложи расправата по предлог измените на Изборниот законик, уште еднаш тоа да го повторам и да поткрепам со неколку аргументи дека сум бил потполно во право кога тоа го предложив. Имено, не претендирајќи да дадам јас оцена на досегашните дискусии, но да го изнесам своето размислување за самиот тек на расправата и дилемите кои што се јавија.

Ако разгледаме кои се основните тези на расправата и за што се расправаме овие денови, ќе го видиме следново. Најмалку од се расправаме за самиот процес на избори, за самите измени на Законот кој што ни се предложени, туку напротив, она од што најмногу се плашев и она за што повторно ќе повторам, предложив да ја одложиме расправата, се покажа доминантно и во оваа расправа.

С# повеќе во расправата дискутираме наместо за суштинските измени во законот, отколку што дискутираме дали секој од свој аспект дали овој закон е повеќе против Албанците, или помалку против Албанците, дали овој закон е повеќе против другите етнички заедници, или против помалку нив, отвораме прашање со која партија ќе добие повеќе или изгуби повеќе со овој закон, иако тоа никој од вас овде не сакате да го признаете, јас сум секогаш подготвен за тоа отворено да зборуваме, повеќето од партиите прават анализа дали сега ВМРО-ДПМНЕ ќе добие повеќе, дали со овој закон СДСМ ќе добие, или ќе изгуби повеќе, што ќе биде со Либерално демократската партија, не знам ДПА, ДУИ, сите тргнувате од таа пресметка. Сите се криеме зад решавањето, кобајаги на прашањето на помалите етнички заедници. Тоа е според мене

што сметам дека е погрешен почеток во самата основа. И, заради неспремноста да расправаме за изборите во Република Македонија Изборниот законик ние во суштина изгубивме неколку дена, велам дека изгубивме, иако некој ќе рече дека расправаме за одредено прашање во Парламентот не е изгубено, но сега во очи на извештајот на Европската комисија ние изгубивме неколку дена, и ќе повторам она што денес на почетокот на седницата на претседателот му го реков "Во очи на Божик" ќе се донеселе сите закони, или пак имате намера повторно да кажете заради недонесување на тие закони извештајот на Европската комисија, вие од опозицијата молчевте, вие сте кочничарите за европските интеграции.

Но, почитувани дами и господа оваа расправа деновиве покажа дека ниеден закон не го зема посебно овој закон, ниедна партија не ги зема во прв ред интересите на Република Македонија, туку преку Изборниот законик сака исклучиво да ги застапи партиските интереси.

Она што уште еднаш ќе го подвлечам, после оваа расправа која што деновиве се води овде, убеден суд дека следнава година парламентарното мнозинство ќе не убедува дека е добро сега да се смени Уставот.

Овој предложен закон, ваков каков што е, води кон тоа прашање. Овој закон следната година ќе повлече измени на Уставот. Одредени пратеници тоа јавно го кажаа, а останатите колеги пратеници меѓу редови, анализирајќи го предложениот закон, на истото тоа укажуваат.

Она што сметам дека овој закон не требаше да го разгледуваме, и сеуште има време Владата да го повлече, е тоа што предлогот за донесување на законот не произлегоа од реалните потреби на овој момент, туку произлегоа врз основа на одреден политички интерес во даден момент од страна на Владата од страна на одредени пратеници во овој Парламент.

Воопшто не сакам да спорам, и не сум од они што сакам да размислувам дека сум од оние дека во политиката нема лични интереси. Има лични интереси кои што дали ќе бидат после изразување преку одредена политичка партија или пред одредени законски решенија, кои што во даден момент ќе бидат насочени кон остварување на права на одредени групации, но барем тогаш отворено да зборуваме дека тоа е причината за изменувањето на законот.

Вака како што е отворивме политичко прашање кое што сакаме да го решиме преку Изборниот законик. Тоа нема да ни донесе квалитет. Убеден сум и од расправата која што деновиве се води и од меѓусебните конфронтации што произлегоа, кои што навистина беа надвор од предложените законски решенија.

Се плашев и сеуште сум убеден во тоа, расправата ја претворивме во тоа кој е за или против останатите етнички заедници во Република Македонија. Мене ми е драго што можам да почувствувам дека има промени кај одредени политички партии по однос на ова прашање.

Ако случајно ова прашање го предложеа на ваков начин, овие, другите партии што се сега во опозиција, сакате ли сега да ви ја кажам дискусијата на поголемиот број пратеници од ВМРО-ДПМНЕ.

Првото прашање кое што ќе ви го поставеа, ќе речеа а каде се Македонците? Еве, сега јас го поставувам прашањето каде се Македонците во овој закон, иако сум со сосема друга идеологија.

1990-тите кога започнаа да се формираат политичките партии дами и господа, јас бев еден од тие, кои што можеби не првата, но втората политичка партија која што се формираше во Република Македонија, а која што имаше прва политичка програма, тогашната млада прогресивна странка во Република Македонија меѓу оние кои што први започнаа да зборуваат за граѓанско општество во Република Македонија мојот идеал и мојата идеологија беше дека Република Македонија ќе биде граѓанско општество, ќе биде држава на граѓаните на Република Македонија, држава на индивидуата на поединецот со своите квалитети. За жал се повеќе и повеќе се движиме во еден друг правец. За жал, денес се повеќе и повеќе се делиме по етничка линија. Овој закон уште повеќе ќе не подели.

Иако деновиве се изнаслушав дискусии од поединци за мултикултурно општество, за мулти етничко општество, кои што до вчера некој ако го спомнеше тој збор, истите тие луѓе му фрлаа анатема на политичките противници кои што за тоа зборуваа.

Значи, добро е тоа што партии се променија во своите размислувања, но лошо е тоа што размислуваме односно продолжуваме да се делиме.

Господинот Положани зафати една убава теза овде. Кој на следниве избори, дами и господа ќе излезе со граѓанска опција во оваа држава? Кој на следните избори ќе излезе за интересите на граѓаните, пред се на секојдневните, кои што му се во прв план?

Јас воопшто нема да бидам оптеретен за тоа заради тоа што од 1990 година наваму зборувам за тие теми. Затоа што од 1990 година наваму не ми било битно кој како ќе се дели по етничка линија. Затоа што од 1990 година наваму ни еднаш не сум рекол дека ова треба да им се направи на Албанците, ова на Турците, ова на Македонците или не знам што. Но сега се плашам дека перфидно преку вакви закони ќе одиме уште на поголеми поделби.

Искрен да бидам ако не порано, овој период очекував дека на следниве избори 2010 година ќе одиме уште напред и ќе се случи една партија, која што еве да речам условно од македонскиот блок и една партија условно да речам од албанскиот блок уште пред избори ќе излезат на избори во коалиција. Уште тогаш ќе можеме да ги изнесеме нашите програми и да кажеме како ќе

работиме наредните четири години на решавањето на меѓуетничките проблеми. За жал ова дефинитивно за мене е закопана работа. За жал и понатаму ќе имаме ситуации кога после избори кога ќе направат било која, не зборувам сега дали ВМРО-ДПМНЕ, дали СДС, дали ЛДП ќе направи коалиција со една од албанските партии првото прашање оние кои што ќе бидат во опозиција ќе го постават, а што тајно се договоривте со албанската партија. Тоа е она што ме загрижува, тоа е она што ме упатува на заклучокот дека лошо ќе дојде со ваквите законски решенија. Воопшто да немам ништо против против правата на помалите етнички заедници. И, сега сеуште не можам да си одговорам на прашањето зошто премиерот Никола Груевски и Владата ни го предложи ова законско решение во овој момент.

Она што сакав посебно да го потенцирам а треба и сите овде да го апсолвираме е прашањето нема ли да оставиме погрешен впечаток и во јавноста и во домашната и во меѓународната од овие денови дека Македонија има голем проблем со меѓуетничките односи. Јас убеден сум и во тоа имам безброј аргументи дека Република Македонија нема никаков проблем со генерално решавање на прашањата на сите етнички заедници во Република Македонија. Не смееме да си го поставиме самите како проблем, затоа што ќе ни претставува понатаму проблем за европско интегрирање во Република Македонија. Се плашам дека сега тоа веќе го направивме. И сега кога немавме дополнителен услов пред 5 јули, а го добивме со договорот меѓу Груевски и Ахмети, сега ќе добиеме уште еден дополнителен услов. Самите си го направивме тоа.

Убеден сум дека Република Македонија од многу земји, дали во непосредното опкружување, или понастрана, на многу повисоко ниво го има решено прашањето на меѓуетничките односи, има воспоставено повисоки стандарди. Ако е така, зошто тогаш самите си го поставуваме овој проблем и зошто тогаш самите почнуваме да расправаме за ова прашање. Апсолутно ништо против да започнеме разговор онака како што треба, како што доликува во една држава која што доликува во институциите. Ова ќе го потврдам со неколку факти.

Ниедна држава, барем во соседството го нема решено прашањето на волку високо ниво. Македонците имаат проблем во една држава со јазикот, во друга држава со школувањето, во трета држава со прашањата на црквата, сите останати политички заедници немаат никаков проблем, зборувам за генералното решавање на генералните права на етничките заедници.

Ние немаме овде никаков проблем со основните човекови права на етничките заедници. Нашите проблеми што сакаат овде да се изнесат како проблеми на етничките заедници се проблеми на сите граѓани во Република Македонија. Тоа се економските проблеми, стандардот на граѓаните во Република Македонија. Тука нема разлика помеѓу Македонци, Албанци, Турци, Власи, Срби, или како сакате кажете и, нема некој со тоа да ми кажува дека на ваков начин, со ваков закон ќе ги решеле основните права на етничките заедници. Не, ќе се задоволат интересите на одредени групи на претставници на било која заедница овде да зборуваме.

Сакам да прокоментирам уште неколку прашања.

Првиот ден кога барав одлагање на оваа расправа тргнав од основното уставно решение, тоа е преамбулата, и реков, укажав дека со ваквите решенија во Македонија се промовира постоење на два конститутивни народи од една страна и од друга страна помалите етнички заедници. Тоа не е добро ни за помалите етнички заедници, ниту пак за останатите граѓани, бидејќи тоа ќе произведува конфликт во општеството. Драго ми е денес, еве и дел од парламентарното мнозинство што тоа го одржаа, но за жал иако го поддржаа таквото размислување, пак ќе гласаат за Предлогот за донесување на законот. Затоа отворено го поставувам прашањето зошто нема квоти и за албанската етничка заедница. Тогаш ќе зборуваме на подруг начин.

(Некои од пратениците од место дофрлуваат)

Молам, без дофрлување.

(Претседателот ги опоменува со звончето)

Молам, без дофрлување, привршувам.

Основното прашање, односно аргументот кој што овде се изнесуваше е дека треба рамномерно да се застапат интересите на помалите етнички заедници. Се согласувам, но се запрашува ли некој и на друг начин, зошто не се застапени интересите на голем број граѓани по одредени региони.

Во овие 4200 амандмани можеби никој не го забележи мојот амандман, со кој што предложив пратеникот да биде со место на живеење од изборната единица од каде што се вршат изборите. Ако зборуваме за застапување на одредени етнички заедници, го поставуваме ли денес прашањето што Битола од девет пратеници денеска има само три пратеници во овој Парламент. Што денес Неготино нема ниеден пратеник во овој Парламент. Што денес Крушево нема ниеден пратеник во овој Парламент. Делчево, Демир Хисар, Виница и ред други прашања кои што се поставуваат. Тоа ви е популација, да не претерам, но сигурно некаде околу 300 илјади граѓани на Република Македонија. За мене веќе не е воопшто битно етничката припадност за застапување на интересите на граѓаните во Парламентот.

Оттаму мојот страв дека овој Парламент полека, полека, не ми забележувајте дами и господа дека е претворен во скопски парламент. Гледам дека така одат залагањата на поединци.

Сакам да го изнесам и своето мислење по прашањето на дијаспората. Овде мојот став е сосема јасен, јас сум против во овој момент да гласа дијаспората. Покрај многуте аргументи кои што ги предочив во претпладневната расправа и

ги изнесе колегата Жерновски, ќе напоменам уште еден.

Мали држави, со мал број на гласачи, со голема дијаспора може да се случи обратното. Граѓаните во сопствената држава да немаат одлучувачко право кој ќе ја раководи државата. Тоа може да ни се случи.

Со едното прашање зошто воопшто не се спомнува од каде ќе бидат тие кандидати во дијаспората со место на живеење, прашање кое што треба да се расправа, а следното е, министерот рече дека ќе инсистира по пропорционален модел и тројца пратеници од дијаспората. Каков е тој пропорционален модел кога тој ќе биде чисто мнозински?

Од три изборни единици ќе имаме само по еден претставник и тие без разлика, како сакате кажете, тоа е мнозински систем, бидејќи не е пропорционален изборен систем.

Следното прашање е поврзано со дијаспората е колку гласачи моментално има Република Македонија во дијаспората, или пак ќе оставиме тоа прашање дирекно да влијае на следните претседателски избори. Со тоа не се решава прашањето во иднина кој ќе биде претседател на Република Македонија, ајде на ваков начин ќе го разрешиме и ќе ги разрешиме сите амбасадори и ќе ги наполниме кутиите. Тоа отвора само конфликт во општеството. Никаков напредок нема да ни создаде.

Само уште едно прашање по однос на законот.

Овде воопшто не ми се одговори зошто избирачките одбори се прошируваат со партиски војници. Најголемиот проблем во изборите ги правиме токму партиските претставници. Затоа сметам дека треба да го развиваме системот државната администрација да биде во избирачките одбори, но адекватно да бидат платени. И тоа да се знае дека за тоа ќе бидат адекватно платени со однапред утврдени критериуми во законот за изборите и дека ќе му биде составен дел на нивните работни задачи, а за тоа ќе добиваат надоконада во текот на сите 4 години. Иако за 2-3 законски решенија, одредби се произнесов и конкретно сепак мојот став по однос на самиот закон е, овој закон нема да продуцира единство, овој закон наместо да не спојува ќе не раздвојува, и ќе има севкупно негативни последици во Република Македонија. Од тие причини уште еднаш, повторувам дека Владата треба да го повлече, ако не тогаш да не ја изгласаат потребата за донесување на овој закон и да се седне, ако некој има работи што треба да ги договориме сите политички партии, партиципиенти во ова Собрание да изнајдеме заедничко решение. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика е пријавен господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, ќе ве замолам во насока на доброто владение и едношалтерскиот принцип на работење да го дигнете малку пиедесталот на кој зборуваме, да не се наведнувам, ги гледам колегите како чиновници по општините.

Колега Најдовски, во најголем дел од она што го зборувавте јас се согласувам, сакам да ви одговорам на едно од тие две прашања дали има луѓе кои ја застапуваат граѓанската опција? Има. Сметам дека разликата меѓу мене и вас има потреба од носење нов изборен законик или закон. Тој ќе го донесеме, ако не сега, тогаш за три или четири години и треба да го решиме начинот на правење изборни закони со точно определен број пратеници, со датуми, начин на бирање и сл. Тука има место за мегдан, се согласувам. Проблемот е што Владата го предложи овој закон за правата на етничките заедници, а мене не ме праша никој. Јас на пример не се согласувам со тоа дека еден Бошњак треба да има. Кој ми гарантира дека нема повод Турците, Ромите или било кој да гласа за мене, а јас утре ќе бидам еден Бошњак со 50 илјади гласови, а со 10 илјади гласови ќе влезат двајца Роми или тројца Срби и сл.

Има уште нешто, но тоа ќе ви го кажам во текот на мојот говор, што мислам.

Она за што вие поставивте прашање зошто се влошуваат меѓуетничките односи перманентно во Македонија. Тоа ќе го прашате оној што 16 години ја дели Македонија на црвена и сина, на бела и црна. Неговото мото е или нивното мото, бидејќи има политички олигарси и бизнис олигарси во Република Македонија велат вака. Штом вам ви е полошо, мене ми е подобро. Мислам дека одговорот треба да го бараме сите таму. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Можеби не беше ни реплика на господинот Есад Рахиќ, но само ја потврди мојата теза дека на Република Македонија и треба развој на граѓанско општество, и треба развој на општество во кое индивидуата, поединецот со своите квалитети ќе доаѓа до израз, а не да зависи од партиската, етничката или било каква друга припадност. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Господине Најдовски вие знаете колку длабоко ве почитувам, но недопустиво е и токму од вас не очекував неколку тези кои навистина не се во ред особено не во овој момент да се спомнуваат.

Значи, некои велеа ќе им направиме на одредени луѓе нешто, но јас бев таму и не велев, а кои велеа никогаш не кажавте. Никогаш не докажавме иако имаше и слики и видео ленти и можевме да ги извадиме тие што тоа го велеа и да кажеме дали се од ВМРО, дали се од СДСМ,

дали се од ДПА, дали се од ДУИ или од не знам кој.

Имам впечаток дека 2001 година не го прокламиравте она што денес го прокламирате. Се согласувам со се, сакам граѓанска опција, многу одамна голем број луѓе велеа дека таква треба да постои. Но, тезата на два народи ја промовирате повторно вие. Не беше интенцијата на овој закон повторна делба. Интенцијата на овој закон беше давање на право на сите како што еве тука имам една анализа, тоа го прави Словенија, тоа го прави Германија, тоа го прави Полска, па се спомнува Хрватска, Романија, Унгарија и тн. Во тој правец тргнаа. Јас му наоѓам маана на законот, а ќе зборувам многу, и јас се согласувам и за мене е поприфатливо една изборна единица. Јас се согласувам да има квота и за Албанците, но тоа е она што ние требаше денска да го дискутираме, а не дали некој ќе биде и да потенцираме дека некој ќе биде во можност постојано да уценува некоја влада. Ич не е важно дали е ВМРО-вска, дали е СДСМ-овска која од албанските партнери е во коалицијата. Битно е да нема можност за уцена. Битно е да не може некој да го злоупотребува правото што Уставот му го дал. Овде слушнав теза од двете страни дека Охридскиот договор не чини. Дали треба да го ревидираме? Незадоволни едните, незадоволни вторите, незадоволни третите, незадоволни четвртите, тоа ли е интенцијата? Не беше интенцијата на овој закон тоа. Зошто ги отварате темите кои воопшто не треба да ги спомнуваме во моментот. Ние рековме дека се минато. Ако некој не беше 2001 година овде и тогаш не правеше тајни договори со некого, разбирам дека има право да зборува. Јас не велам дека вие сте биле директен учесник во тоа, но, за жал, припаѓате на тој блок и сте требале да бидете информирани. Знаете, за тоа има слики, ленти кој со кого се среќаваше, кој што разговараше, кој каде на планина, под планина, по долина, па сега помина време и ако сакате да ги отвориме сите тези, да ги отвориме. Но, не гледам дали имаме интерес од тоа. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Јаневска, јас се што знам зборувам јавно и отворено. Тоа е првата работа и со тоа не можете да спорите.

Второ, не промовирам јас постоење на два народи. Промовира законот. Законот кој е вака предложен промовира на една страна се Македонците и Албанците кои нема да бидат во квоти, на друга страна се помалите етнички заедници. Мнозинска етничка заедница или народ според преамбулата е македонскиот народ, другите се делови од народ. Ако се делови од народ зошто тогаш, ве прашувам, тоа првиот ден го отворив, за едни делови да има квоти, а за дел од албанскиот народ нема квота. Тоа го продуцира овој закон, не го продуцирам јас. Тоа законот го вели, а ќе го прашате господинот Груевски зошто ова и оние што учествувале во тајните преговори 2001 година вашиот довчерашен другар учествуваше во тоа, што да ви правам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за господинот Петар Поп Арсов, повелете.

(Пратениците Јаневска и Најдовски меѓу себе се расправаат, опоменати се од потпретседателот).

**Петар Поп Арсов:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, почитуван господин Најдовски.

Го почитувам вашиот став, политички став пред се, меѓутоа, би се обидел да ви реплицирам и да ви одговорам на неколку од вашите поставени прашања кои ги поставивте општо пред сите нас пратеници.

Се изјаснивте дека сте против овој закон и дека уште од почетокот се залагавте овој закон воопшто да не биде тема на дневен ред односно да го разгледуваме овој закон.

Рековте дека во основа ви пречи квотата на загарантирани мандати на помалите етнички заедници кои би требало да бидат како мандати од следниот парламентарен состав. Би ви кажал дека тоа се загарантирани мандати на етничките заедници кои ќе бидат претставници на етничките заедници. И ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и останатите партии во кои членуваат повеќе Македонци се граѓански партии и во кои и ден денес имаме актуелни членови кои се од помалите етнички заедници.

Што се однесува до вашето прашање за дијаспората, дали се работи за пропорционален или мнозински систем, се работи за пропоционален систем затоа што според Донтовиот модел влегува првиот. До колку се работи за мнозинскиот, вие треба тоа добро да го знаете затоа што сте искусен пратеник, треба да влезе првиот што добил преку 50% од гласовите, така што е можен втор круг на гласање.

Што се однесува до она што, според мене, ценејќи ја вашата дискусија и дискусиите на најголем број од пратениците од опозицијата излегува дека најсуштинскиот проблем во овој закон не е идниот парламентарен состав и мандатите кои ќе треба да ги добијат етничките заедници и дијаспората, туку денешниот парламентарен состав каде е можна соработка помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата и пратениците од етничките заедници. За вас опасност за ВМРО и коалицијата и за Република Македонија можност да се создаде постабилно парламентарно мнозинство на полесен начин да се носат законите, да се надмине проблемот со Бадентер на некој начин сите оние ваши стратегии што ги покажувате во Парламентот преку запирање на процесите, кочење на процесите, би паднале во вода и би имале помало значење и би останале само резултатите по кои би се мереле, би се избегнале и

излегувале на прес конференции или овде од говорницата постојано да зборувате дека не се донесени европските закони, а кога ќе ги ставиме на дневен ред самите не дозволувате нивно донесување. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Колку што имам време за една минута, господине Поп Арсов мене најмалку можете да ме обвините за кочење. Најмалку 10 пати и имам прдложено да одат прво оние закони со ѕвездички, тоа го одбивате. Тоа е првата работа.

Второ, ве молам, еве видете во стенограмот воопшто не реков дека квотата ми пречи вака како што вие изнесовте. Јас сум против било какви квоти кои ќе не делат по етничка, партиска или било која друга линија. Уште повеќе ми пречат квоти со двоен аршин. Овие квоти се со двоен аршин. Еве ве прашувам отворено зошто нема и за албанската етничка заедница квота? Тогаш сосема поинаку ќе разговараме. Сметам дека доволно разбирате, дали не ве води некаде погрешно или свесно дека Албанците не се земени како квота. Оставам вие да размислите и ако дневно политички ги решаваме прашањата на долгорочна основа, тие нема да бидат стабилни. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор госпоѓа Анита Кипаризовска Крстеска.

**Анита Кипаризовска Крстеска:** Благодарам почитуван потпретседател, почитуван претставник на Владата, почитувани колеги.

Овој период кој преостана од денешниот ден би сакала да го искажам и јас моето мислење во врска со Предлогот за донесување закон за измени и дополнувања на Изборниот законик односно потребата од донесување на овие измени.

Не би сакала да правам ретроспектива на се она што се случуваше изминатите денови, меѓутоа, сепак не можам, а да не спомнам дека беа искажани безброј мислења како од страна на позицијата така и од страна на опозицијата. Се слушаа говори без аргументи, но сепак јас го почитувам сечие мислење, секој пратеник има право на свое мислење и свои искажувања.

Факт е дека од страна на парламентарното мнозинство беа искажувани и од претставникот на Владата, доста аргументи во поддршка на овој закон, но сепак морам да спомнам, иако сеуште не сме дошле до гласање. Според моите убедувања и според говорите на претставниците на опозицијата истата не сакаше да ги слушне и на секој начин се обидуваше да укаже дека нема потреба од донесување на предложените измени и дополнувања. Во многу наврати предлагаше да биде повлечен од дневен ред овој изборен законик.

Морам да кажам дека низа аргументи искажаа претставниците на помалите етнички заедници, меѓутоа, сметам дека и тие беа, според говорите на опозицијата, недоволни да ги убедат претставниците за потребата од донесување на овој закон.

Во текот на целата расправа беа три клучни тези околу кои најмногу имаше дилеми, имаше спротивставени мислења околу водењето на избирачкиот список, околу надлежностите на Државната изборна комисија, гласањето на иселениците, како и правата на етничките заедници да имаат свои претставници.

По мое мислење сметам дека е добро тоа што водењето на избирачкиот список, евиденцијата на избирачкото право се предвидува да премине во надлежност на ДИК, која всушност е орган кој е надлежен за спроведување на изборите. Секако тука ги имам предвид оние укажувања од други земји, претходни препораки од страна на ОБСЕ, како и некои други искуства од некои други земји.

Впрочем, ДИК, факт е дека е составена од членови на опозицијата, исто така ДИК факт е дека спроведе фер и демократски избори во претходниот период така што не гледам никаква пречка овој орган да може во наредниот период до кога трае мандатот на овие членови професионално и чесно, меѓу другото, да го води избирачкиот список, да изврши евиенција на избирачкото право и сите оние неопходни подготовки околу оваа проблематика.

Во поглед на предложените измени кои се однесуваат на гласањето на иселениците и дијаспората на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа и престој во странство исто така сметам дека е добро што ќе се овозможи да гласаат во ДКП на Република Македонија односно во земјите каде живеат и работат.

Во поглед на тоа дали ќе има претходни подготовки, секако дека ќе има, како што образожи претставникот на Владата, ќе бидат усогласени со закон, ќе бидат направени такви подготовки не само декларативно, туку и реално ќе биде овозможено на претставниците на дијаспората да го дадат својот глас и тоа за оние луѓе кои ги познаваат, имаат верба, а секако тоа ќе оди во насока на заштита на нивните права и интереси и тоа како на оние што живеат во Република Македонија така и на оние граѓани кои се на привремена работа и престој во други земји.

Во однос на нивниот број, сметам дека тоа е минимум бројка што се дава имајќи ја во предвид бројноста на дијаспората и би апелирала сепак да не заборавиме дека станува збор за граѓани, за државјани на Република Македонија кои и те како се заинтересирани за Република Македонија, сакаат и можат да придонесат за развој на нашата држава во многу области. Секако и во развојот на демократските процеси на нашата држава.

Исто така овие неколку дена се зборуваше, меѓу другото, беше едно од поактуелните прашања за кое сакам да дадам свое мислење. Најспорното прашање, според многумина, според мене неспорно, најважна, најдемократска и најпозитивна придобивка би била таа во поглед на предложените измени и дополнувања на Изборниот законик, а тоа се секако загарантираните пратенички места за припадниците на помалите етнички заедници.

При тоа не можам, а да не забележам, секако сметам дека го забележа тоа и македонската јавност дека во последните неколку денови тука би го издвемала денешниот ден каде морам да признам дека имаше доста конструктивни расправи и предлози. Во изминатите неколку денови се правеше обид за дискредитација, притисок врз сите етнички заедници од страна на опозицијата. Имаше обиди за дискредитација, започнуваа обидите за дискредитација на личностите, завршуваа секако со етникумот. Тоа беше заради непредложените измени по терк на опозицијата.

Реални и вистински аргументи против таквите решенија не слушнав освен приземни изјави, напади, обвинувања по најразлични основи, извртувања на тези што морам да признам дека во голем дел се мајстори претставниците од позицијата, меѓутоа, тоа е што е.

За неколкудневната дебата против загарантираните места уште повеќе ме убеди дека тие треба да постојат. Сметам дека на тој начин што помалку ќе се има простор за инструментализирање, за искористување на помалите етнички заедници така што нема да има потреба да се наоѓаат на нечија листа, да бидат бирани од нечии претставници односно ќе си ги застапуваат интересите на нивните етнички заедници и сметам дека секој независно ќе може да делува, најдобро да ги брани интересите на својата етничка заедница, на државата и сите тие нешта кои ги засегаат претставниците на помалите етнички заедници.

Следејќи ги расправите исто така чувствував дека претставниците на помалите етнички заедници не ретко се наоѓаат малте не на обвинителна клупа затоа што се бореа цело време за своите права и интереси односно на интересот на помалата етничка заедница. За жал, таквото чувство ми е многу познато и мене.

Јас како Влаинка предложените измени и дополненија на Изборниот законик, ќе доведат до поголема афирмација на помалите етнички заедници, секако и на Влашката етничка заедница. Меѓутоа, никако не можам да се сложам дека тоа ќе оди на штета на политичката клима и сметам дека сето тоа ќе оди во интерес на демократските процеси на нашата држава. Сметам дека ќе има порамноправна претставеност на граѓаните, а исто така тоа е факт дека ваквата порамноправна претставеност бележеле изборни системи кои што се воведувани квоти и во други многу земји, а секако пропишувани со закон. Исто така, загарантираните места на етничките заедници, факт е дека ја зголемуваат подршката на етничката заедница на политичкиот систем во кој што тие делуваат.

За крај, иако во текот на денешниот ден би кажала дека имаше ретерирање во поглед на ставовите од страна на опозицијата дека тие не се против помалите етнички заедници, против загарантираните места. Морам да кажам дека не можам да го сватам и да го прифатам ваквиот отпор и напоменувам дека на никого, па ниту мене, имаше во претходните денови морам да напоменам напади дека наводно од страна на Владата, од страна на парламентарното мнозинство, се правеле обиди да се искараат претставниците на опозицијата со претставниците на помалите етнички заедници, што сметам дека воопшто не е точно.

Понатака, јас тука и со оглед на времето би кажала, дека не ме изненади лично како што кажав и претходно, ваквото однесување, меѓутоа тоа е што е, јас се надевам дека од страна на опозицијата ќе се најде сила, ќе најдат истите доблест, ќе имаат доблест односно да ги подржат, можеби не во оваа фаза во наредната фаза, и добро е законот што ќе се носи во две фази, после овие аргументи искажани во текот на сите изминати денови. Сметам дека ќе најдат сила да ги пдоржат измените и дополнувањата на Изборниот законик.

Сосема за крај, би привршила тука, сметам дека е добро што оваа Влада исто така имаше доблест, демократски капацитет и волја да ги предложи овие измени и дополненија, граѓаните и тоа граѓаните од дијаспората да го имаат своето право на глас, да бидат загарантирани за другите помалите етнички заедници на тој начин што истите ќе го остварат Уставното начело за еднаквост на сите граѓани на Република Македонија да имаат свои претставници во законодавниот дом. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Колку од листата сте за реплика?

Ќе одиме по редоследот како што е на екранот за реплика, прво Есад Рахиќ три минути.

Повелете, господине Рахиќ имате три минути реплика.

**Есад Рахиќ:** Почитувана колешке, колеги пратеници, почитуван заменик минситер.

Десет дена расправаме за потребата од донесување на овој Изборен законик, 10 дена губиме време, а со воз од Брисел до Лондон се стигнува за помалку од 2 часа. Владата покажа доблест, опозицијата покажа заби да го одложи донесувањето на овој закон по итна постапка да оди во две насоки. Мислам дека опозицијата требаше да биде коректна кога тоа го свати и ја однесе победата, се намали во делот на дискусиите и требаше да завршиме пред 3 или 4 дена, а сигурен сум моите колеги од опозицијата и јас имам мислење дека делови од овој закон не

се баш такви какви што треба да бидат, имавме можност не со 4 илјади и 200 амандмани, туку со 42 илјади амандмани да го блокираме носењето на овој закон. Јас сум творецот од таа група што ги спомна поранешниот премиер Бучковски за предлогот тројца да бидат од редовите на дијаспората како парламентарци во овој Парламент. Еве, јас тоа го кажувам јавно прв, проверете во електронските медиуми и сметам дека во тоа време е добро, затоа што вие рековте дека тоа е почеток, меѓутоа ќе ви кажам зошто законо ти тоа ми го понуди опозицијата и вие го прифативте. Е, заради тоа, веројатно е една од причините зошто ќе ви падне законот на Уставен суд. Според Уставот член 9 сите граѓани се рамноправни. Зошто вие на дијаспората, која што сум сигурен дека има 200 илјади Македонци, не ги рачунам овие наши што се од дијаспората, туку што се одитени од тука во Австралија, Канада и Западна Европа, им давате условно само три месеци, им даваме ние во Парламентот, а иста така изборна единица во Република Македонија носи 20 мандати. Значи, во старт ние го кршиме законот. Се сложувам со вас и веројатно колегата Цветко тоа ќе гокаже дека тоа е само почеток. Меѓутоа, дефинитивно треба да размислуваме и да носиме закони кои што нема да носат последици. Затоа, можеби покоректно и поконструктивно ќе беше од нас да се повлечеме да ја изгласаме или да не ја изгласаме потребата од носење на овој закон, а има потреба верувајте без разлика што можеби некој и јас мислев дека се брза со носењето на овој закон, затоа што Владата претпоставувам сакаше да распише вонредни избори во ноември или во март, имајќи го нејзиниот добар рејтинг. Меѓутоа и тоа се решава, се носи закон со одложено дејствие, ќе беше редовен изборот или најмалку една година или две.

Би ве замолил и опозицијата и позицијата да не рониме крокодилски солзи, поплава веќе има во Република Македонија од нашата грижа за етничките заедници. Слободан Најдовски рече дали некој ги гледа граѓаните на Република Македонија, 50% се незадоволни од сите нас овде. Затоа, ќе ве замолам во тој дел да ги скратиме дискусиите, да бидеме малку поискрени кон самите себе си. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути за реплика пратеник господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Прво, со жалење да констатирам дека не успеавме денес да го испочитуваме договореното.

Сега, би реплицирал во три сегменти односно во два сегменти од она што го зборуваше колешката.

Прво, апсурдна е тезата дека членовите на Државната изборна комисија билеод опозицијата. Да ве потсетам дека ВМРО-ДПМНЕ се закани со излегување од Собранието минатата година во март-април, се додека претседателот на Државната изборна комисија не го предложи ВМРО-ДПМНЕ. Тогаш, беше договорено претседателот на Државната изборна комисија да биде од редовите на опозицијата. Кој сака доблесно да работи до сега ќе се потрудеше претседателот на Државната изборна комисија навистина да биде од опозицијата.

Второ, не е вистина дека избирачките списоци преминуваат во Државната изборна комисија. Ако некој го читал законот и дискутирал со прочитан закон, ќе прочита дека таму пишува, Министерството за правда ќе ги даде списоците на Државната изборна комисија кога ќе биде спремна, што не ми се верува дека тоа ќе го направат за првите парламентарни избори кога ќе дојдат на ред.

Третата теза, ако зборуваме за понижување на на етнички заедници, ако зборуваме за узурпирање на правото на една етничка заедница и ако зборуваме за инструментализација на една етничка заедница, тоа го направи нашата колешка. Кога во јуни месец и беше на листата на ВМРО-ДПМНЕ се чувствуваше Македонка. Во август кога тоа му требаше на ВМРО-ДПМНЕ почна да се чувствува или се осети дека е Влаинка. На тој начин се направи и понижување и узурпирање на една етничка заедница. И најмалку некој има право да зборува овде за тоа како се бранат правата на етничките заедници кога има направено такво нешто.

СДСМ и овие денови, не се десетина, се помалку и денес се откажа од дискутантите со единствена цел само еден човек денес да реплицира, да зборува но за жал, не се испочитува тоа, тоа е и договорено, така што не знам утре како ќе продолжиме. Зборуваше овие денови дека својот однос кон етничките заедници го докажа и за разлика од ВМРО-ДПМНЕ на последните избори, во две изборни единици на второ место имал припадници на етнички заедници. СДСМ никогаш не ги терал пратениците од тие што се почувствувале Македонци за на избори да добијат гласови, да ја сменат својата одлука. Ме интересира како колешката и на која листа ќе се појави на изборите во 2010 година. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓа Анета Кипаризовска Крсетска, повелете.

**Анета Кипаризовска Крсетска:** Почитуван колега, најверојатно не сте ме следеле добро во текот на целото мое излагање. Сигурно слушавте за Фершпед и за замрзнувањето на нивниот имот. Меѓутоа, јас би сакала да ви кажам, почитуван колега, дека јас сум горда што сум Влаинка и се чувствувам така, за разлика од вас што не навлегувам во тоа што сте и како сте, меѓутоа се срамите од своето етничко потекло.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи сме на крајот на работното време, а има уште тројца за реплики претпоставувам, тоа ќе ни одземе уште 20 минути. Да бидеме колегијални и ако може да ги

дослушаме уште тројцата коелги што се за реплика и со тоа ќе завршиме.

Бидејки, имаме легитимно барање од вас, од партиите од албанскиот блок за да работиме до 17,30 часот, во тој случај најдобро е утре да почнеме со вашите реплики, за да си имате точно по три минути.

Денес, коелги, завршуваме, утре во 10,30 часот продолжуваме со истата седница. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,33 часот)